**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ВО СКОПЈЕ**

ISSN-1857-9779

# Б И Л Т Е Н

**НА**

**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ВО СКОПЈЕ**

**Број 1138**

**Скопје, 16 јануари 2017 година**

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

Ул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**

**проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ, ректор**

**Уредник на Билтенот: Томислав БАШЕВСКИ**

**Лектор: Весна Илиевска - Цветановска**

Бр. ____________

_5.8. 2013_

Скопје

**Предмет: Материјали за Билтенот за објавување на веб-страницата на УКиМ**

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања, рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа, прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми, рецензиите на учебници и учебни помагала, како и рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”. По објавување на материјалите на веб-страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги доставаат на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во **електронска форма**.

Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт **Georgia**. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со корегирани знаци во италик формата за македонските букви ‘***g***’, ‘***ū***’, ‘***ш̄***’, ‘***ī***’ може да се добие во компјутерскиот центар на УКиМ на барање на факултетот. Исто така, таму може да се добие софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач кога работи под Windows XP оперативниот систем при притискање на копчето ‘`’ во македонска поддршка да се добие знакот ‘**ѐ**’, а при притискање на копчето ‘~’ во македонска поддршка да се добие знакот ‘**ѝ**’.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на веб-страницата, ве молиме, рефератите откако ќе бидат лекторирани, да ја доставите оригиналната верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија да ја доставите на e-mail адресата: t.basevski@ukim.edu.mk (so mali bukvi).

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број, туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе ја добиеме бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**УКИМ-Ректорат**

Изготвил:Т.Б.

Одобрил:К.М.

**Содржина на Билтен број 1138 од 16 јануари 2017 година**


**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област теорија на конструкциите на Градежниот факултет во Скопје **(д-р Грозде Алексовски)**........................................................................8-17

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Машинскиот факултет во Скопје **(Ѓорѓи Каралиев, Мила Перчинкова, Игор Зафировски, Дарко Блажевски)**......................................................................18

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Практикум по микробиологија и имунологија за студентите по дентална медицина** од **група автори** од Катедрата за микробиологија на Медицинскиот факултет во Скопје..................................19-22
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Дијагноза и прогноза на коронарна артериска болест кај асимтоматски пациенти со умерен и висок кардиоваскуларен ризик: улога на биомаркери и техники на миокардна визуелизација** од **д-р Ирена Митевска,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.................................................................23-33

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Превенција и репресија за казнените дела против јавниот ред и мир** од **м-р Марјан Кицев,** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.....................34-39
2. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(м-р Моника Ковачевска, м-р Душан Босиљанов)**............................................................................................40
3. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(Јордан Апостолски, Александар Богоевски, Благој Бањански, Татјана Баевска Вучковиќ, Татјана Васиќ Бозаџиева, Оливер Китаноски, Верица Тргачевска, Иван Чашларов, Ангела Тилева, Сандра Илиевска, Гала Насева, Ангела Лазаревска, Габриела Трајкова, Јехона Рамадани)**............................41-43

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Стоматолошкиот факултет во Скопје **(д-р Филип Конески)**.......................................................44

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје **(Јована Тодоровска, Нинослав Јанковски)**...................................................................45

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**

2. Реферат за избор на наставник во сите звања без засновање на работен однос во наставно-научната област (дисциплина) театрологија – актерска игра на Факултетот за драмски уметности во Скопје **(м-р Александар Степанулески)**....................................................................................46-56

3. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) театрологија – сценски говор со техника на глас на Факултетот за драмски уметности во Скопје **(м-р Бесфорт Идризи)**......57-64

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) овчарство на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје **(д-р Кочо Порчу)**......65-82
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Влијанието на некои хербициди врз степенот на заплевеленост на компирот и приносот** од **м-р Алирами С. Салији,** пријавена на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје......83-90

**ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Лесна криптографија од перспектива на теоријата на квазигрупи од м-р Христина Михајлоска,** пријавена на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје......91-96

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите цртање и сликање на Катедрата за сликарство на Факултетот за ликовни уметности во Скопје **(м-р Благоја Маневски)**......97-107
2. Реферат за избор на наставник во сите звања по предметите: сликарска технологија, сликарски техники и конзервација и реставрација на Катедрата за сликарство на Факултетот за ликовни уметности во Скопје **(м-р Блаже Кузмановски)**......108-124
3. Реферат за повторен избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите цртање и сликање на Катедрата за сликарство на Факултетот за ликовни уметности во Скопје **(м-р Јован Шумковски)**......125-135

**ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) биотехнологија, фармацевтска технологија со индцустриска фармација, под број 30616 според класификацијата на научни области, полиња и гранки на истражување, усогласена со стандардите на OECD и UNESKO; микро/нанотехнологија, под број 30616 според класификацијата на научни области, полиња и гранки на истражување, усогласена со стандардите на OECD и UNESKO на Фармацевтскиот факултет во Скопје **(д-р Рената Славеска Раички)**......136-176
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Хемиска карактеризација и биолошко-фармаколошка активност на Chenopodium botrys и Chenopodium album (Amarnthaceae) од флората на Република Македонија** од **м-р Љубица Аџи Андов,** пријавена на Фармацевтскиот факултет во Скопје......177-184

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Координацијата како менаџерска функција во средното образование во Република Македонија за ефикасно образование** од **м-р Јулија Гајдаџиева,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје......185-191

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Шаманизмот како културен остаток во македонската народна традиција** од **м-р Ана Витанова Рингачева,** пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.............................................192-200
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(Ангела Славкова, Абдулах Алили)**..............................201

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

3. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје **(Александра Христов, Кристина Најдоска, Лејља Ариф, Фатмир Мустафа)**..........................................................................................................202-203

**ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСКО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметот планирање и проектирање на транспортни системи и други инфраструктурни системи во сеизмички региони во Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје (**д-р Марија Витанова)**.................204-219

**ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР „МАРКО ЦЕПЕНКОВ“**

1. Реферат за избор во научно звање – научен советник во наставо-научната област (дисциплина) етнологија и фолклористика на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје **(д-р Зоранчо Малинов)**..........................................220-231

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТЕОРИЈА НА КОНСТРУКЦИИТЕ НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Koha E Re“ од 3. XII 2016 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област теорија на конструкциите, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-2/136-167, донесена на 445. седница одржана на 28. XII 2016 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: м-р Станислав Миловановиќ, редовен професор во пензија на Градежниот факултет во Скопје, д-р Ѓорги Кокаланов, редовен професор во пензија на Градежниот факултет во Скопје и д-р Санде Атанасовски, редовен професор во пензија на Градежниот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област теорија на конструкциите, во предвидениот рок се пријави д-р Грозде Алексовски.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот вонреден проф. д-р Грозде Алексовски е роден на 8. V 1955 година, во с. Страцин, Кратово. Средно образование завршил во Скопје, а четврта година и матура во гимназијата „Прери Фарм“ во Висконсин, САД, во 1974 година. Со високо образование се стекнал во Скопје, на Градежниот факултет. Дипломирал на 19. I 1980 година, со просечен успех 9,49.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 1980/1981 година се запишал на (магистерски) студии на Градежниот факултет, на конструктивната насока. Студиите ги завршил на 22. VI 1987 година, со просечен успех 9,92. На 25. IX 1987 година го одбранил магистерскиот труд на тема: „Математички модел за проектирање на челични решеткасти конструкции со минимална маса“.

Докторска дисертација пријавил на 23. X 2001 година на Градежниот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: „Методот на хомогенизација во анализата на конструкциите“ ја одбранил на 23. IV 2007 година, пред Комисија во состав: м-р Станислав Миловановиќ, редовен професор на Градежниот факултетево Скопје, д-р Ѓорги Кокаланов, редовен професор на Градежниот факултет во Скопје, д-р Санде Атанасовски, редовен професор во на Градежниот факултет во Скопје, д-р Лилјана Стефановска, редовен професор на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје и д-р Лилјана Денковска, редовен професор на Градежниот факултет во Скопје. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на технички науки.

На 12. VII 2007 година е избран во звањето доцент на Градежниот факултет во Скопје, во областа теорија на конструкциите.

Во моментот е вонреден професор на Градежниот факултет. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на Универзитетот бр. 1029 од 17. IV 2012 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 922 од 15. VI 2007 година и 1029 од 17. IV 2012 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Градежен факултет во Скопје, кандидатот д-р Грозде Алексовски изведува настава и вежби на прв и втор циклус студии на студиската програма градежништво и на прв циклус на студиските програми геотехника и геодезија, сите на Градежниот факултет во Скопје.

Кандидатот бил ментор на 32 дипломски труда.

Кандидатот учествувал како член во комисија за оцена/или одбрана на 66 дипломски и 15 магистерски трудови, како и на една докторска дисертација.

Кандидатот е автор на пакет материјали за предметот метод на конечни елементи.

Другите активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, а кои се релевантни за изборот се наведени во табелата во Анекс 2 (член 2 од Правилникот за избор) со датуми и други релевантни податоци.

### Научноистражувачка дејност

Д-р Грозде Алексовски има објавено вкупно 7 научни трудови од потесната област на истражување, од кои сите се трудови во зборници од научни собири со меѓународен уредувачки одбор.

Д-р Грозде Алексовски учествувал како член во еден научен проект.

Кандидатот бил ментор на 4 одбранети магистерски труда.

Другите активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, а кои се релевантни за изборот, наведени се во табелата во Анекс 2 (член 3 и член 4 од Правилникот за избор), со датуми и други релевантни податоци.

### Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Грозде Алексовски активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Градежниот факултет и во компании од областа на проектирање на објекти од градежништвото. Врши стручна ревизија на основни градежно-конструктивни проекти – фаза: статика со сеизмика.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на стручни комисии и работни групи при Градежниот факултет и Институтот за стандардизација:

- Комисија за самоевалуација на Градежниот факултет - претседател;
- Работна група ТК40 при Институтот за стандардизација на РМ за примена на Еврокодовите.

Бил член на 4 рецензентски комисии за избор на лица во наставно-научно звање.

Во изборниот период, д-р Грозде Алексовски учествувал во изготвување и пријавување на еден научен проект на Градежниот факултет во Скопје. Во моментов е член на Одборот за доделување на наградата „Гоце Делчев“.

Другите активности кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност, а кои се релевантни за изборот, наведени се во табелата во Анекс 2 (член 5 од Правилникот за избор), со датуми и други релевантни податоци.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот д-р Грозде Алексовски, во континуитет во последните 5 години, добива позитивни оценки (во просек 9,58/10) од анонимно спроведената анкета на студентите на Градежниот факултет во Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Грозде Алексовски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Грозде Алексовски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето редовен професор во научната област теорија на конструкциите.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, д-р Грозде Алексовски да биде избран во звањето редовен професор во научната област теорија на конструкциите.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Проф. м-р Станислав Миловановиќ с.р.**
2. **Проф. д-р Ѓорги Кокаланов с.р.**
3. **Проф. д-р Санде Атанасовски с.р.**

**АНЕК С 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Грозде Благоје Алексовски**

**Институција:** **Градежен факултет - Скопје**

**Научна област:** **градежно-конструкторство**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста | | | | | | Поени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

***I циклус на студии - предавања***

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Информатика (2+3), зимски 2012/13 | 1,2 |
| 2 | Теорија на плочи и лушпи (3+2), летен 2012/13 | 1,8 |
| 3 | Информатика (2+3), зимски 2013/14 | 2,4 |
| 4 | Како функционираат градбите (2+0), зимски 2013/14 | 1,2 |
| 5 | Теорија на плочи и лушпи (3+2), летен 2013/14 | 1,8 |
| 6 | Основи на информатика (Геодезија) (2+3), летен 2013/14 | 1,2 |
| 7 | Како функционираат градбите (2+0), летен 2013/14 | 1,2 |
| 8 | Метод на конечни елементи (3+2), зимски 2014/15 | 1,8 |
| 9 | Како функционираат градбите (2+0), зимски 2014/15 | 1,2 |
| 10 | Теорија на плочи и лушпи (3+2), летен 2014/15 | 1,8 |
| 11 | Како функционираат градбите (2+0), летен 2014/15 | 2,4 |
| 12 | Основи на информатика (Геодезија) (2+3), летен 2014/15 | 1,2 |
| 13 | Метод на конечни елементи (3+2), зимски 2015/16 | 1,8 |
| 14 | Како функционираат градбите (2+0), зимски 2015/16 | 1,2 |
| 15 | Теорија на плочи и лушпи (3+2), летен 2015/16 | 1,8 |
| 16 | Како функционираат градбите (2+0), зимски 2016/17 | 2,4 |
| 17 | Метод на конечни елементи (3+2), зимски 2016/17 | 1,8 |

***I циклус на студии - вежби***

| | | |
|---|---|---|
| 18 | Метод на конечни елементи (3+2), зимски 2012/13 | 0,9 |

***II циклус на студии - предавања***

| | | |
|---|---|---|
| 19 | Оптимизација на конструкции (2+2), зимски 2012/13 | 1,5 |
| 20 | Метод на конечни елементи (3+2), летен 2012/13 | 2,25 |
| 21 | Оптимизација на конструкции (2+2), зимски 2013/14 | 1,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 22 | Теорија на површински носачи (3+2), зимски 2013/14 | 2,25 |
| 23 | Оптимизација на конструкции (2+2), зимски 2014/15 | 1,5 |
| 24 | Теорија на површински носачи (3+2), зимски 2014/15 | 2,25 |
| 25 | Метод на конечни елементи (3+2), летен 2014/15 | 2,25 |
| 26 | Оптимизација на конструкции (2+2), зимски 2015/16 | 1,5 |
| 27 | Теорија на површински носачи (3+2), зимски 2015/16 | 2,25 |
| 28 | Метод на конечни елементи (3+2), летен 2015/16 | 2,25 |
| 29 | Оптимизација на конструкции (2+2), зимски 2016/17 | 1,5 |
| 30 | Теорија на површински носачи (3+2), зимски 2016/17 | 2,25 |
| 31 | Метод на конечни елементи (3+2), летен 2016/17 | 2,25 |

***II циклус на студии - вежби***

| | | |
|---|---|---|
| 32 | Оптимизација на конструкции (2+2), зимски 2012/13 | 0,9 |
| 33 | Оптимизација на конструкции (2+2), зимски 2013/14 | 0,9 |
| 34 | Оптимизација на конструкции (2+2), зимски 2014/15 | 0,9 |
| 35 | Оптимизација на конструкции (2+2), зимски 2015/16 | 0,9 |

***Консултации со студенти***

| | | |
|---|---|---|
| 36 | Зимски 2012/13, 214 студенти | 0,428 |
| 37 | Летен 2012/13, 75 студенти | 0,15 |
| 38 | Зимски 2013/14, 123 студенти | 0,246 |
| 39 | Летен 2013/14, 175 студенти | 0,35 |
| 40 | Зимски 2014/15, 115 студенти | 0,23 |
| 41 | Летен 2014/15, 235 студенти | 0,47 |
| 42 | Зимски 2015/16, 246 студенти | 0,492 |
| 43 | Летен 2015/16, 36 студенти | 0,072 |
| 44 | Зимски 2016/17, 276 студенти | 0,552 |
| 45 | Летен 2016/17, 34 студенти | 0,068 |
| 46 | Ментор на дипломска работа (32 студенти) | 6,4 |
| 47 | Член на комисија за оцена или одбрана на магистерска работа (15 студенти) | 4,5 |
| 48 | Член на комисија за одбрана на докторат (Гајур Кадриу) | 0,5 |
| 49 | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (66 студенти) | 6,6 |
| 50 | Пакет материјали за предметот метод на конечни елементи | 1 |
| | **Вкупно:** | **80,26** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста | | | | | Поени |
|---|---|---|---|---|---|---|

***Ментор на магистерски работи***

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Милош Стокуќа (Споредбена анализа на влијанието на ветерот кај високи објекти) | 1 |
| 2 | Бранко Јосифов (Модели на решетка за пресметување на конструктивни детали) | 1 |
| 3 | Јоне Разме Јанкоски (Параметарски алатки за структурална оптимализација на архитектонска форма) | 1 |
| 4 | Арбен Емини (Споредба на Еврокод 1: дел 1-1 со актуелните македонски стандарди) | 1 |

***Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборници на трудови од научен/ стручен собир со меѓународен уредувачки одбор***

| | | |
|---|---|---|
| 5 | Статичка анализа на браната „Св. Петка“ за фаза на прво полнење на акумулацијата, Трет конгрес за брани на ЗМКГБ, 2013 | 2,7 |
| 6 | Изградба на браната „Св. Петка“, Трет конгрес за брани на ЗМКГБ, 2013 | 1,8 |
| 7 | Реализација на проектот за подготовка и прво полнење на акумулацијата „Св. Петка“,Трет конгрес за брани на ЗМКГБ, 2013 | 1,8 |
| 8 | Анализа на придружните објекти на брана „Речани“,Трет конгрес за брани на ЗМКГБ, 2013 | 2,4 |
| 9 | Напонско деформациона анализа на браната „Св. Петка“ за фаза на прво полнење на акумулацијата, 13ти Симпозиум на ДГКМ, 2013 | 2,7 |
| 10 | Математички модел за статичка анализа на лачни брани во фаза инектирање на радијалните фуги, 13ти Симпозиум на ДГКМ, 2013 | 2,7 |
| 11 | Хидросистем „Св. Петка“ – Изградба и реализација на проектот, 13ти Симпозиум на ДГКМ, 2013 | 1,8 |
| 12 | Parametric Tool for Form-finding Structural Optimization, GNP2016, Zabljak, 2016 | 2,7 |
| **Вкупно:** | | **22,60** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста | | | | | | Поени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

***Основни проекти***

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Основен проект за зајакнување на објект во с. Брвеница, Тетово, 2012 | 4 |
| 2 | Основен градежно-конструктивен проект за Богословски факултет, Охрид, 2012 | 4 |
| 3 | Основен градежно-конструктивен проект за станбен објект на ул. Тримпаре, Скопје, По+Пр+4, 2012 | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| 4 | Проект на изведена состојба за браната ОТОВИЦА кај Велес, фаза: статичка и сеизмичка анализа на телото на браната, 2012 | 4 |
| 5 | Основен градежно-конструктивен проект за гасна централа за Везе Шари, Желино, Тетово, 2013 | 4 |
| 6 | Основен проект за санација на круната на браната ЛИПКОВО кај Куманово, 2013 | 4 |
| 7 | Основен градежно-конструктивен проект за објект „Трафостаница-1“, Куманово, 2013 | 4 |
| 8 | Основен проект за контролна статичка анализа на браната „Св. Петка“ за фаза на инектирање на радијалните фуги, 2013 | 4 |
| 9 | Основен проект за контролна статичка анализа на браната „Св. Петка“ за фаза на прво полнење на акумулацијата“, 2013 | 4 |
| 10 | Основен градежно-конструктивен проект за водна кула на браната „Речани“, 2013 | 4 |
| 11 | Основен градежно-конструктивен проект за зафатната градба на браната „Речани“, 2013 | 4 |
| 12 | Основен гардежно-конструктивен проект за објектот Затворачница на браната „Речани“, 2013 | 4 |
| 13 | Основен проект за дефинирање на гранични вредности за оскултација на браната „Св. Петка“, 2015 | 4 |
| 14 | Основен градежно-конструктивен проект за станбена зграда на ул. Фетка Наскова бр. 20, Куманово, П+5, 2016 | 4 |
| 15 | Основен градежно-конструктивен проект за станбена зграда на ул. Ѓуро Ѓаковиќ, Куманово, П+6+Пк, 2016 | 4 |
| 16 | Основен проект на изведена состојба на браната Матка, 2016 | 4 |

***Ревизија на основни проекти***

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Ревизија на основен градежно-конструктивен проект за станбено деловен објект, блок 14.12, Скопје, 2012 | 1 |
| 2 | Ревизија на основен градежно-конструктивен проект за заеднички станбен објект со деловна намена на бул. Водњанска бр. 20, КП 469, 3, Скопје, 2012 | 1 |
| 3 | Ревизија на основен градежно-конструктивен проект за доградба на деловен простор на КП 235/1 КО Визбегово, 2012 | 1 |
| 4 | Ревизија на основен градежно-конструктивен проект за адаптација на проодна тераса на станбен објект на ул. Копачка бр. 16, нас. Козле - Скопје, 2012 | 1 |
| 5 | Ревизија на основен градежно-конструктивен проект за мултифункционален хотелски комплекс, 2По+Пр+8, ул. Б.С. Бато, Општина Тетово, 2012 | 1 |
| 6 | Ревизија на основен градежно-конструктивен проект за реконструкција на кров и адаптација во станбен простор, ул. 11 октомври бр. 6/1, КП 1634 КО Велес, 2012 | 1 |
| 7 | Ревизија на основен градежно-конструктивен проект за заеднички станбен објект на ул. Фредерик Шопен бр. 7, Скопје, 2012 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 8 | Ревизија на основен градежно-конструктивен проект за објект за деловна намена во КО Визбегово, КП 1624/2, 2012 | 1 |
| 9 | Ревизија на основен градежно-конструктивен проект за мултифункционален објект, КО Тетово, 2013 | 1 |
| 10 | Ревизија на основен градежно-конструктивен проект за објект Ибе Паликуќа, Скопје, 2013 | 1 |
| 11 | Ревизија на основен градежно-конструктивен проект за објект „Вила Чаир“, Скопје, 2013 | 1 |
| 12 | Ревизија на основен градежно-конструктивен проект за производна хала на Џонсон Контрол, ТИРЗ Штип, 2013 | 1 |
| 13 | Ревизија на основен градежно-конструктивен проект за станбен објект По+Пр+2+Пк, ГП 20 40, Хром, Општина Ѓорче Петров - Скопје, 2014 | 1 |
| 14 | Ревизија на основен градежно-конструктивен проект за станбено деловен објект (Белата палата), КП 989, КО Центар 1, 2014 | 1 |
| 15 | Ревизија на основен градежно-конструктивен проект за кафе бар со пратечки содржини за тениски терени во спортски комплекс Јане Сандански, 2014 | 1 |
| 16 | Ревизија на основен градежно-конструктивен проект за надградба и реконструкција на градски трговски центар Штип, 2014 | 1 |
| 17 | Ревизија на основен градежно-конструктивен проект за објект „Трафостаница 2“, Куманово, 2014 | 1 |
| 18 | Ревизија на основен градежно-конструктивен проект за станбено деловен објект на ул. Балзакова, Кисела Вода - Скопје, 2014 | 1 |
| 19 | Ревизија на основен градежно-конструктивен проект за надградба на колективна станбена зграда, бул. Партизански одреди Скопје, 2014 | 1 |
| 20 | Ревизија на основен градежно-конструктивен проект за надградба на повеќесемејна зграда, По+Пр+2+Пк, КП 3314, КО Карпош, Скопје, 2015 | 1 |
| 21 | Ревизија на основен градежно-конструктивен проект за сала за свадби во Хиподром, ул. Новопроектирана бр. 2, КО Маџари, КП 2138-1, Општина Гази Баба - Скопје, 2015 | 1 |
| 22 | Ревизија на основен градежно-конструктивен проект за зајакнување на конструкцијата на деловна зграда Охрид, 1 кат на ул. Македонски просветители бр. 19 - Охрид, 2015 | 1 |
| 23 | Ревизија на основен градежно-конструктивен проект за станбен објект на ул. Балканска бб - Скопје, КП 832, КО Кисела Вода 1, Скопје, 2015 | 1 |
| 24 | Ревизија на основен градежно-конструктивен проект за станбен објект По+Пр+5+Пк, ул. Коле Неделковски бр. 46, Општина Центар - Скопје, 2015 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 25 | Ревизија на основен градежно-конструктивен проект за индивидуална семејна куќа По+Пр+1, КО 6076/1, КО Штип-3, нас. Леваци, 2015 | 1 |
| 26 | Ревизија на основен градежно-конструктивен проект за индивидуална семејна куќа По+Пр+1, КО 6074/1, КО Штип-3, нас. Леваци, 2015 | 1 |
| 27 | Ревизија на основен градежно-конструктивен проект за заштита на длабока темелна јама, Sky City Mall, 3Г+П+2, Скопје, 2015 | 1 |
| 28 | Ревизија на основен градежно-конструктивен проект за надградба на заеднички станбен објект на КП бр. 15089/2, КО Охрид 3, 2015 | 1 |
| 29 | Ревизија на основен градежно-конструктивен проект за семејна станбена зграда - објект 2, на ул. Панче Пешев бр. 31, Куманово, 2016 | 1 |
| 30 | Ревизија на основен градежно-конструктивен проект за семејна станбена зграда - објект 3, на ул. Панче Пешев бр. 31, Куманово, 2016 | 1 |
| 31 | Ревизија на основен градежно-конструктивен проект за конгресен центар со универзална сала, Скопје, 2016 | 1 |
| 32 | Ревизија на основен градежно-конструктивен проект за реконструкција, адаптација, доградба и надградба на хотелски комплекс, КП 2848/1, КО Коњско - Охрид, 2016 | 1 |

***Дејности од поширок интерес***

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Член на организационен одбор на научен/стручен собир (14 и 15. Симпозиум на ДГКМ) | | | | 2 |
| 2 | Изготвување и пријавување на научен национален проект | | | | 0,5 |
| 3 | Раководител на внатрешна организациона единица (самоевалуација) | | | | 3 |
| 4 | Член на комисија за избор во звање (4) | | | | 0,8 |
| 5 | Награда на маучни достигнувања од струкова организација (КОИ Александар - Цане Ангелов) | | | | 3 |
| 6 | Член на Технички комитет ИСРМ ТК 40 - Еврокодови | | | | 1 |
| 7 | Член на Државна комисија за брани на РМ | | | | 1 |
| 8 | Член на Одборот за доделување на наградата „Гоце Делчев“ | | | | 1 |
| | **Вкупно:** | | | | **108,30** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 80,26 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 22,60 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 108,30 |
| **ВКУПНО** | **211,16** |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. м-р Станислав Миловановиќ, претседател с.р.
2. Проф. д-р Ѓорги Кокаланов, член с.р.
3. Проф. д-р Санде Атанасовски, член с.р.

П Р Е Г Л Е Д

на теми за изработка на магистерски труд прифатени од

Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје

на седницата одржана на 15.12.2016 година

**Магистерски трудови**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Ѓорѓи Каралиев | Оптимизација и избор на топлификациони когенеративни термоенергетски постројки | Optimization and selection of heating cogeneration thermal power plants | Проф. д-р Доне Ташевски | 02-2779/2 15.12.2016 год. |
| 2. | Мила Перчинкова | Анализа на перформансите на набавките за управување со технички проекти | Performances analysis of the purchases for management of technical projects | Проф. д-р Валентина Гечевска | 02-2568/2 15.12.2016 год. |
| 3. | Игор Зафировски | Истражување и оптимизација на техничките параметри на термоенергетските постројки од аспект на подобрување на ефикасноста и безбедноста | Investigation and optimization of technical parameters of thermal power plants in terms of efficiency and safety improvement | Проф. д-р Ристо Филкоски | 02-2686/2 15.12.2016 год. |
| 4. | Дарко Блажевски | Концепт на енергетски самоодржлива постројка за подготовка на санитарна вода | Concept for energy self-sustainable sanitary water plant | Проф. д-р Зоран Марков | 02-2733/2 15.12.2016 год. |

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО МИКРОБИОЛОГИЈА И ИМУНОЛОГИЈА ЗА СТУДЕНТИТЕ ПО ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА” ОД ГРУПА АВТОРИ ОД КАТЕДРАТА ЗА МИКРОБИОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на Одлуката донесена на 1. редовна седница на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет одржана на 14. 11. 2016 година, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебното помагало ПРАКТИКУМ ПО МИКРОБИОЛОГИЈА И ИМУНОЛОГИЈА ЗА СТУДЕНТИТЕ ПО ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА од авторите: проф. д-р Милена Петровска, проф. д-р Никола Пановски, проф. д-р Каќа Поповска, проф. д-р Елена Трајковска-Докиќ, проф. д-р Жаклина Цековска, проф. д-р Гордана Јанкоска, н. сор. д-р Весна Котевска, доц. д-р Ана Кафтанџиева, доц. д-р Татјана Грданоска, н. сор. д-р Маја Јурхар Павлова, ас. д-р Гордана Мирчевска, ас. д-р Лилјана Лабачевска, ас. д-р Кирил Михајловски, уредник: проф. д-р Гордана Јанкоска, наменет за студентите на додипломските студии по дентална медицина, избрани се проф. д-р Сунчица Петровска и проф. д-р Марија Крстевска.

По добивањето на ракописот од учебникот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. ОПШТ ДЕЛ

**<u>Основни податоци за ракописот</u>**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Практикум по микробиологија и имунологија за студентите по дентална медицина |
| **Назив на предметната програма:** | Микробиологија и имунологија |
| **Назив на студиската програма:** | Додипломски студии по дентална медицина на Стоматолошкиот факултет |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити:** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | 90 часа (теорија 60 : практика 30)<br>8 ЕКТС- кредити |
| | |

<table>
<tr><td colspan="3">Предметот микробиологија и имунологија на Стоматолошкиот факултет е задолжителен (изборен/<u>задолжителен</u>) предмет со фонд на часови 90, број на ЕКТС-кредити 8 и се слуша во трети семестар.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Реден број на изданието:</td><td>Прво издание (приспособен според наставната програма)</td></tr>
<tr><td>Општи податоци за ракописот:</td><td colspan="2">Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 114 страници, 216673 карактери во формат А4, напишани на компјутер, со големина на фонтот - 12. Текстот е поделен во 11 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 104 слики и 40 табели.</td></tr>
</table>

**Рецензентска комисија,**

1. Проф. д-р Сунчица Петровска с.р.
2. Проф. д-р Марија Крстевска с.р.

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТИТЕ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот е систематизиран во содржина од 10 поглавја, согласно со вежбите за практична настава од предметот микробиологија и имунологија:1.Однесување во микробиолошката лабораторија; Запознавање со работата во микробиологијата – начин на поставување на микробиолошка дијагноза; 2. Микроскопско испитување: Видови микроскопи; Изработка и микроскопирање на нативни препарати; Боење на микроорганизмите и микроскопирање на обоени препарати; 3. Културелно испитување: аеробни и анаеробни култури; Најчесто употребувани биохемиски реакции и автоматизираниметоди; 4.Серолошки и молекуларни техники во микробиологија; Аглутинација, преципитација, ЕЛИСА, имунофлуоресценција; Полимераза верижна реакција; Вирусолошка дијагноза; 6. Поигени коки 1-Стафилококи; род *Streptococcus*: Бетахемолитични, вириданс стрептококи, *Streptococcus pneumonia; 7.* Пиогени коки 2: Најсерии; дијагноза на инфекции на респираторен тракт; *Mycobacterium, Corynebacterium, Legionella, Mycoplasma; 8.* Бактерии што учествуваат во патогенеза на кариес и парадонтални болести; Техники на анаеробна култивација; *Bacterioides, Fuzobacterium, Prevotella, Lactobacillus, Treponema* (*denticola* и *vincenti), Actynomices* и др. 9. Ентеробактерии и спорогени бактерии: *E.coli, Klebsiela, Proteus, Salmonela* и *Shigela*, *Clostridium* и *Bacillus; 10.* Дијагностички методи за вируси значајни во стоматологијата: HIV, HBV, HSV; Дијагноза на габични инфекции: *Candida albicans* и *non-albicans*. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот е соодветен и одлично усогласен со предметната програма за додипломските студии по дентална медицина. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Нема |

| | |
|---|---|
| | |
| **Оцена на ракописот:** | Овој ракопис е напишан со лесен стил и е лесно разбирлив за студентите по дентална медицина и истовремено овозможува практична примена на знаења и вештини засновани врз содржината од предметот микробиологија и имунологија. |
| **Категоризација:** | Учебно помагало |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 114 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 11 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 104 слики и 40 табели. |

Врз основа на изнесеното, Комисијата има чест и задоволство овој ракопис да го поддржи и да го предложи да се отпечати како учебник по предметот микробиологија и имунологија, примарно наменет за студентите на додипломските студии по дентална медицина на Стоматолошкиот факултет.

**Рецензентска комисија,**

1. Проф. д-р Сунчица Петровска с.р.

2. Проф. д-р Марија Крстевска с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА, ДИЈАГНОЗА И ПРОГНОЗА НА КОРОНАРНА АРТЕРИСКА БОЛЕСТ КАЈ АСИМПТОМАТСКИ ПАЦИЕНТИ СО УМЕРЕН И ВИСОК КАРДИОВАСКУЛАРЕН РИЗИК: УЛОГА НА БИОМАРКЕРИ И ТЕХНИКИ НА МИОКАРДНА ВИЗУЕЛИЗАЦИЈА" ОД Д-Р ИРЕНА МИТЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 14.11.2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката д-р Ирена Митевска со наслов „Дијагноза и прогноза на коронарна артериска болест кај асимптоматски пациенти со умерен и висок кардиоваскуларен ризик: улога на биомаркери и техники на миокардна визуелизација", во состав: проф. д-р Сашко Кедев (претседател), проф. д-р Наталија Долненец-Банева (ментор), проф. д-р Самоил Садикарио (член), проф. д-р Елизабета Србиновска Костовска (член), и проф. д-р Милка Здравковска (член). Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

## АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидтката д-р Ирена Митевска, со наслов „Дијагноза и прогноза на коронарна артериска болест кај асимптоматски пациенти со умерен и висок кардиоваскуларен ризик: улога на биомаркери и техники на миокардна визуелизација", содржи 172 страници компјутерски обработен текст, со 1,5 проред, големина на букви 12 и 225 биографски единици.

Трудот ги содржи сите поглавја на еден научноистражувачки проект, составен од 8 глави кои ги содржат воведот, мотивот, целите, материјалот и методите, резултатите на истражувањето и дискусијата на добиените резултати, по што следат заклучоците, како и листата на библиографски податоци. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во докторската теза.

Во **воведниот дел,** која е и првата глава на докторскиот труд, кандидатката ги изнесува најновите податоци за преваленцата и клиничкото значење на коронарната артериска болест. Кандидатката од епидемиолошки аспект укажува на високата преваленца на кардиоваскуларните заболувања, како водечка причина за морбидитет и морталитет во современиот свет. Даден е краток осврт на современите сознанија за патофизиологијата на коронарната артериска болест и клиничкото значење на тивката миокардна исхемија, како и важноста на детекцијата на супклиничка атеросклероза. Изложена е епидемиологијата на атеросклеротичните кардиоваскуларни заболувања како изразито динамична и под влијание на промената на кардиоваскуларните ризик фактори, со зголемена можност за таргетирани интервенции за превенција и третман на овие заболувања. Во воведот е објаснета и патофизиологијата на атеросклерозата, преку дадени докази за комплексноста и мултифакториелноста на патофизиолошкиот процес на атеросклерозата, кој

вклучува инфламација, микроваскуларна коронарна дисфункција, ендотелна дисфункција, тромбоза и ангиогенеза. Потенциран е посебниот интерес кој последниве неколку години е даден во проучувањето на улогатата на инфламацијата и процесот на атерогенезата. Инфламацијата како одговор на повреда и ендотелната дисфункција како една од иницијалните васкуларни промени, кандидатката ја опишува преку објаснување на улогата на новите инфламаторни биомаркери, со посебен осврт на високо сензитивниот С реактивен протеин (hs-CRP). Цитирани се студии кои ја прикажуваат улогата на hs-CRP во кардиоваскуларна прогноза и предикција на кардиоваскуларен ризик. Во воведот, кандидатката ја објаснува патофизиологијата и клиничките облици на миокардната исхемија, со особен осврт на механизмите, преваленцата и прогностичкото значење на тивката миокардна исхемија. Објаснета е и патоанатомската и патофизиолошка основа за нарушен коронарен проток. Преваленцата на тивката миокардна исхемија според литературата е прикажана од 16-60% во зависност од иследуваната популација и користените методи за детекција на истата. Тивката миокардна исхемија доминира кај пациентите со дијабетес тип 2, на што е даден особен осврт. Екстензитетот и тежината на стрес индуцираната миокардна исхемија за време на сцинтигравски студии, стрес ехокаридографија или магнетна резонанца, влијае врз прогнозата и појавата на идни кардиоваскуларни збиднувања. Во воведот е опишана улогата на неинвазивните техники за детекција на тивка миокардна исхемија. Скринингот за коронарна артериска болест (КАБ) има за цел рана дијагноза и агресивен третман на болеста кај навидум здрави индивидуи со зголемен кардиоваскуларен ризик, како и подигање на свеста за КВ превенција. Со цел скринингот за КАБ да биде успешен потребно е задоволување на неколку критериуми: преваленцата на болеста во испитуваната популација да е доволно голема; скрининг тестот треба точно да идентификува пациенти со низок и висок КВ ризик; идентификацијата на индивидуи со КАБ треба да доведе до тераписки мерки кои ќе го подобрат клиничкиот исход; процесот треба да биде позитивен во однос на односот трошок-ефективност (cost effectiveness). Клиничката корист од скринингот на асимптоматските индивидуи и улогата на неинвазивните техники на миокардна визуализација не се до крај докажани во споредба со изолираната контрола на ризик факторите, со што темата која се обработува во докторската теза ја прави мошне актуелна. Кандидатката наведува резултати од повеќе студии во кои е користена миокардната перфузиона сцинтиграфија како медота за детекција на тивка миокардна ихемија. Резултатите од 10 проспективни студии на асимптоматски пациенти со дијабетес тип 2 покажале дека пациентите со тивка миокардна исхемија имале зголемен ризик за појава на несакани кардиоваскуларни настани. Модифицирачките ризик фактори како хиперлипидемијата, хипертензијата, обезноста, пушењето, дијабетесот, се водечки фактори за појава на КАБ, врз чие присуство се темели концептот на ризик стратификација за идни кардиоваскуларни збиднувања. Кандидатката ги прикажува водичите за кардиоваскуларна превенција се базирани на процена на кардиоваскуларен ризик кој е основа за понатамошен третман со цел редукција на КВ морталитет и морбидитет, како и моделите на ризик стратификација. Јасно се прикажани недостатоците на постоечките модели за ризик стратификација. Користењето на неинвазивните техники за васкуларна и миокардна визуализација овозможуваат тераписки дејствија кои го менуваат природниот тек на болеста, со што се намалува ризикот за идни кардиоваскуларни настани. Од особен интерес се пациентите со умерен ризик, каде што овие методи овозможуваат детекција на атеросклероза и миокардна исхемија, како и пософистицирана ризик стратификација, што овозможува појасен натамошен тераписки пристап. Кандидатката ја прикажува улогата на

неинвазивните методи за васкуларна и миокардна визуализација, кои овозможуваат рекласификација на кардиоваскуларниот ризик и појасен натамошен тераписки пристап. Засебно е опишана клиничката вредност на детекцијата на коронарна атеросклероза со помош на евалуација на коронарен калциумски скор, супклиничката детекција на лево- коморна дисфункција преку процена на левокоморна лонгитудинална деформација, улога на дијастолната левокоморна дисфункција, како и клиничкото значење на детекција на миокардна исхемија со помош на миокардна перфузиона сцинтиграфија.

Во однос на потребата од детекција, прогностичката вредност и терапискиот пристап кон тивката миокардна исхемија (ТМИ), се наметнуваат неколку клинички важни прашања: Која е корисноста од рана детекција на ТМИ? Дали тераписката стратегија кај асимптоматски пациенти со ТМИ ја менува прогнозата? Каква е улогата на неинвазивните техники за детекција на ТМИ и следење на овие пациенти?

Како **мотив** на студијата, кандидатката го наведува клиничкиот предизвик и стремежот на модерната дијагностика за рана дијагноза на коронарната артериска болест и предвидување на ризикот за несакани срцеви збиднувања кај асимптоматски пациенти со умерен и висок кардиоваскуларен ризик, со што директно би се влијаело врз донесувањето на одлуките за натамошно оптимално лекување и водење на оваа бројна група пациенти, со што може да се смени природниот тек на болеста. Недостатоците на постоечките модели за предикција на кардиоваскуларен ризик ја мотивираат кандидатката да ја истражи на сопствен материјал улогата на неинвазивните техники за миокардна и васкуларна визуализација и биомаркерите од кои би произлегле клинички апликативни предиктивни прогностички модели. Компликациите од доцно поставената дијагноза, дополнително ја мотивирале кандидатката да даде свој придонес во подобрувањето на индивидуалниот пристап и дефинирањето на асимптоматски високо ризични пациенти кои би имале корист од детекција на миокардна исхемија.

Во **целите** на истражувањето, кандидатката ги наведува следните цели: 1. евалуација на улогата на c-IMT, коронарната атеросклероза и биомаркерите во кардиоваскуларната ризик стратификација во однос на стандардните ризик фактори кај асимптоматски пациенти со умерен и висок кардиоваскуларен ризик; 2. процена на клиничката вредност на коронарниот калциум скор за предикција на миокардна исхемија и несакани срцеви настани во периодот на следење; 3. процена на преваленца на асимптоматска исхемија и предиктори за абнормален резултат од миокардна перфузиона сцинтиграфија (МПС); 4. одредување на улогата на перфузионите и функционални параметри од МПС во дијагноза и прогноза на асимптоматски пациенти со висок кардиоваскуларен ризик и сомнение за КАБ; 5. детекција на супклиничка левокоморна дисфункција и корелација со присуството на миокардна исхемија и ризик факторите за КАБ; 6. да се детерминира кои од испитуваните параметри се прогностички најзначајни во период на двогодишно следење на испитуваната популација.

**Предмет на истражување**

Предмет на истражување биле 100 консекутивни асимптоматски пациенти со умерен и висок кардиоваскуларен ризик процент според ризик факторите и SCORE моделот. Асимптоматскиот статус е потврдуван со помош на ROSE ангина прашалникот на Светската здравствена организација.

**<u>Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата</u>**

Ова е прва студија која има за цел евалуација на улогата на високо сензитивниот С-реактивен протеин, албуминуријата и неинвазивните техники за миокардна и екстракоронарна визуализација (детекција на атеросклероза со калциумски скор, ултразвук на каротидните артерии, ехокардиографија и миокардна перфузиона сцинтиграфија во дијагноза и прогноза на КАБ кај асимптоматскип пациенти со умерен и висок КВ ризик во однос на стандардните ризик фактори. Анализирана е и улогата на овие параметри во рекласификација на кардиоваскуларен ризик.

Во делот **<u>Материјал и методи,</u>** кандидатката го дефинира дизајнот на студијата како проспективна клиничка студија, во која се вклучени, 110 консекутивни асимптоматски пациенти и тоа 50 пациенти со умерен и 60 пациенти со висок кардиоваскуларен ризик, проценети според SCORE моделот и кардиоваскуларните ризик фактори. Наведени се етичките стандарди на студијата, критериумите за вклучување и исклучување, како и периодот на следење од 18 до 24 месеци.

**<u>Краток опис на користените методи:</u>**
Во истражувањето користени се следниве методи:
- Анамнеза, процена на ризик фактори и коморбидитети, историја на болест.
- Физикален преглед по системи кај сите пациенти вклучени во студијата, мерење на крвниот притисок и пулсот, телесна тежина и висина, процена на телесна маса.
- Симптоматскиот статус е потврдуван со ROSE прашалникот за ангина пекторис на Светската здравствена организација - СЗО (*Rose Angina Questionnaire*).
- Проценувано е присуството на клинички симптоми на срцева слабост.
- 12 канално ЕКГ во мир за процена на електрокардиографски абнормалности.
- Лаболаториските анализи земени по 12 часа гладување и 24 часа апстиненција од алкохол вклучиле анализа на: крвна слика, гликемија, уреа, креатинин, мокрачна киселина, натриум, калиум, липиден статус - вкупни липиди, холестерол, ЛДЛ, ХДЛ, триглицериди, АСТ, АЛТ, CPK, hs-CRP. Кај пациентите со дијабетес тип 2 евалуиран е HbA1C%, а кај пациентите со дијабетес и хипертензија испитувана е и 24 часовна микроалбуминурија. Прецизно се опишани критериумите за дефиниција на присуство на ризик факторите и коморбидитетите.
- Колор доплер ултрасонографија на каротидните артерии е направена кај сите пациенти со цел процена на каротидната интима медија задебелување (с-ИМТ), присуство и карактеризација на каротидни плаки и процена на присутна каротидна стеноза.
- Компјутеризирана томографија во повеќе пресеци (MSCT) е направена кај сите пациенти со умерен КВ ризик за евалуација на атеросклероза на коронарните артерии преку процена на калциумски скор (CAC) изразен во Агатстон единици (АЕ), на апарат MDCT, Simens Definition AS, 128 Slices. Пациентите со CAC анд 400АЕ биле упатувани на миокардна перфузиона сцинтиграфија (МПС)
- Миокардна перфузиона сцинтиграфија (SPECT МПС) е изведена кај сите пациенти со висок КВ ризик и кај пациентите со умерен КВ ризик кои имаат CAC >400 Агатстон единици (вкупно 68 пациенти). МПС студиите се изведени на едноглава гама камера (Siemens e-cam). Бил користен еднодневен протокол во мир и по фармаколошко оптоварување со дипиридамол со радиопрепарат Tc-99м сестамиби и ЕКГ синхронизација (Gated SPECT). Кандидатката ги опишува

детално подготовката на пациентот, протоколот за изведување на МПС студијата, реконструкцијата и анализата на резултатите. Користени се перфузиони скорови во мир и оптоварување како и нивна разлика за семиквантитативна процена на миокардната перфузија и процена на тежината на миокардната исхемија. Миокардната перфузија и регионална функција е евалуирана со користење на 17 сегментен модел на поделба на левата комора. Функционалната МПС студија е користена за процена на лево- коморните волумени и ежекциона фракција во мир и при оптоварување, регионалната и глобална левокоморна функција. Проценувано е и присуството на транзиторна исхемична дилатација на левата комора и визуализација на десната комора во мир и при оптоварување. Анализата на скенограмите правена на двајца искусни лекари по софтверската обработка на податоците директно од комјутер со помош на софтвер 4DM-SPECT. -
2D колор доплер ехокардиографија во мир е направена кај сите пациенти на ехокардиогравски апарат (GE VIVID 7), со цел процена на регионалната и глобална лево коморна систолна и дијастолната лево коморна функција (лево коморна ежекциона фракција, ЛК димензии и волумени, регионална кинетика, дијастолна ЛК функција- анализа на трансмитрален проток, движење на митралниот прствен во дијастолна со ткивен доплер, левокоморна хипертрофија и маса, димензии, ареа и волумен на лева предкомора, димензии и функција на десна комора). Ехокардиографските податоци се квантитативно анализирани offline од дигиталната меморија на апаратот и од базната работна станица со посебен софтвер (EchoPAC PC 08, GE Healthcare). Ехокардиогравските мерења се изведувани според препораките од Американското и Европското здружение за ехокардиографија. Глобалната и регионална лонгитудинална левокоморна функција (деформација-strain) е проценувана со техниката за автоматска функционална визуализација (automatic functional imaging) со помош на 17 сегментен модел на поделба на левата комора, со софтвер инкорпориран во ехокардиогравскиот апарат GE Vivid7. Ова иследување е направено кај 52 пациенти со висок кардиоваскуларен ризик. Регионалната лево коморна деформација е анализирана по васкуларни територии врз база лонгитудиналната ЛК функција во соодветните сегменти на левата комора.
- Коронарографија е направена кај сите пациенти со умерена и тешка исхемија на МПС наодите. Проценуван е бројот на зафатени крвни садови, дистрибуција и степен на коронарна стеноза според SYNTAX скорот. Миокардна реваскуларизација е правена по процена на анатомската значајност на КАБ, според европските препораки за миокардна реваскуларизација. За значајна коронарна артериска болест е сметано присуство на коронарна стеноза над 50%. -
Крајни цели на проспективно следење утврдени се појавата на тврди срцеви збиднувања (срцева смрт, нефатален миокарден инфаркт со ST сегмент елевација- STEMI, акутен миокарден инфаркт без ST сегмент елевација - NSTEMI, нестабилна ангина пекторис) и меки срцеви збиднувања (миокардна реваскуларизација (PCI или CABG), појава на срцева слабост, градни болки при напор (стабилна ангина пекторис).
- Резултатите биле анализирани со користење на SPSS комјутерски програм (верзија 18.0), како и Статистика, а биле употребени споредбени, корелациони, униваријантни и мултиваријантни регресиони анализи, предиктивни модели, како и Каплан Маиерови криви за процена на време на преживување ослободено од несакани срцеви настани.

**Краток опис на резултатите од истражувањето:**

Резултатите на истражувањето покажале дека просечната возраст на испитуваната популација изнесувала 65,1+/-9,3 години. 62 (56,3%) од

испитаниците биле од машки пол, додека 48 (43,6%) испитаници биле од женски пол. Од ризик факторите најзастапена е хипертензијата кај 94 испитаници (85,4%). Бројот на испитаници со покачена телесна тежина изнесувал 27 (24,5%). Обезност (БМИ >30 кг/м$^2$) имале 11 пациенти (10,0%), од кои 7 имале висок кардиоваскуларен ризик. Хиперлипидемија е утврдена кај 58 (52,7%) пациенти, од кои 43 (71,6%) беа со висок кардиоваскуларен ризик, а 15 (30%) со умерен кардиоваскуларен ризик.

Компарацијата на вредностите на hs-CRP кај двете групи испитаници покажала значајна разлика во средните вредности на овој параметер. Најдена е сигнификантна корелација помеѓу hs-CRP и обезноста; ХДЛ- холестеролот; нон-ХДЛ холестеролот и обемот на половината. Утврдена е и значајна корелација во средните вредности на hs-CRP кај пациентите со различна големина на миокардна исхемија. Вредностите на hs-CRP значајно варирале во зависност од пушачкиот статус и хиперлипидемијата. Во просек актуелните пушачи имаа повисоки вредности на hs-CRP во споредба со поранешните пушачи и непушачите. Пациентите со хиперлипидемија имале пониски вредности на hs-CRP во споредба со пациентите без хиперлипидемија Вредностите на hs-CRP биле поголеми кај пациентите со умерена и тешка миокардна исхемија, иако истите не се покажале како независен предиктор за миокардна исхемија и несакани срцеви настани во периодот на следење. Не е најдена корелација помеѓу вредносите на hs-CRP и присуството на супклиничка лево коморна дисфункција. Најдена е сигнификантна корелација помеѓу вредностите на hs-CRP и вредностите hs-CRP и CAC.

Ултразвукот на каротидните артерии покажал зголемена каротидна интима медија задебелвање (c-IMT) кај 72 пациенти (65.4%). Повеќето од нив биле повозрасни, со дијабет тип 2, хипертензија и хиперлипидемија како доминирачки ризик фактори. Каротидни плаки се најдени кај 38 пациенти (34.5%), а каротидна стеноза од 50-70% кај 5 пациенти (4.5%). Пациентите со висок КВ ризик имале значајно поголема застапеност на зголемена c-ИМТ, каротидни плаки и каротидна стеноза. Во истражувањето не се најдени значајни разлики во вредностите на c-ИМТ со зголемувањето на тежината на миокардната исхемија, за разлика c-ИМТ се зголемувало со зголемување на CAC. Присуството на каротидни плаки се зголемувало со зголемувањето на тежината на миокардната исхемија. Анализата на корелациите помеѓу c-IMT со биохемиските, клиничките параметри и коронарниот калциумски скор, покажала сигнификантна корелација помеѓу c-IMT и ДМТ2, CAC>0, хипертензијата, нон-ХДЛ -холестерол и пушењето.

Истражувањето го евалуира присуството на коронарна атеросклероза, како и функционалните реперкусии на присуство на коронарна артериска болест преку процена на присуство на миокардна исхемија. Коронарниот калциумски скор (CAC) е проценуван кај 50 пациенти со умерен КВ ризик или во вкупно 150 коронарни артерии. Субклиничка атеросклероза со CAC >0 е најдена кај 26 пациенти (52%). 6 пациенти (12%) имаа несигнификантен CAC <10 Агатстон единици; 7 пациенти (14.0%) имаа лесно покачен CAC (11-99); 5 пациенти (10%) имаа умерено покачен CAC (100-399) и 8 пациенти (16%) имаа екстензивна коронарна калцификација со CAC (400-1000). Осум пациенти кои имале високо покачен CAC (CAC>400 Агатстон единици), биле упатени на миокардна перфузиона сцинтиграфија за детекција на миокардна исхемија. Споредено со пациентите без коронарна атеросклероза, пациентите со коронарна атеросклероза, биле постари, почесто хипертоничари, обезни и пушачи, имале покачен ЛДЛ-холестерол, hs-CRP и зголемена c-IMT. Мултиваријантната логистичка регресиона анализа за независни предиктори

за присуство на коронарна атеросклероза ги издвоила возраста >70 години, ЛДЛ холестеролот и пушењето. Значајна корелација е најдена помеѓу САС и hs-CRP, ЛДЛ холестерол, индексот на телесна маса и албуминуријата.

Миокардната перфузиона сцинтиграфија (МПС) е направена кај вкупно 68 пациенти. Анализирани е вклупно 1156 сегменти во 204 васкуларни регии. Направена е субанализа во која испитаниците се поделени и анализирани според наодот добиен од МПС- нормален или патолошки, односно присутна миокардна исхемија, фиброза или комбинирани дефекти. Анализирани се вклупно 1156 сегменти во 204 васкуларни регии. Уреден МПС наод е најден кај 38 пациенти (56,0%), додека патолошки наод е најден кај 30 пациенти (44,1%). Од нив, наод за миокардна исхемија имале 27 пациенти (39.7%). Миокардната исхемија била позастапена кај повозрасната машката популација, дијабетес тип 2 во траење од над 10 години, хипертензија, хиперлипидемија, микроалбуминурија, како и поголема застапеност на пушачи. Вредностите на hs-CRP, ЛДЛ-холестеролот, нон-ХДЛ холестеролот и HgA1C%, средно биле повисоки во групата на пациенти со миокардна исхемија. Лесна миокардна исхемија со сумиран диференцијален скор (СДС ) <7 е најдена кај 11 пациенти (40.7%), умерена исхемија со СДС 7-10 е најдена кај 10 пациенти (37.0%), додека тешка миокардна исхемија беше присутна кај 6 пациенти (22.2%). Фиксен перфузионен испад имале 3 пациенти (6.6%). Пациентите со умерена и тешка исхемија имаа повисок сумиран стрес скор (ССС) и СДС скор во однос на пациентите со лесна исхемија и уреден наод. Исто така пациентите со минимум умерена миокардна исхемија имаа почеста застапеност на инсуфициентна инотропна резерва манирфестирана преку пад на ЛК ежекциона фракција (ЛКЕФ) при оптоварување со зголемување на крајно систолните волумени (КСВ) при напор и појава на транзиторна исхемична дилатација на ЛК (ТИД). Најдена е значајна разлика помеѓу перфузионите сцинтигравски скорови во мир, оптоварување и диференцијалните скорови помеѓу пациентите со уреден и патолошки МПС наод. Анализата на перфузионите наоди по васкуларни територии покажала дека највисоки ССС и СДС, односно најголема тежина на исхемија имале пациентите со ЛАД стеноза, како и пациените со повеќесадовна КАБ. Осум пациенти имале исхемија во васкуларна регија на LAD, 5 пациенти во васкуларна регија на RCA, тројца пациенти имале исхемија во васкуларна регија на LCx. Наод за исхемија во една васкуларна регија имале 6 пациенти, додека наод за исхемија во повеќе васкуларни регии имаа 10 пациенти. Мултиваријантната регресиона анализа како независни сигнификантни предиктори за умерена и тешка миокардна исхемија ги издвоила дијабетот во траење од 5 до 10 години; ЛДЛ-холестеролот и пушењето. Од сите влучени параметри од неинвазивните техники за васкуларна и миокардна визуализација, само редуцираната глобална лонгитудинална лево коморна функција во мир (ГЛС) се покажа како независен сигнификантен предиктор за присуство на миокардна исхемија.

Од 30 пациенти кои имале патолошки МПС наод, редуцирана глобална лонгитудинална лево коморна функција е најдена кај 21 пациент (70%). Сите пациенти кај кои е направена МПС студија имаа ехокардиогравски уредна глобална систолна лево коморна функција. Испади во регионална кинетика имаа 7 пациенти (10.2%) од 68 пациенти кај кои е направена МПС студија. Споредбата на ехокардиогравските параметри, не покажа значајни разлики во параметрите за систолна лево коморна функција помеѓу пациентите со уреден и патолошки МПС наод. Пациентите со наод за миокардна исхемија имале пониски вредности на глобалната лонгитудинална лево коморна деформација (ГЛД), во споредба со пациентите со уреден МПС наод (ГЛД -15+/-1.1% вс. -18+/-1.4%). Исто така помеѓу пациентите со нормален и патолошки МПС наод

постоеше значајна разлика во параметрите на дијастолна функција. Мултиваријабилната постапна (forward stepwise) регресиона анализа во која ги вклучи клиничките параметри кои се покажаа како сигнификанти предиктори за исхемија во униваријантната анализа со $p<0.05$, како независни сигнификантни предиктори за умерена и тешка миокардна исхемија ги издвои дијабетот во траење од 5 до10 години, ЛДЛ-холестеролот и пушењето. Од сите вклучени параметри од неинвазивните техники за васкуларна и миокардна визуализација, само редуцираната глобална лонгитудинална лево коморна деформација (ГЛД) се покажа како независен сигнификантен предиктор за присуство на миокардна исхемија. При утврдувањето на значајноста на придонесот за присуството на миокардна исхемија утврдено е дека поголемо влијание имала ГЛД, додека влијанието на дијастолната дисфункција на левата комора било незначајно. Ова укажува дека супклиничката левокоморна дисфункција е параметар кој кај асимптоматските пациенти со умерен и висок кардиоваскуларен ризик може да ја подобри селекцијата на пациенти кои имаат поголем ризик од присуство на миокардна исхемија.

Независни предиктори за редуцирана ГЛД во мултиваријабилната анализа биле следните параметри: ДМ тип 2, (OR 3.662; 95% CI 2.198-7.1470); Возраст >70 години (OR 2.458; 95% CI 1.934-8.567); хипертензија (OR 1,377; 95%CI 1.756-6.168) и СДС>7 (OR 4.219; 95%CI 2.528-11.257). Предиктор со најголема сигнификантност беше СДС>7, односно присуството на миокардна исхемија од умерен и тежок степен. Нашите резултати потврдуваат дека во исхемичната каскада присуството на миокардна исхемија и нејзини репетитивни епизоди доведуваат до сурклиничка левокоморна дисфункција пред да настапат промени во регионалната кинетика во мир.

Интересен и клинички важен податок кој е добиен од резултатите на истражувањето е потенцијално зголемен ризик кај 16 пациенти (32%) со предходно проценет умерен кардиоваскуларен ризик според стандардните ризик фактори. Овие пациенти имале зголемена с-ИМТ, лево коморна хипертрофија, зголемен с-ИМТ и присуство на коронарна атеросклероза. Осумте пациенти (16%) со САС >400 беа анализирани во групата со висок кардиоваскуларен ризик и кај нив беше направена МПС студија. Од овие 8 пациенти, уредна МПС студија имале 2 пациенти, додека кај останатите 6 пациенти имале умерена миокардна исхемија и биле упатени на коронарографија со цел докажување на присуство на КАБ.

Во периодот на следење несакани срцеви збиднувања се најдени кај вкупно 18 пациенти (16,3%) и тоа миокардна реваскуларизација кај 15 пациенти и хоспитализација поради нестабилна ангина пекторис кај 3 пациенти. Во групата на пациенти со висок КВ ризик, најдени се сигнификантно повеќе несакани кардиоваскуларни збиднувања, кога истите биле сумирано анализирани (реваскуларизација, нестабилна ангина пекторис). Притоа релативниот ризик (odds ratio=OR) за појава на НСН во втората група е сигнификантно поголем во споредба со групата 1, за дури 5,67 пати. Сигнификантна поврзаност со сите несакани КВ настани кандидатката наоѓа со присуство на миокардната исхемија и истата поврзаност ја зголемува сигнификантноста со порастот на големината на исхемијата. Сох-овиот мултиваријантен регресионен модел како независни предиктори за сите несакани срцеви настани во финален модел ги прикажал hs-CRP, тежината на исхемијата изразена преку сумиран диференцијален скор на перфузија (СДС), патолошкиот МПС скен (ССС>0) и дијабетесот.

Во заклучните согледувања, врз основа на добиените резултати од истражувањето и извршена статистичка обработка, се наведуваат повеќе сознанија. Сублиничка атеросклероза е најдена кај 26 пациенти (52%). Коронарниот калциум скор (CAC) ја подобрил ризик стратификацијата на пациентите со умерен кардиоваскуларен ризик во споредба со традиционалните ризик фактори. Редуцирана глобална лонгитудинална функција е најдена кај 32 пациенти (38.5%) и истата корелирала со тежината на миокардната исхемија, редуцираната инотропната резерва, ЛК хипертрофија, дијабетот, хипертензијата и возраста. Испитувниот серумски биомаркер hs-CRP бил независен предиктор за миокардна исхемија во униваријантната логистичка регресиона анализа, но не и за несакани срцеви настани. Тивка миокардна исхемија е најдена кај 27 асимптоматски пациенти со висок кардиоваскуларен ризик (39.7%). Независни предиктори за миокардна исхемија биле дијабетесот во траење од 5 до 10 години; ЛДЛ-холестеролот, пушењето и редуцираната глобална лонгитудинална левокоморна деформација. Миокардната перфузиона сцинтиграфија (МПС) се потврдила како метода која овозможува јасно, прецизно и едноставно предвидување на ризикот за настанување на меките срцеви настани кај асимптоматски пациенти со висок КВ ризик.Патолошката МПС значајно почесто била асоцирана со појава на несакани срцеви збиднувања, особено ревсаскуларизација, при што со зголемување на степенот на перфузионите абнормалности и тежината на перфузионите испади, расте и веројатноста за инвазвен третман и ризикот за идни меки исхемични збиднувања. Глобалните и регионални лево коморни функционални параметри добиени од МПС, ги надополнуваат перфузионите параметри во процена на прогнозата. Студијата докажала дека неинвазивните техники за миокардна и васкуларна визуелизација ја подобруваaат ризик стратификацијата и прогнозата на пациентите со умерен и висок КВ ризик во однос на традиционалните ризик фактори.

## ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката д-р Ирена Митевска, со наслов „Дијагноза и прогноза на коронарна артериска болест кај асимтоматски пациенти со умерен и висок кардиоваскуларен ризик: улога на биомаркери и техники на миокардна визуализација“, претставува актуелно истражување во областа на кардиологијата. Изготвувањето на оваа докторска дисертација имала за цел евалуација на улогата на биомаркеорт на инфламација hs-CRP, каротидниот ултразвук, коронарната атеросклероза, миокардната перфузиона сцинтиграфија, ехокардиографијата во кардиоваскуларната ризик стратификација во однос на стандардните ризик фактори кај асимптоматски пациенти со умерен и висок кардиоваскуларен ризик, како и процена на преваленца и предиктори за тивка миокардна исхемија. Истражувањето исто така го проценува присуството на супклиничка левокоморна дисфункција и ги детерминира најзначајните прогностички параметри во двогодишно следење на асимптоматски пациенти со умерен и висок кардиоваскуларен ризик. Трудот ги евалуира и предикторите за коронарна атеросклероза. Имајќи ја во предвид често касната дијагноза на коронарна артериска болест во фаза на присутни компликации, особено големата преваленца на дијабетот и обезноста, подобрувањето на ризик стратификацијата и детекцијата на предикторите за субклиничка атеросклероза и миокардна исхемија, ќе доведе до софистицирање на индивидуалната процена на ризикот, како и навремен, соодветен третман на овие пациенти. Истражувањето покажа висока застапеност на асимптоматска миокардна исхемија кај пациентите со висок кардиоваскуларен ризик. Докторската дисертација на кандидатката д-р Ирена Митевска, со наслов

„Дијагноза и прогноза на коронарна артериска болест кај асимтоматски пациенти со умерен и висок кардиоваскуларен ризик: улога на биомаркери и техники на миокардна визуелизација" , според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

## ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката пред одбраната на докторскиот труд ги објавила (како прв автор во меѓународни научни списанија), следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. Irena Peovska Mitevska, Jelka Davceva Pavlovska, Elizabeta Srbinovska, Marijan Bosevski, Maja Zdravkovska, Daniela Pop Gorceva, Marina Zdravevska. Ischemia-driven optimal therapeutic approach in asymptomatic patients with high cardiovascular risk: the value of clinical, labolatory and myocardial SPECT imaging findings. Prilozi, 2014, Issue 53-3, 141-148; 2014
2. Irena Peovska Mitevska, Jelka Daceva Pavlovska, Maja Zdravkovska, Marina Zdravskovska. Prognostic value of normal myocardial perfusion imaging in asymptomatic diabetic patients with moderate and high calcium scores. Ser J Exp Clin Res 2015; 16 (2): 109-114

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главни научни придонеси на докторската дисертација на кандидатката се: подобрување на индивидуалниот пристап кон секој пациент со зголемен кардиоваскуларен ризик, имајќи го предвид фактот дека кардиоваскуларните заболувања се водечка причина за морбидитет и морталитет во Р. Македонија. Дополнителен придонес на ова истражување е и подобрувањето на ризик стратификацијата и детекција на супклиничка левокоморна дисфункција, тивка исхемија и атеросклероза со помош на неинвазивните техники за миокардна и васкуларна визуелизација.

Подрачјето на примена на овој труд е кардиологијата, односно скринингот, раната дијагноза и ризик стратификацијата на коронарната артериска болест кај асимптоматска популација со зголемен кардиоваскуларен ризик.

Можните понатамошни истражувања кои би произлегле од овој докторски труд се прогноза на пациентите со умерена и тешка миокардна исхемија третирани со медикаментозен во однос на инвазивен третман. Исто така, од особен интерес е и иследувањето на прогностичката улога на супклиничка левокоморна дисфункција кај пациенти со дијабетес тип 2 и уредена левокоморна кинетика и МПС наод. Интересно и важно е прашањето на улогата на инфламаторните биомаркери и коронарната атеросклероза врз долгорочната прогноза кај пациенти со зголемен кардиоваскуларен ризик во ера на агресивен медикаментозен третман.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **д-р Ирена Митевска** со наслов **,,Дијагноза и прогноза на коронарна артериска болест кај асимптоматски пациенти со умерен и висок кардиоваскуларен ризик: улога на биомаркери и техники на миокардна визуелизација".**

КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Сашко Кедев, претседател

2. Проф. д-р Наталија Долненец-Банева, ментор

3. Проф. д-р Самоил Садикарио, член

4. Проф. д-р Елизабета Србиновска Костовска, член

5. Проф. д-р Милка Здравковска, член

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРЕВЕНЦИЈА И РЕПРЕСИЈА ЗА КАЗНЕНИТЕ ДЕЛА ПРОТИВ ЈАВНИОТ РЕД И МИР“ ОД М-Р МАРЈАН КИЦЕВ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 30.6.2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Марјан Кицев со наслов „Превенција и репресија за казнените дела против јавниот ред и мир“, во состав: проф. д-р Љупчо Арнаудовски, проф. д-р Владо Камбовски (ментор), проф. д-р Никола Тупанчески, проф. д-р Александра Груевска-Дракулевски и проф. д-р Александра Деаноска-Трендафилова.

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов,

## **И З В Е Ш Т А Ј**

### **Анализа на трудот**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Марјан Кицев, со наслов „Превенција и репресија за казнените дела против јавниот ред и мир“, содржи 340 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 381 фуснота, 272 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти, судска практика на домашни, странски и меѓународни судови и интернет-ресурси.

*Предмет на истражување* во овој труд е криминалот на загрозување на јавниот ред и мир, моменталната состојба на криминалот на загрозување на јавниот ред и мир во Република Македонија и неговиот општествен и казненоправен третман.

Трудот е структуриран во 6 дела, вовед, заклучни согледувања со препораки и користена литература. Деловите се систематизирани во точки и potточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во воведот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на

истражувањето. Натаму, во воведот се елаборира *системот на излагање* што се имплементира во докторската дисертација. На ова место, всушност, се дефинираат *тематските целини* што ќе се разгледуваат во секоја од главите. Како секоја глава има сопствена тема на анализа, последниве се доведуваат во врска со основната теза така што секоја глава има засебна функција во аргументацијата на основната теза на докторската дисертација. Основна цел на кандидатот во трудот е преку компаративното искуство, емпириското истражување и моменталната состојба во Република Македонија, со превенцијата од криминалот на загрозување на јавниот ред и мир, да се детектираат слабостите во системот за заштита на јавниот ред и мир и да се дадат предлози за креирање на нов квалитетен систем на превенција и репресија над криминалот на загрозување на јавниот ред и мир.

**Првиот дел** од докторската дисертација е насловен **Поимно определување на јавниот ред и мир**. Како што посочува и самиот наслов, во него кандидатот најпрво го дефинира поимот за јавен ред и мир од повеќе аспекти (правен, социолошки, политиколошки и криминолошки аспект). Во продолжение на овој дел, кандидатот ги претставува современите предизвици и закани за јавниот ред и мир, како и неколку од мноштвото начини за решавање конфликти во општеството, за да направи, на крај, анализа на односот меѓу правната држава и јавниот ред и мир.

Во **вториот дел** под наслов **Криминолошки аспекти на криминалот против јавниот ред и мир**, кандидатот најнапред темелно го дефиниран поимот за криминал на загрозување на јавниот ред и мир, за веднаш потоа, да ја определи неговата феноменологија и етиологија. Во продолжение на овој дел, кандидатот подетално ги разработува криминалот на толпата, насилството и тероризмот како најсериозни појави на загрозување на јавниот ред и мир во поново време, и тоа како теоретски, така и со разработка на конкретни случаи.

Во **третиот дел** под наслов **Казниви дела против јавниот ред и мир**, кандидатот најнапред ги определува поимот и видовите на казнените дела против јавниот ред и мир. Во продолжение, кандидатот поединечно ги разработува сите прекршоци против јавниот ред и мир од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир на Република Македонија и сите кривични дела против јавниот ред, од глава XXXIII од Кривичниот законик на Република Македонија.

Компаративната анализа на инкриминациите против јавниот ред и мир со легислативата во државите од англосаксонскиот правен систем (Обединетото Кралство) и државите од континенталното право (Франција, Германија, Бугарија, Србија, Хрватска, Словенија и Босна и Херцеговина) претставуваат предмет на проучување на **четвртиот дел** од дисертацијата,

под наслов **Компаративна анализа на прекршоците и иинкриминациите против јавниот ред и мир.**

Во **петтиот дел** под наслов **Политика на казнување на казнените дела против јавниот ред и мир**, кандидатот ја претставува политиката на казнување на казнените дела против јавниот ред и мир во Република Македонија. На почетокот од овој дел, кандидатот најнапред прави статистичка анализа на пријавени, обвинети и осудени лица за казнени дела против јавниот ред и мир, за периодот 2009-2013 година. Во продолжение на овој дел, кандидатот прави анализа на изречени санкции за казнени дела против јавниот ред и мир, за периодот 2009-2013 година. На крајот од овој дел, кандидатот прави анализа на правосилни судски пресуди за казнените дела против јавниот ред и мир, за периодот 2009-2013 година, како за територијата на сите апелациони подрачја во Република Македонија, така и одделно, само за територијата на Апелационен суд – Битола.

Системот на превенција на казнените дела против јавниот ред и мир и улогата и начинот на функционирање на одделни институции во превенцијата (полиција, образование, НВО и медиумите), кандидатот ги има претставено во **шестиот дел** од дисертацијата, под наслов **Превенирање на криминалот против јавниот ред и мир**.

Сумарен преглед на заклучоците до кои доаѓа во секој од наведените делови, кандидатот дава во последниот - **седми дел** од трудот **Заклучоци и препораки**. Тука, кандидатот препорачува, да се изготви стратегија за превенција и казненоправен третман на криминалот на загрозување на јавниот ред и мир, која би делувала со конзистентно криминолошки и политички соодветни средства на казнена репресија и соодветна превенција што ќе ги содржи основните принципи кои ќе бидат флексибилни и општетствено подвижни, а сè со цел да го пресретнуваат криминалот на загрозување на јавниот ред и мир и да создаваат протективни фактори кои ќе се соодветни за заштита од него, да се изготви законска рамка за меѓусебна соработка на сите субјекти (Министерство за внатрешни работи, Министерство за образование, Центар за социјални работи, НВО и медиумите) кои можат да дадат свој придонес во превенција на криминалот на загрозување на јавниот ред и мир, постојана едукација и професионализација на вработените во МВР во насока на подигање на квалитетот на предистражната постапка и земање предвид на одделни инкриминации од компаративните законодавства од страна на нашиот законодавец при евентуали измени и дополнувања на Кривичниот законик на Република Македонија. Кандидатот укажува на потребата од преземање на мерки во насока на подобрување на квалитетот на судските постапки и намалување на нивното времетраењето, создавање и изградување на нова казнена (со заострени мерки) и криминална политика која ќе одговара на самиот криминалитет против јавниот ред и мир, овозможување на

самостојноста и одвојување од извршната власт на судската власт која и е загарантирана со Уставот на РМ, независноста при работењето, едукација и стимулирање на судиите да ја применуваат мерката на безбедност со цел да се отстранат состојбите или условите што можат да влијаат сторителот во иднина да врши кривични дела.

**Оцена на трудот**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Марјан Кицев, со наслов „Превенција и репресија на казнените дела против јавниот ред и мир", претставува самостојно и корисно истражување на релевантна казненоправна проблематика што претставува научен придонес во казненоправната наука, во која пополнува една забележлива и незаслужено создадена празнина. Свртувајќи го научниот интерес кон криминалот на загрозување на јавниот ред и мир, дисертацијата на кандидатот Кицев завлегува во општествена сфера што има витално значење за мирот како една од највисоките правни вредности, општествениот ред и стабилноста на општествените односи, како основен предуслов за непречено уживање на основните човекови слободи и права, исполнување на правните должности и остварување на развојните општествени цели.

Сложеноста на предметот на истражување, како и фактот дека тој е релативно запоставен во домашната казненоправна мисла, претставува и предизвик, но крие и бројни опасности во поставувањето на целите и методолошкиот пристап. Од една страна, флуидноста на поимот на јавен ред и мир, кој не е чисто казненоправен и во категоријалниот систем на казненото право влегува како комплексен филозофско-правен, догматско-јуридички, политолошки, социолошки и социјално-психолошки поим, имплицира широк дијапазон на консидерации и можности за формулирање на различни пристапи кон превенцијата и репресијата на делата што претставуваат негово загрозување како правна враедност. Од друга страна, вклучувајќи силни социјално-психолошки елементи низ неговото сфаќање и како објективна и како субјективна вредност - право на мир, тој имплицира мошне внимателен пристап кон дефинирањето на неговата криминогенеза и поставувањето рационални граници на казненоправна репресија.

Кандидатот успешно се справува со тематските и методолошките предизици, јасно дефинирајќи ги целите на истражувањето, основната хипотетичка и теоретска рамка и методите на истражувањето приспособени на целите и сообразени со појдовните хипотези. Детектирајќи ги слабостите на системот на казненоправна заштита на јавниот ред и мир, тој формулира прифатливи предлози за подобрување на системот на превенција и репресија на криминалот на загрозување на јавниот ред и мир, кој во општеството што станува се поконфликтно по различни основи, се заканува да прерасне во континуирана деструкција на квалитетот на живот на

современиот човек. Како еманација на криминалот на насилство, делата против јавниот ред и мир како заштитено добро ја ставаат на проверка правната држава и нејзиниот капацитет да се справува со таквата општествена појава што опфаќа широк дијапазон на казниви дејствија - од прекршоци до најтешки облици на масовни насилства и тероризам. Исправно и прифатливо е начелното стојалиште, што го дели кандидатот, дека само вистинската мера на реакција на овие појави сообразена со универзалниот корпус на човекови слободи и права соодветствува на постулатите на демократската правна држава.

Врз такви начелни позиции кандидатот го определува релативно прецизно поимот на казнени дела против јавниот ред и мир, прекршоците како полесен облик на казниво неправо и одделните инкриминации во КЗ, ставајќи го нивниот казненоправен режим во компаративниот контекст на избрани законодавства кои припаѓаат на англосаксонскиот и континенталните правни системи.

Анализирајќи ја казнената политика на нашите судови, изречените санкции и судските пресуди во апелационите подрачја, со посебен осврт на битолското, кандидатот успешно ги претставува основните карактеристики на функционирањето на системот на казнена правда во спречувањето на овој облик на криминал, со издржани забелешки и предлози за негово подобрување.

Поаѓајќи од барањето за комплементарен пристап на криминалната политика кон оваа специфична форма на криминал, кандидатот го анализира системот на неговата превенција и активностите на државните и другите институциии (образованието, медиумите и др.), посебно нагласувајќи ја потребата од подигање на нивните капацитети заради зајакнување на нивното превентивно дејство.

Своите заклучни согледби кандидатот ги сублимира низ предлогот за изготвување посебна стратегија за превенција и репресија на криминалот на загрозување на јавниот ред и мир, што би била заснована врз конзистентен криминално-политички и казненоправен концепт, кој соодветствува и со политичките и други општествени детерминанти на општествена стабилност, граѓанска дисциплина и уважување на јавниот ред и мир како посебно важна општествена вредност. Врз таквиот приод се формулирани неговите заклучоци и предлози за подобрување на законската рамка и методите на меѓусебна соработка на надлежните државни органи и други институции, како и за зголемување на нивната ефикасност во борбата против овој вид криминал. Издржани се и неговите заклучоци и предлози што се однесуваат на судовите, подобрувањето на квалитетот и ефикасноста на казнените постапки и примената на различните олици санкции што му стојат на располагање на судот во пресудувањето на овие дела.

Во подготовката на дисертацијата кандидатот користел соодветна домашна и странска литература и други извори, коишто се коректно цитирани како теоретска поддршка на неговите аргументирани стојалишта,

изложени на јасен и приемчив начин и стил што одговара на лингвистичките и логичките правила на казненоправната догматика.

**Заклучок и предлог**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Марјан Кицев, со наслов „Превенција и репресија за казнените дела против јавниот ред и мир", според мислењето на Комисијата за оцена ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд. Трудот несомнено претставува значаен придонес во домашната казненоправна литература и ќе претставува солидна основа за натамошни истражувања во оваа сфера не само на кандидатот, туку и на сите други кои натаму ќе се занимаваат со оваа област.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Марјан Кицев со наслов „Превенција и репресија за казнените дела против јавниот ред и мир".

**КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА,**

Проф. д-р Владо Камбовски (ментор) с.р.

Проф. д-р Љупчо Арнаудовски с.р.

Проф. д-р Никола Тупанчевски с.р.

Проф. д-р Александра Груевска–Дракулевски с.р.

Проф. д-р Александра Деаноска-Трендафилова с.р.

ПРЕГЛЕД

на прифатени теми за изработка на докторски дисертации на
Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје
Наставно-научен совет – 21.12.2016

| Кандидат | Тема на македонски јазик | Тема на англиски јазик | Комисија | Датум | Одлука број |
|---|---|---|---|---|---|
| м-р Моника Ковачевска | Правна рамка на издавачкиот договор и на слободното користење на авторските дела во традиционалното и дигиталното издаваштво – компаративни согледувања | The Legal Framework of the Publishing Contract and the Free Use of Copyright Works in Traditional and Digital Publishing - Comparative Observations | 1. проф. д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска (ментор) 2. проф. д-р Владо Бучковски 3. проф. д-р Ненад Гавриловиќ | 21.12.2016 | 02-1412/100 |
| м-р Душан Босиљанов | Социјалното претприемништво како инструмент за поголема вклученост на социјално загрозените групи во Европската унија и Република Македонија | Social entrepreneurship as an instrument for greater inclusion of socially marginalized groups in the European Union and the Republic of Macedonia | 1. проф. д-р Тодор Каламатиев (ментор), 2. проф. д-р Горан Коевски (ко-ментор), и 3. доц. д-р Александар Ристовски | 21.12.2016 | 02-1412/99 |

**П Р Е Г Л Е Д**

**на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје Н.Н.С од**

**21-12-2016**

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** | **Датум** | **Одлука број** |
|---|---|---|---|---|
| Јордан Апостолски | Историска правда – судењето на воените злостсорници по Втората светска војна (Historical Justice – Trials of War Criminals after the World War II) | доц. д-р Иванка Додовска | 21.12.2016 | 02-1412 / 81 |
| Александар Богоевски | Судска заштита на правата на странките, на учесниците и на третите лица во постапката за извршување (Judicial Protectionof the Rights of the Parties, Participants and Third Persons in Enforcement Proceedings) | проф.д-р Татјана Зороска Камиловска | 21.12.2016 | 02-1412 /82 |
| Благој Бањански | Поимот ствари и извршување на стварите (Things and its Sale in Enforcement Proceedings) | проф.д-р Родна Живковска | 21.12.2016 | 02-1412 /83 |
| Татјана Баевска Вучковиќ | Вакцината како вид на ствар и нејзиниот правен режим во македонското и споредбеното право (Vaccine as a Thing and its legal Regime in Macedonian and Comparative Law) | проф.д-р Родна Живковска | 21.12.2016 | 02-1412 /84 |
| Татјана Васиќ Бозаџиева | Правен режим на трансплантацијата во македонското и споредбеното право (Legal Regime of Transplantation in Macedonian and Comparative Law) | проф. д-р Родна Живковска | 21.12.2016 | 02-1412 /85 |
| Оливер Китаноски | Вршење на правото на сопственост на земјоделско | проф. д-р Родна Живковска | 21.12.2016 | 02-1412 /86 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | земјиште (Realizing Ownership on Agricultural Land) | | | |
| Верица Тргачевска | Мобинг – облици и карактеристики (Mobing - types and characteristics) | проф.д-р Тодор Каламатиев | 21.12.2016 | 02-1412 /87 |
| Иван Чешларов | Принципот на транспарентност во буџетската постапка: студија на случај Општина Центар – Скопје (The Principle of Transparency in the Bugetary Process. A Case Study of « Opstina Centar ») | проф.д-р Александра Максимовска | 21.12.2016 | 02-1412 /88 |
| Ангела Тилева | Фискален пакт – мерки за дисциплинирање на земјите членки (Fiscal compact – An Instrument for Discipline of the Member States) | проф.д-р Весна Пендовска | 21.12.2016 | 02-1412 /89 |
| Сандра Илиевска | Финансиска политика и регулатива на задоцнетите плаќања во Република Македонија (Financial polity and Regulation on the Late payments in the Republic of Macedonia) | проф.д-р Александра Максимовска | 21.12.2016 | 02-1412 /90 |
| Гала Насева | Copyright protection of street art: Does enforcement of copyright protection of street art serve as an incentive for street artists? (Заштита на авторските права кај уличната уметност: Дали спроведувањето на заштитата на авторските права на уличната уметност служи како поттик за уличните уметници?) | проф.д-р Ненад Гавриловиќ | 21.12.2016 | 02-1412 /91 |
| Ангела Лазаревска | Улогата на комуникациската стратегија во развојот на партиципативната демократија во Европската унија (The role of the communication strategy in the development of participatory democracy in the EU) | проф.д-р Каролина Ристова - Астеруд | 21.12.2016 | 02-1412 /92 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Габриела Трајкова | Лекарска грешка – казненоправни аспекти (Medical Malpractice - Criminal Law Aspects) | предлага проф.д-р Никола Тупанчески | 21.12.2016 | 02-1412 /93 |
| Јехона Рамадани | Злоупотреба на пензиското и инвалидското осигурување – казненоправни аспекти (Abuse of Pension and Disability Insurance - Criminal Law Aspects) | предлага проф.д-р Никола Тупанчески | 21.12.2016 | 02-1412 /94 |

ПРЕГЛЕД

На тема за изработка на магистерски труд прифатен од

Наставно-нучниот совет на Стоматолошки факултет во Скопје

на седницата одржана на 23.12.2016 година

| Кандидат | Тема | Ментор | Одлука од Научен совет |
|---|---|---|---|
| Д-р Филип Конески | **Наслов на прифатени теми на македонски јазик:** Ефектите на геранилгераниол врз меките и коскените ткива вклучени во бисфосфонатно-поврзаната остеонекроза на вилиците (ин витро и ин виво студија)<br><br>**Наслов на прифатени теми на англиски јазик:** Effects of geranylgeraniol on the soft and bone tissues involved in bisphosphonate-related osteonecrosis of the jaws ( in vitro and in vivo stududy) | Проф. д-р Даница Поповиќ Моневска | Бр. 02-2604/2 од 30.12.2016 |

# ПРЕГЛЕД

## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР ВО СКОПЈЕ

### 1. Магистерски трудови

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | дипл.инж. Јована Тодоровска | Просторно функционална анализа на кујни за различни категории на корисници во индивидуални и јавни објекти | Spatial-functional analysis of kitchens for different users' categories in private and public buildings | д-р Владимир Каранаков, редовен професор | 0202-500/2-IX-6 од 23.12.2016 год. |
| 2. | дипл.инж. Нинослав Јанковски | Понудата на мебел и производи од дрво во северо-источниот регион на Република Македонија | Supply of furniture and wood products in the north - east region of the Republic of Macedonia. | д-р Живка Мелоска, редовен професор | 0202-500/2-IX-7 од 23.12.2016 год. |

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА БЕЗ ЗАСНОВАЊЕ НА РАБОТЕН ОДНОС ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) ТЕАТРОЛОГИЈА - АКТЕРСКА ИГРА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објевен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 29.9.2016 година, за избор на наставник во сите звања - за наставно-научното звање насловен доцент без засновање работен однос, од подрачјето на драмските уметности, област: театрологија - актерска игра и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот и уметнички совет, бр.0202-589/5, донесена на 17.11.2016 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: **м-р Зоја Бузалковска**, редовен професор на УКИМ-Факултет за драмски уметности, **д-р Сузана Киранџиска**, редовен професор на УКИМ-Факултет за драмски уметности и **м-р Мими Таневска Србиновска**, редовен професор на УКИМ-Факултет за драмски уметности.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите звања во научната област (дисциплина) театрологија, по предметната програма актерска игра, во предвидениот рок се пријави м-р Александар Степанулески.

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот м-р Александар Степанулески е роден на 2.8.1987 во Прилеп. Основното и средното образование го завршил во Прилеп, со одличен успех. Во 2006 година се запишал на Факултетот за драмски уметности во Скопје, на Одделот за драмски актери, во класата на проф. Кирил Ристоски и доц. Зоја Бузалковска. Факултетското образование го завршил во 2010 година со просечен успех 9,86.

Во учебната 2010/2011 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Факултетот за драмски уметности во Скопје, на студиската програма театарски (сценско-изведувачки) студии, модул (насока): актерска игра. Студиите ги завршил во 2015 година, со просечна оценка 10,00, а магистерскиот труд под наслов „Мојата артистичка реализација на ликот Калигула од Албер Ками“ со успех го одбрани на 8.6.2015 година, со што се стекнал со научно-уметничкото звање магистер по уметности.

Во 2012 година го започнал својот ангажман како демонстратор на ФДУ - Скопје, по предметот актерска игра, во класата на вонр. проф. м-р Зоја Бузалковска, каде што е постојан помагател до денес.

Од 2013 година е член на ансамблот на НТ „Војдан Чернодрински“ - Прилеп, а во декември 2014 година преоѓа во Драмскиот театар-Скопје.

Своето прво појавување на театарската сцена кандидатот м-р Александар Степанулески го имал на деветгодишна возраст во Прилепскиот театар, по што следат бројни улоги на детската и младинската сцена, како и во професионални претстави.

Во 2004 година ја добива **наградата за главна машка улога на фестивалот ДАФ во Кочани**, а наредната година на истиот фестивал му се доделува **награда за споредна машка улога**.

По своето запишување на Факултетот за драмски уметности, Александар Степанулески продолжува со професионални ангажмани во театрите низ Македонија, остварувајќи ги следниве улоги:

- *Бабуш* во „Тапани во ноќта“ (2008), во режија на Мартин Кочовски, НТ Војдан Чернодрински-Прилеп, **наградена со четири награди на МЕСС во Сараево и со три награди на МТФ „Војдан Чернодрински“ - Прилеп**;
- *Живата кал* во претставата „Таму каде што не сум бил“ (2009), во режија на Зоја Бузалковска, НТ Војдан Чернодрински-Прилеп;
- *Попот* во „Крпен живот“ (2009), во режија на Владо Цветановски, НТ Војдан Чернодрински-Прилеп;
- *Инкогнито, Прв, Цара, Чернодрински* во „Чернодрински се враќа дома“ (2009), во режија на Мартин Кочовски, НТ Јордан Хаџи-Константинов - Џинот Велес;
- *Командантот, братот Лаврентиј, Детето* и др. во „Кавкавски круг со креда“ (2010), во режија на Мартин Кочовски, НТ Војдан Чернодрински-Прилеп, **наградена со три награди на МТФ Војдан Чернодрински во Прилеп, четири награди на Фестивалот на камерна драма „Ристо Шишков“ во Струмица и награда за најдобра претстава од публиката на ЕКС ПОНТО во Љубљана**;
- *Јахве* во „Спиноза“ (2010), во режија на Зоја Бузалковска, копродукција помеѓу Мал драмски театар-Битола и Драмски театар-Скопје;
- *Селман-ага* во „Антица“ (2010), во режија на Бранко Брезовец, НТ Војдан Чернодрински-Прилеп;
- *Калигула во* „Калигула“ (2011), во режија на Зоја Бузалковска, НТ Војдан Чернодрински-Прилеп;
- *Другиот змеј* во „Змејовата невеста“ (2012), во режија на Нела Витошевиќ, НТ Војдан Чернодрински-Прилеп, **наградена за најдобра претстава во целина на МТФ Војдан Чернодрински**;
- *Бенедик* во „Многу врева за ништо“ (2012), во режија на Ива Милошевиќ, НТ Војдан Чернодрински, Прилеп **(Гран-при на МТФ Војдан Чернодрински);**
- *Јово* во „Три варијации на една тема“, во режија на Коле Ангеловски, НТ Војдан Чернодрински, Прилеп;

- *Ѓоре лудак и Мане* во „Буре барут“, Наташа Поплавска, НТ Војдан Чернодрински Прилеп, **награда за претстава во целина на фестивалот во Никшиќ, Црна Гора;**

- *Водоинсталатерот* во „Три во едно“ (2014), во режија на Коле Ангеловски, НТ Војдан Чернодрински-Прилеп;

- *Јоже градинарот* во „Ждрело“ (2014), во режија на Зоја Бузалковска, Драмски театар-Скопје;

- *Секирата* во „Капетанот Џон Пиплфокс“ (2015), во режија на Коле Ангеловски, Драмски театар-Скопје;

- *Љубовникот* во „Безљубни“ (2015), во режија на Златко Славенски, Драмски театар-Скопје;

- *Фелд-маршалот* во „Еригон“ (2015), во режија на Јани Бојаџи, Драмски театар-Скопје;

- *Офицерот, Николас, Гавин* во „Време на забава“ (2015), во режија на Зоја Бузалковска, МКЦ-Театарска трупа ГНЕВ;

- *Самсон, Голијат* во „Библијата“ (2015), во режија на Срѓан Јанаќиевиќ, Драмски театар-Скопје;

- *Борис* во „Буре Барут“ (2016), во режија на Сашо Миленковски, Драмски Театар Скопје;

- *Наратор, Капетанот, Огледалото* во „Снежана и седумте џуџиња“ (2016), во режија на Димче Николовски, Драмски театар-Скопје;

- *Вице Адмиралот* во „Кристофор Колумбо“ (2016), во режија на Љубиша Георгиевски, Драмски театар-Скопје.

Учествувал на бројни домашни и меѓународни фестивали: „Охридско лето“, „Војдан Чернодрински“ - Прилеп, „Ристо Шишков“ - Струмица, „Млад отворен театар“ (МОТ) - Скопје, „Денови на комедија“ - Куманово, МЕСС - Сараево, ЕКС ПОНТО - Љубљана, БЕЛЕФ - Белград, ЕУРОКАЗ - Загреб и „Еуро Сцена“ - Лајпциг, СР Германија.

Александар Степанулески остварил и повеќе значајни улоги на филм и ТВ:

„Магдалена” (Мажот), режија: Андреј Цветановски, (краткометражен);

„Тврдокорни“, (Даме Груев, 6 епизоди), МТВ, режија: Миле Гроздановски;

„Престиж“, (Пантомимичарот), режија: Алек Русјаков, (краткометражен);

„Трето па машко“, (Таксистот, 4 епизоди), Канал 5, Драган Врлјановски;

„Три во едно“, (Љубовникот), Коле Ангеловски (долгометражен);

„Ало“, The Hounds, (музички спот);

„Ти реков, ми рече“, Љубојна, (музички спот);

Рекламни кампањи; (Семејно насилство - **Влада на РМ**, Фреквенција - **АЕК**, Гастрогард - **Алкалоид** и др.);

„Преспав“ (Режисерот), режија: Вардан Тозија, (ТВ-серија);

„Слобода или смрт или година на мајмунот“ (шоферот на директорката), режија: Владимир Блажевски (долгометражен).

И на Факултетот за драмски уметности учествува на разни фестивали, размени, работилници, меѓу кои:

- соработка со Факултетот за драмски уметности од Грац, Република Австрија, за претставата „Метаморфози“, во режија на Александар Поповски, како заедничка копродукција на двата факултета;
- соработка со НДРЕ Центар Уганда, Африка, каде што патува како учесник во кореодрамата „Фатум“, во кореографија на проф. Кренаре Невзати;
- Меѓународната филмска работилница „Cinema Dance“, FAMU-Прага;
- Меѓународната филмска работилница „Against violence“ во Утрехт, Холандија, под менторство на Мирјана Карановиќ и Синоличка Трпкова Меллес;
- Меѓународниот студентски театарски фестивал „Divadelnych Skol“ во Братислава, Словачка, каде што со својата класа настапи со испитната претстава „ИВАНОFF“.

На МТФ “Војдан Чернодрински” во 2012 година ја добива **наградата за најдобар млад актер „Трајко Чоревски”** за улогата на *Калигула* во истоимената претстава во продукција на НТ „Војдан Чернодрински“, Прилеп.

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ ДОСТИГНУВАЊА НА КАНДИДАТОТ, ПЕДАГОШКИ СПОСОБНОСТИ, КАКО И ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

### Стручно-уметничка дејност

И покрај релативно краткиот период од дипломирањето до денес, кандидатот м-р Александар Степанулески има завидна листа на стручно-уметнички остварувања. Досега реализирал 29 уметнички креации, како во театарската, така и во филмската област. Многу од овие креации се наградувани со поединечни или колективни признанија. Кандидатот веќе има препознатлив, автентичен начин на игра и со леснотија, а со исклучително сериозен приод во делот на анализата и пристапување кон улогата и кон претставата како колективен чин, ги реализира сите, па и најсложените актерски задачи.

Богатото практично искуство на кандидатот му дава можност да оствари конкретна, опиплива комуникација со студентите во својата педагошка работа и своите практични примери да ги доведе во директна врска со наставната програма која се разработува.

Во досегашната комуникација на кандидатот м-р Александар Степанулески со студентите, како помагател на проф. м-р Зоја Бузалковска по предметот актерска игра, видливо е суверено владеење со материјалот кој се обработува, исклучително близок, но истовремено и принципиелен и строг однос со студентите, тактичност и внимателен пристап во комуникацијата со нив, како и несебично споделување на своите искуства, дилеми, но и придобивки и стекнати нови сознанија од секој поминат процес. Ова теоретско-практично соочување кое постојано им го нуди на студентите е од непроценливо значење за нивната подготвеност за професионалните предизвици уште од студиите. Неговиот ентузијазам, желбата да придонесе во осовременување на педагошкиот процес, неговите идеи и неговата упорност во реализацијата на зададеното, сето тоа говори

дека кандидатот м-р Александар Степанулески би бил одличен педагог кој би можел и самостојно да работи со студентите, кога е потребно.

**Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 од Правилникот за избор со датуми и други релевантни податоци.**

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Кандидатот м-р Александар Степанулески има богата листа на активности и во дејностите од поширок интерес, со бројни меѓународни и домашни учества на фестивали и реализирани успеси.

**Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 од Правилникот за избор со датуми и други релевантни податоци.**

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот м-р Александар Степанулески, на самоевалуацијата во 2015 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Факултетот за драмски уметности во Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија високо ја вреднува и ја оценува стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Александар Степанулески. Исто така, врз основа на досегашните педагошки искуства на кандидатот, Рецензентската комисија проценува дека м-р Александар Степанулески, освен што суверено владее со знаењата стекнати во класата на проф. Кирил Ристоски и доц. Зоја Бузалковска и е подготвен да продолжи да ги негува во истата таа класа, поседува забележителни педагошки квалитети кои би можел да ги развие во свои специфични методи на работа во понатамошната практика.

Имајќи ги предвид изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од дипломирањето па до денес, Комисијата заклучи дека м-р Александар Степанулески поседува завидни уметнички и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето насловен доцент во научната област театрологија, по предметната програма актерска игра.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје, м-р Александар Степанулески да биде избран во звањето насловен доцент во научната област театрологија, по предметната програма актерска игра.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**1. Проф. м-р Зоја Бузалковска, с.р.**

**2. Проф. д-р Сузана Киранџиска, с.р.**

**3. Проф. м-р Мими Таневска Србиновска, с.р.**

***Анекс 2***

# ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Александар Зоран Степанулески**
(име, татково име и презиме)

**Институција: УКИМ - Факултет за драмски уметности - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: театрологија - актерска игра**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | |

**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-уметничка): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | *Бабуш* во „Тапани во ноќта“ од Б. Брехт, НТ Војдан Чернодрински - Прилеп (2008) | 8 |
| 2. | *Живата кал* во „Таму каде што не сум бил“ од Ж. Мирчевска, НТ Војдан Чернодрински - Прилеп (2009) | 8 |
| 3. | *Попот* во „Крпен живот“ од С. Попов, НТ Војдан Чернодрински - Прилеп (2009) | 8 |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-уметничка): | Поени |
|---|---|---|
| 4. | *Инкогнито, Прв, Цара, Чернодрински* во „Чернодрински се враќа дома“ од Г. Стефановски, НТ Јордан Хаџи-Константинов - Џинот Велес (2009) | 8 |
| 5. | *Командантот, братот Лаврентиј, Детето* и др. во „Кавкавски круг со креда“ од Б. Брехт, НТ Војдан Чернодрински - Прилеп (2010) | 8 |
| 6. | *Чарли Декер* во „Гнев“ од С. Кинг, ФДУ Скопје, Драмски театар Скопје, дипломска претстава (2010) | 8 |
| 7.. | *Јахве* во „Спиноза“ од Г. Смилевски, копродукција помеѓу Мал драмски театар-Битола и Драмски театар-Скопје (2010) | 8 |
| 8. | *Селман-ага* во „Антица“ од А. Панов, НТ Војдан Чернодрински - Прилеп (2010) | 8 |
| 9. | *Калигула во* „Калигула“ од А. Ками, НТ Војдан Чернодрински - Прилеп (2011) | 8 |
| 10. | *Другиот змеј* во „Змејовата невеста“ од Д. Молеров, НТ Војдан Чернодрински - Прилеп (2012) | 6 |
| 11. | *Бенедик* во „Многу врева за ништо“ од В. Шекспир, НТ Војдан Чернодрински - Прилеп (2012) | 8 |
| 12. | *Јово* во „Три варијации на една тема“, во режија на Коле Ангеловски, НТ Војдан Чернодрински - Прилеп | 8 |
| 13. | *Балоун* во „Швејк во Втората Светска војна” од Б. Брехт, НТ Војдан Чернодрински - Прилеп (2013) | 8 |
| 14. | *Ѓоре-Лудак и Мане* во „Буре Барут“ од Д. Дуковски, НТ Војдан Чернодрински - Прилеп, (2013) | 8 |
| 15. | *Водоинсталатерот* во „Три во едно“, Коле Ангеловски, НТ Војдан Чернодрински - Прилеп (2014) | 6 |
| 16. | *Јоже градинарот* во „Ждрело“ од Жанина Мирчевска, Драмски театар - Скопје (2014) | 6 |
| 17. | *Секирата* во „Капетанот Џон Пиплфокс“, од Душан Радовиќ, Драмски театар - Скопје, (2015) | 6 |
| 18. | *Љубовникот* во „Безљубни“ од Б. Секулоска, Драмски театар - Скопје (2015) | 6 |
| 19. | *Фелд-маршалот* во „Еригон“ од Ј. Плевнеш, Драмски театар - Скопје (2015) | 8 |
| 20. | *Офицерот, Николас, Гавин* во Време на забава”, Зоја Бузалковска, Театарска трупа ГНЕВ, МОТ, МКЦ - Скопје (2015) | 8 |
| 21. | *Самсон, Голијат* во „Библијата“ (2015), во режија на Срѓан Јанаќиевиќ, Драмски театар - Скопје | 6 |
| 22. | *Борис* во „Буре Барут“ (2016) во режија на Сашо Миленковски, Драмски театар - Скопје | 8 |
| 23. | *Наратор, Капетанот, Огледалото* во „Снежана и седумте џуџиња“ (2016), во режија на Димче Николовски, Драмски театар - Скопје | 6 |
| 24. | *Вице Адмиралот* во „Кристофор Колумбо“ (2016), во режија на Љубиша Георгиевски, Драмски театар - Скопје | 8 |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-уметничка): | Поени |
|---|---|---|
| 25. | „Малена“ (*Мажот*), режија: Андреј Цветановски (краткометражен филм) | 6 |
| 26. | „Тврдокорни“ (*Даме Груев*, 6 епизоди), режија: Миле Гроздановски, МТВ (ТВ серија) | 6 |
| 27. | „Престиж“ (*Пантомимичарот*), во режија на Алек Русјаков, (краткометражен филм) | 6 |
| 28. | „Трето па машко“ (*Таксистот*, 4 епизоди), во режија на Драган Велјановски, Канал 5, (ТВ серија) | 6 |
| 29. | Три во едно (*Љубовникот*), Коле Ангеловски, (долгометражен филм) | 6 |
| | **Вкупно** | **208,00** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Настап на фестивалот МЕСС, Сараево (2008) | 2 |
| 2. | Настап на фестивалот ЕКС ПОНТО, Љубљана (2008) | 2 |
| 3. | Настап на фестивалот ЕКС ПОНТО, Љубљана (2010) | 2 |
| 4. | Настап на фестивалот ЕКС ПОНТО, Љубљана (2013) | 2 |
| 5. | Настап на фестивалот ЕУРОКАЗ, Загреб (2013) | 2 |
| 6 | Настап на фестивалот Euro Scene, Лајпциг, Германија (2011) | 2 |
| 7. | Настап на фестивалот на актерот, Никшиќ, Црна Гора (2014) | 2 |
| 8. | Настап на фестивалот на словенечка драма, Крањ, Словенија (2015) | 2 |
| 9. | Настап на меѓународниот фестивал „Ристо Шишков“, Струмица (2010) | 1 |
| 10. | Настап на меѓународниот фестивал „Ристо Шишков“, Струмица (2011) | 1 |
| 11. | Настап на МТФ „Војдан Чернодрински“, Прилеп (2008) | 1 |
| 12. | Настап на МТФ „Војдан Чернодрински“, Прилеп (2010) | 1 |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| 13. | Настап на МТФ „Војдан Чернодрински“, Прилеп (2011) | 1 |
| 14. | Настап на МТФ „Војдан Чернодрински“, Прилеп (2012) | 1 |
| 15. | Настап на МТФ „Војдан Чернодрински“, Прилеп (2013) | 1 |
| 16. | Настап на МТФ „Војдан Чернодрински“, Прилеп (2014) | 1 |
| 17. | Настап на МТФ „Војдан Чернодрински“, Прилеп (2015) | 1 |
| 19. | Настап на фестивалот ОХРИДСКО ЛЕТО, Охрид (2014) | 1 |
| 20. | Настап на МОТ, Скопје (2015) | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Награда за млад актер „Трајко Чоревски“, за улогата на Калигула во „Калигула“ од А. Ками, МТФ „Војдан Чернодрински“ - Прилеп (2011) | 3 |
| 2. | Соработка со Факултетот за драмски уметности од Грац, Република Австрија, за претставата „Метаморфози“, во режија на Александар Поповски, како заедничко студиско истражување/копродукција на двата факултета (2007) | 2 |
| 3. | Соработка со НДРЕ Центар Уганда, Африка: учесник во студиска размена со кореодрамата „Фатум“, во кореографија на проф. Кренаре Невзати (2008) | 2 |
| 4. | Меѓународна филмска работилница „Cinema Dance“, FAMU Прага-Охрид (2009) | 2 |
| 5. | Меѓународна филмска работилница „Against violence“ во Утрехт, Холандија, под менторство на проф. Мирјана Карановиќ и проф. Синоличка Трпкова Меллес (2010) | 2 |
| | **Вкупно** | **38,00** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | / |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | **208,00** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **38,00** |
| **Вкупно** | **246,00** |

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**1. Проф. м-р Зоја Бузалковска, с.р.**

**2.Проф. д-р Сузана Киранџиска, с.р.**

**3. Проф. м-р Мими Таневска Србиновска, с.р.**

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) ТЕАТРОЛОГИЈА – СЦЕНСКИ ГОВОР СО ТЕХНИКА НА ГЛАС НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха" од 29.9.2016 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) театрологија - актерска игра и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот и уметнички совет, бр. 0202-589/4, донесена на 17.11.2016 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: **м-р Рефет Абази**, редовен професор на УКИМ-Факултет за драмски уметности, **м-р Елјеса Касо**, редовен професор на УКИМ-Факултет за драмски уметности и **д-р Тихомир Стојановски**, редовен професор на УКИМ-Факултет за драмски уметности.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) театрологија - актерска игра, по предметната програма сценски говор со техника на глас со познавање на албански јазик, во предвидениот рок се пријави м-р Бесфорт Идризи.

### Биографски податоци и образование

Кандидатот м-р Бесфорт Идризи е роден на 3.4.1985 година, во Скопје. Средно образование завршил во Скопје во Гимназија „Зеф Љуш Марку". Со високо образование се стекнал на Факултетот за драмски уметности во Скопје, во 2007 година. Дипломирал на Факултетот за драмски уметности во Скопје, во 2007 година, со просечен успех 9,42.

Во учебната 2009/2010 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово. Студиите ги завршил на Факултетот за комуникации со просечен успех 8,50 и го одбранил магистерскиот труд на тема: „Креирање на јавно мислење преку театарот во РМ".

Во учебната 2012/2013 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Студиите ги завршил на Факултетот за драмски уметности со просечен успех 9,80 и го одбранил магистерскиот труд на тема: „Претстава Сомнително лице - актуализација и осовременување на драмата".

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

## 3. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за драмски уметности, кандидатот м-р Бесфорт Идризи изведува настава и вежби (настава, вежби, теренска настава итн.) на прв циклус студии на студиската програма драмски актери со познавање на албански јазик.

**Други активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот.**

**Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**Научноистражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност**

М-р Бесфорт Идризи има објавено вкупно 23 (дваесет и три) уметнички трудови од филмската и драмската област.

**Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот.**
**Називите на трудовите, проектите и сл. се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 3/член 4) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

М-р Бесфорт Идризи активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Факултетот за драмски уметности во Скопје.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на стручни комисии и работни групи при УКИМ-Факултет за драмски уметности:

Работна група за организација и реализација на Интернационалните студентски средби „Скомрахи“ 2012, 2013, 2014 и 2015.

**Други активности од Анекс 1 кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот.**
**Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

## Оценка од самоевалуација

Кандидатот м-р Бесфорт Идризи, на самоевалуацијата во 2015 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Факултетот за драмски уметности во Скопје

### ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно - образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Бесфорт Идризи.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека м-р Бесфорт Идризи поседува научни, уметнички и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето насловен доцент во научната област театрологија, по предметната програма сценски говор со техника на глас, со познавање на албански јазик.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје, м-р Бесфорт Идризи да биде избран во звањето насловен доцент во научната област театрологија, по предметната програма сценски говор со техника на глас, со познавање на албански јазик.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

4. **Проф. м-р Рефет Абази, с.р.**

5. **Проф. м-р Елјеса Касо, с.р.**

6. **Проф. д-р Тихомир Стојанивски, с.р.**

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: м-р Бесфорт Илми Идризи**

(име, татково име и презиме)

**Институција: УКИМ-Факултет за драмски уметности-Скопје**

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: театарологија - актерска игра, сценски говор со техника на глас со познавање на албански јазик**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Учество на конференцијата „Искуства и перспективи на Факултетот за драмски уметности – Скопје“, 2012 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Учество на конференцијата „Public People's Enemy“ во Скиен, Норвешка, во организација на Ibsen Award, 2015, со учество на Thomas Ostermeier, Lars Vilks и други. | 1 |
| | **Вкупно** | **2,00** |

**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. Број | Назив на активноста: Јавно изведено или претставено уметничко дело во облик познат во јавноста – театарски претстави, филм и телевизија (2011 - 2016 ) | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **„ВОЈЦЕК“** од Георг Бихнер, Бесфорт Идризи - актер и асистент на режија. Режисер: Куштрим Бектеши. Продукција: Н.У. Албански театар - Скопје, 2008 г. | 8 |
| 2. | **„КАЛИГУЛА“** од Алберт Ками, Бесфорт Идризи - Актер и асистент на режија. Режисер: Димитар Еленов. Продукција: Н.У. Албански театар - Скопје, 2008 г. | 8 |
| 3. | **„МОСТОТ“** од Јетон Незирај. Бесфорт Идризи - улогата на Цони. Режисер: Зоја Бузалковска. Продукција: Детски театарски центар - Скопје , 2008 г. | 4 |
| 4. | **„АЛБАНСКИ НОЌИ“** според Фаик Коница, Митруш Кутели и Антон Четта, Бесфорт Идризи - актер. Режисер: Ентон Каца. Продукција: Н.У. Албански театар - Скопје, 2009 | 4 |
| 5. | **„ГЕНЕРАЛОТ НА МРТВАТА ВОЈСКА“** според Исмаил Кадаре. Бесфорт Идризи - Актер и асистент на режија. Режисер: Дино Мустафиќ. Продукција: Н.У. Албански театар - Скопје, 2009г. | 8 |
| 6. | **„МАЧОРОТ В ЧИЗМИ“** според Шарл Перо (куклена претстава) - Актер, Режисер: Драган Довлев. Продукција: Детски театарски центар - Скопје, 2010 г. | 4 |
| 7. | **„ИМАГИНАТОРИТЕ“** од Двејн Хартфорд - актер. Режисер: Агон Мифтари. Продукција: Н.У. Албански театар - Скопје, 2011 г. | 4 |
| 8. | **„ОДБРАНАТА СОКРАТОВА“** од Платон, Бесфорт Идризи - Платон. Режисер: Дритеро Касапи и Дино Мустафиќ. Продукција: Театарот на еден актер, 2012 г. | 8 |
| 9. | **„ЖИВОТ ПОД КИРИЈА“** од Рефет Абази, Бесфорт Идризи - улогата на Дин. Режисер: Лука Кортина. Продукција: Н.У. Албански театар - Скопје, 2013 г. | 4 |
| 10. | **„НАРОДЕН НЕПРИЈАТЕЛ“** од Хенрик Ибзен, Бесфорт Идризи - асистент на режија. Режисер: Дино Мустафиќ. Продукција: Театарот на еден актер. | 4 |
| 11. | **„СЕДУМ / SHTATË / YEDI / СЕДАМ / EFTA“**, режисер. Продукција: Hedda Production и Детски театарски центар, 2013 г. | 8 |
| 12. | **„СОНИТЕЛНО ЛИЦЕ“** од Бранислав Нушиќ. Режисер. Продукција: Н.У. Албански театар - Скопје, 2014 г. | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| 13. | **„ВОЛШЕБНИКОТ ОД ОЗ“** според Франк Л. Баум, Бесфорт Идризи - улогата на Лимениет. Режија: Агон Мифтари. Продукција: Детски театарски центар - Скопје, 2014 г. | 4 |
| 14. | **„ВО СВЕТОТ НА БАСНИТЕ“** според басните на Езоп, Бесфорт Идризи - улогата на нараторот, режија и драматизација**.** Продукција: Детски театарски центар - Скопје, 2015 г. | 8 |
| 15. | **„ЉУБОВНИКОТ“** од Харолд Пинтер. Режисер. Продукција: Н.У. Албански театар - Скопје, 2016 г. | 8 |
| 16. | **„СЕ БАРА СТАР КЛОВН“** од Матеи Висниек. Режисер. Продукција: Театарот на еден актер - Скопје во копродукција со Градски театар - Гњилане, Косово и „Бутринти 2000“, Албанија, 2016 | 8 |
| | **Вкупно** | **100,00** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста:<br><br>Член на меѓународно и домашно жири | Поени |
|---|---|---|
| 1. | МТФ „Војдан Чернодрински“, 2008, учество со претставата „Војцек“ од Г. Бихнер во режија на Куштрим Бектеши, продукција Н.У. Албански театар – Скопје | 1 |
| 2. | МТФ „Војдан Чернодрински“, 2008, учество со претставата „Албански ноќи“ во режија на Ентон Каца, продукција: Н.У. Албански театар – Скопје | 1 |
| 3. | „Скопско Лето“ 2008, учество со претставата „Хасанагиница“ во режија на Сашо Миленковски, продукција: Н.У. Албански театар – Скопје | 1 |
| 4. | „Flaka e Janarit” (Јануарски Пламен) Гњилане, Косово, 2010, со претставата „Генералот на мртвата војска“ од Исмаил Кадаре, во режија на Дино Мустафиќ, продукција: Н.У. Албански театар – Скопје | 1 |
| 5. | МТФ „Војдан Чернодрински“, 2010, со претставата „Генералот на мртвата војска“ од Исмаил Кадаре, во режија на Дино Мустафиќ, продукција: Н.У. Албански театар – Скопје | 1 |
| 6. | „Сарајевска Зима“ 2010, учество со претставата „Генералот на мртвата војска“ од Исмаил Кадаре, во режија на Дино Мустафиќ, продукција: Н.У. Албански театар – Скопје | 1 |
| 7. | ФКТ „Ристо Шишков“ 2012, учество со претставата „Сократовата одбрана“ од Платон, во режија на Дритеро Касапи и Дино Мустафиќ, продукција: Театарот на еден актер | 1 |
| 8. | „Охридско лето“ 2012, премиерна изведба на претставата „Питачка опера“ од Вацлав Хавел, во режија на Дино Мустафиќ, продукција: Н.У. Албански театар - Скопје | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 9. | „Охридско лето“ 2013, праизведба на претставата „Живот под ќирија“ од Рефет Абази, во режија на Лука Кортина, продукција: Н/У. Албански театар – Скопје | 1 |
| 10. | МТФ „Феризај 2013“, Урошевац, Косово, учество со претставата „Живот под ќирија“ од Рефет Абази, во режија на Лука Кортина, продукција: Н/У. Албански театар – Скопје | 1 |
| 11. | МТФ „Феризај 2014“, Урошевац, Косово, учество со претставата „Сомнително лице“ од Бранислав Нушиќ, во режија на Бесфорт Идризи, продукција: Н.У. Албански театар – Скопје | 1 |
| 12. | „Сарајевска зима“ 2015, учество со претставата „Народен непријател“ од Х. Ибзен, режија: Дино Мустафиќ, продукција: Театарот на еден актер | 1 |
| 13. | „Скопско лето“ 2016, учество со претставата „Љубовникот“ од Харолд Пинтер во режија на Бесфорт Идризи, продукција: Н.У. Албански театар – Скопје | 1 |
| 14. | ФКТ „Ристо Шишков“ 2016, учество со претставата „Љубовникот“ од Харолд Пинтер во режија на Бесфорт Идризи, продукција: Н.У. Албански театар – Скопје | 1 |
| 15. | МТФ „Феризај 2016“, Урошевац, Косово, учество со претставата „Се бара стар кловн“ од Матеи Вишниек, во режија на Бесфорт Идризи, продукција: Н.У. Албански театар – Скопје | 1 |
| 16. | МТФ „Скампа 2016“, Елбасан, Албанија учество со претставата „Се бара стар кловн“ од Матеи Вишниек, во режија на Бесфорт Идризи, продукција: Н.У. Албански театар – Скопје | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Член на собрание на МТФ „Војдан Чернодрински“, 2009 | 0,5 |
| 2. | Раководител на проектот „Знакот е гласен“ 2010, проект на Детски театарски центар – Скопје (ДТЦ) | 1 |
| 3. | Член на собрание на МТФ „Војдан Чернодрински“, 2011 | 0,5 |
| 4. | Раководител на проектот „Знакот е гласен“, 2011, проект на ДТЦ | 1 |
| 5. | Раководител на проектот „Дромстром и Рундлунд“, проект на ДТЦ, 2011 | 1 |
| 6. | Раководител на проектот „Цицибан“, проект на ДТЦ, 2011 | 1 |
| 7. | Раководител на проектот „Улични приказни“ - проект на ДТЦ и Метаморфозис 2012 | 1 |
| 8. | Раководител на проектот „Касета“ - проект на ДТЦ, 2012 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 9. | Раководител на проектот „Седум“, проект на ДТЦ и Хеда продукција, Стокхолм, Шведска, 2013 | 1 |
| 10. | Член на собрание на МТФ „Војдан Чернодрински“ 2014 | 0,5 |
| **Учество на претстави и/или филмови на национални и интернационални манифестации** | | |
| 1. | “Festival of political theatre”, Стокхолм, Шведска, 2012 | 2 |
| 2. | „Ex Ponto“, Љубљана, Словенија, 2012 | 2 |
| 3. | “Festival of monodrama” Земун, Србија, 2012 | 2 |
| 4. | “Festival of chamber theatre and small theatre forms – Rampa Ru”, Кишињев, Молдавија, 2012 | 2 |
| 5. | “Festival of monodrama – Saint Muse”, Улан-Батор, Монголија, 2013 | 2 |
| 6. | МТФ „Фестивал на балкански театар“, Бурса, Турција, 2013 | 2 |
| 7. | „ALEXandria International Festival for Contemporary Theater“, Александрија, Египет, 2015 | 2 |
| | **Вкупно** | **38,50** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 2,00 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 100,00 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 38,50 |
| **Вкупно** | **140,50** |

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Проф. м-р Рефет Абази, с.р.**

2. **Проф. м-рЕљеса Касо, с.р.**

3. **Проф. д-р Тихомир Стојановски, с.р.**

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) ОВЧАРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот од страна на деканот на Факултетот за земјоделски науки и храна, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Коха” и „Дневник” од 16. XI 2016 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) овчарство и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-2579/4, донесена на 6. XII 2016, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Владимир Цабирски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Никола Пациноски, вонреден професор на Институтот за сточарство и д-р Драгослав Коцевски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) овчарство, во предвидениот рок се пријави кандидатот Кочо Порчу, доцент на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

### 4. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот доц. д-р Кочо Порчу е роден на 5. III 1973 во Крушево. Средно образование завршил во Скопје. Со високо образование се стекнал на Земјоделскиот факултет во Скопје во учебната 1996/1997 година. Дипломирал на Земјоделскиот факултет во учебната 1996/1997 година, со просечен успех 8,46.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2001/2002 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Студиите ги завршил во 2004 година, со просечен успех 9,60. На 18. XI 2004 година го одбранил магистерскиот труд на тема: „Варијабилност на микросателитската ДНК кај различни соеви овци од расата праменка во Република Македонија”.

Докторска дисертација пријавил на 19. IV 2007 година на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Дисертацијата на тема „Молекуларна карактеризација на *scrapie* во геномот на автохтоните популации овци во Република Македонија” ја одбранил на 22. II 2012 година, пред Комисија во состав: д-р Владимир Цабирски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Сретен Андонов, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Драгослав Коцевски, вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Методија Трајчев, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје и д-р Соња Ивановска, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на земјоделски науки.

На 17. V 2012 година е избран во звањето доцент на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во областа овчарство.

Во моментот е вработен на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје во звањето доцент. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на Универзитетот бр. 1030 од 2.V 2012 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 815 од 15. XI 2002, бр. 872 од 29. IV 2005, бр. 942 од 15. V 2008, бр. 1030 од 2.

V 2012, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 5. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за земјоделски науки и храна во Скопје, кандидатот д-р Кочо Порчу изведува настава, вежби, теренска настава и консултации со студентите на прв и втор циклус студии на студиската програма анимална биотехнологија, екоземјоделство, агроекономика и преработка на земјоделски производи на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Кандидатот бил ментор на три дипломски труда.

Кандидатот учествувал како член во комисија за оцена/или одбрана на четири дипломски, еден магистерски труд и на една докторска дисертација.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Кочо Порчу по избор во звањето доцент бил автор или коавтор на вкупно 30 наслови, од кои пет труда се објавени во меѓународни научни списанија и 17 труда и осум апстракти се објавени/презентирани во меѓународни научни публикации.

Д-р Кочо Порчу учествувал како член во 2 научни проекта и 9 стручно-апликативни проекти.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Кочо Порчу активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Врши стручна апликативна работа во областа на сточарството, посебен ангажман имал во областа на овчарството, козарството и биолошката разновидност кај домашните животни.

Кандидатот д-р Кочо Порчу остварил експертски активности во програми на национално ниво, експертските активности биле насочени кон спроведување на мерки и активности во матично книговодство, селекција и следење на состојбите во сточарството, како и реализација на стручни задачи и активности од програмата за биолошка разновидност во сточарството.

Стручно усовршување во странство остварил со студиски престој во периодот од 11 до 15. IV 2016 година, во Годоло, Унгарија, 7-13. IV 2014 година, во Дебрецен, Унгарија и Орадеа, Романија, 4-10. IX 2013 година во Пекинг, Кина, 24-25. VII 2013 година во Нант, Франција.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на стручни комисии и работни групи при Факултетот за земјоделски науки и храна:

- Комисија за меѓународна соработка (претседател), Комисија за настава (член), Комисија за наука (член), Конкурсна комисија за запишување на студенти (член)
- Работна група за промотивни активности на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Во мај 2013 година, избран е за продекан за меѓународна соработка на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје. Кандидатот д-р Кочо Порчу по службена должност е член на Деканатската управа на Факултетот, Комисијата за наука, Комисијата за нормативна дејност и работни односи, Комисијата за спорт и студентски активности.

Кандидатот учествувал во уредувачкиот одбор за издавање на годишен зборник на Вториот меѓународен симпозиум за земјоделство и храна. Во изборниот период, д-р Кочо Порчу учествувал во изготвување и пријавување на 3 научни и 9 стручно-апликативни проекти.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатот д-р Кочо Порчу доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје во учебната 2015/2016 година во зимскиот семестар, со просечна оценка 9,57.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на доц. д-р Кочо Порчу.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека доц. д-р Кочо Порчу поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето вонреден професор во наставно-научната област овчарство.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Кочо Порчу да биде избран во звањето вонреден професор во наставно-научната област овчарство.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

4. **Проф. д-р Владимир Џабирски, с.р.**
5. **Проф. д-р Никола Пациновски, с.р.**
6. **Проф. д-р Драгослав Коцевски, с.р.**

*Анекс 2*

# ОБРАЗЕЦ

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** ***Кочо, Димитар, Порчу***
**Институција:** ***Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје***
**Научна област:** ***овчарство***

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | **Настава** | |
| 1 | Насока – Анимална биотехнологија - Козарство (3+0) (зимски семестар) – Настава – 2012/2013; | 1,8 |
| 2 | Насока – Анимална биотехнологија - Козарство (3+0) (зимски семестар) – Настава – 2013/2014; | 1,8 |
| 3 | Насока – Анимална биотехнологија - Козарство (3+0) (зимски семестар) – Настава – 2014/2015; | 1,8 |
| 4 | Насока – Анимална биотехнологија - Козарство (3+0) (зимски семестар) – Настава –2015/2016; | 1,8 |
| 5 | Насока – Анимална биотехнологија - Козарство (3+0) (зимски семестар) – Настава –2016/2017; | 1,8 |
| 6 | Насока – Анимална биотехнологија – Биолошка разновидност во земјоделството (3+0) (летен семестар) – Настава – 2012/2013; | 1,8 |
| 7 | Насока – Анимална биотехнологија – Биолошка разновидност во земјоделството (3+0) (летен семестар) – Настава –2013/2014; | 1,8 |
| 8 | Насока – Анимална биотехнологија – Биолошка разновидност во земјоделството (3+0) (летен семестар) – Настава –2014/2015; | 1,8 |
| 9 | Насока – Анимална биотехнологија – Биолошка разновидност во земјоделството (3+0) (летен семестар) – Настава –2015/2016; | 1,8 |
| 10 | Насока – Екоземјоделство, Преработка на земјоделски производи, Анимална биотехнологија – Екосточарство (3+0) (зимски семестар) – Настава – 2012/2013; | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| 11 | Насока – Екоземјоделство, Преработка на земјоделски производи, Анимална биотехнологија – Екосточарство (3+0) (зимски семестар) – Настава – 2013/2014; | 1,8 |
| 12 | Насока – Екоземјоделство, Преработка на земјоделски производи, Анимална биотехнологија – Екосточарство (3+0) (зимски семестар) – Настава – 2014/2015; | 1,8 |
| 13 | Насока – Екоземјоделство, Преработка на земјоделски производи, Анимална биотехнологија – Екосточарство (3+0) (зимски семестар) – Настава – 2015/2016; | 1,8 |
| 14 | Насока – Екоземјоделство, Преработка на земјоделски производи, Анимална биотехнологија – Екосточарство (3+0) (зимски семестар) – Настава – 2016/2017; | 1,8 |
| 15 | Насока – Агроекономика – Избрани технологии во сточарското производтство (3+0) (летен семестар) – Настава – 2012/2013; | 1,8 |
| 16 | Насока – Агроекономика – Избрани технологии во сточарското производтство (3+0) (летен семестар) – Настава – 2013/2014; | 1,8 |
| 17 | Насока – Агроекономика – Избрани технологии во сточарското производтство (3+0) (летен семестар) – Настава – 2014/2015; | 1,8 |
| 18 | Насока – Агроекономика – Избрани технологии во сточарското производтство (3+0) (летен семестар) – Настава – 2015/2016; | 1,8 |
| 19 | Насока – Квалитет и безебедност на храна, Преработка на земјоделски производи - Технологија на овчарско и козарско производство (3+0) (зимски семестар) – Настава – 2012/2013; | 1,8 |
| 20 | Насока – Квалитет и безебедност на храна, Преработка на земјоделски производи - Технологија на овчарско и козарско производство (3+0) (зимски семестар) – Настава – 2013/2014; | 1,8 |
| 21 | Насока – Квалитет и безебедност на храна, Преработка на земјоделски производи - Технологија на овчарско и козарско производство (3+0) (зимски семестар) – Настава – 2014/2015; | 1,8 |
| 22 | Насока – Квалитет и безебедност на храна, Преработка на земјоделски производи - Технологија на овчарско и | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | козарско производство (3+0) (зимски семестар) – Настава – 2015/2016; | |
| 23 | Насока – Квалитет и безебедност на храна, Преработка на земјоделски производи - Технологија на овчарско и козарско производство (3+0) (зимски семестар) – Настава – 2016/2017; | 1,8 |
| 24 | Насока – Анимална биотехнологија - Овчарство (3+0) (летен семестар) – Настава – 2012/2013; | 1,8 |
| 25 | Насока – Анимална биотехнологија - Овчарство (3+0) (летен семестар) – Настава – 2013/2014; | 1,8 |
| 26 | Насока – Анимална биотехнологија - Овчарство (3+0) (летен семестар) – Настава – 2014/2015; | 1,8 |
| 27 | Насока – Анимална биотехнологија - Овчарство (3+0) (летен семестар) – Настава – 2015/2016; | 1,8 |
| | **Вежби** | |
| 28 | Насока – Анимална биотехнологија - Козарство (0+2) (зимски семестар) – Вежби – 2012/2013; | 0,9 |
| 29 | Насока – Анимална биотехнологија - Козарство (0+2) (зимски семестар) – Вежби –2013/2014; | 0,9 |
| 30 | Насока – Анимална биотехнологија - Козарство (0+2) (зимски семестар) – Вежби –2014/2015 | 0,9 |
| 31 | Насока – Анимална биотехнологија - Козарство (0+2) (зимски семестар) – Вежби –2015/2016; | 0,9 |
| 32 | Насока – Анимална биотехнологија - Козарство (0+2) (зимски семестар) – Вежби –2016/2017; | 0,9 |
| 33 | Насока – Анимална биотехнологија – Биолошка разновидност во земјоделството (0+2) (летен семестар) – Вежби – 2012/2013; | 0,9 |
| 34 | Насока – Анимална биотехнологија – Биолошка разновидност во земјоделството (0+2) (летен семестар) – Вежби – 2013/2014; | 0,9 |
| 35 | Насока – Анимална биотехнологија – Биолошка разновидност во земјоделството (0+2) (летен семестар) – Вежби – 2014/2015; | 0,9 |

| | | |
|---|---|---|
| 36 | Насока – Анимална биотехнологија – Биолошка разновидност во земјоделството (0+2) (летен семестар) – Вежби – 2015/2016; | 0,9 |
| 37 | Насока – Екоземјоделство, Преработка на земјоделски производи, Анимална биотехнологија – Екосточарство (0+2) (зимски семестар) – Вежби – 2012/2013; | 0,9 |
| 38 | Насока – Екоземјоделство, Преработка на земјоделски производи, Анимална биотехнологија – Екосточарство (0+2) (зимски семестар) – Вежби – 2013/2014; | 0,9 |
| 39 | Насока – Екоземјоделство, Преработка на земјоделски производи, Анимална биотехнологија – Екосточарство (0+2) (зимски семестар) – Вежби – 2014/2015; | 0,9 |
| 40 | Насока – Екоземјоделство, Преработка на земјоделски производи, Анимална биотехнологија – Екосточарство (0+2) (зимски семестар) – Вежби – 2015/2016; | 0,9 |
| 41 | Насока – Екоземјоделство, Преработка на земјоделски производи, Анимална биотехнологија – Екосточарство (0+2) (зимски семестар) – Вежби – 2016/2017; | 0,9 |
| 42 | Насока – Агроекономика – Избрани технологии во сточарското производтство (0+2) (летен семестар) – Вежби – 2012/2013; | 0,9 |
| 43 | Насока – Агроекономика – Избрани технологии во сточарското производтство (0+2) (летен семестар) – Вежби – 2013/2014; | 0,9 |
| 44 | Насока – Агроекономика – Избрани технологии во сточарското производтство (0+2) (летен семестар) – Вежби – 2014/2015; | 0,9 |
| 45 | Насока – Агроекономика – Избрани технологии во сточарското производтство (0+2) (летен семестар) – Вежби – 2015/2016; | 0,9 |
| 46 | Насока – Анимална биотехнологија - Овчарство (0+2) (летен семестар) – Вежби – 2012/2013; | 0,9 |
| 47 | Насока – Анимална биотехнологија - Овчарство (0+2) (летен семестар) – Вежби – 2013/2014; | 0,9 |
| 48 | Насока – Анимална биотехнологија - Овчарство (0+2) (летен семестар) – Вежби – 2014/2015; | 0,9 |
| 49 | Насока – Анимална биотехнологија - Овчарство (0+2) (летен семестар) – Вежби – 2015/2016; | 0,9 |

| | | |
|---|---|---|
| 50 | Насока – Квалитет и безебедност на храна, Преработка на земјоделски производи - Технологија на овчарско и козарско производство (0+2) (зимски семестар) – Вежби – 2012/2013; | 0,9 |
| 51 | Насока – Квалитет и безебедност на храна, Преработка на земјоделски производи - Технологија на овчарско и козарско производство (0+2) (зимски семестар) – Вежби – 2013/2014; | 0,9 |
| 52 | Насока – Квалитет и безебедност на храна, Преработка на земјоделски производи - Технологија на овчарско и козарско производство (0+2) (зимски семестар) – Вежби – 2014/2015; | 0,9 |
| 53 | Насока – Квалитет и безебедност на храна, Преработка на земјоделски производи - Технологија на овчарско и козарско производство (0+2) (зимски семестар) – Вежби – 2015/2016; | 0,9 |
| 54 | Насока – Квалитет и безебедност на храна, Преработка на земјоделски производи - Технологија на овчарско и козарско производство (0+2) (зимски семестар) – Вежби – 2016/2017; | 0,9 |
| | **Ментор на дипломска работа** | |
| 55 | Методи за контрола на млечноста кај овците, Никола Оџаклиески, 2016 година | 0,2 |
| 56 | Објекти за сместување на млечни раси кози, Филип Петрушевски, 2016 година | 0,2 |
| 57 | Фенотип на домашна балканска коза, Кузмановски Благоја, 2014 година | 0,2 |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторат** | |
| 58 | Технологија и динамика на зреење кај традиционален овчи кашкавал, м-р Душица Санта, 2014 година | 0,5 |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура** | |
| 59 | Оцена на прозиводни, морфолошки и репродуктивни особини кај говеда од расата буша во Тиквешкиот регион, Александар Клинчаров, 2015 година | 0,3 |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** | |

| | | |
|---|---|---|
| 60 | Споредба на квалитетот на јајцата кај несили од различна возраст, Милко Спасовски, 2014 година | 0,1 |
| 61 | Споредба на квалитативните својства на јајцата кај несилки одгледувани во кафезен и поден систем на одгледување, Моника Стојанова, 2016 година | 0,1 |
| 62 | Дефинирање на агроеколошките мерки и висинината на подршката за заштита на автохтоните раси овци во Република Македонија, Виктор Овнарски, 2016 година | 0,1 |
| 63 | Оцена на Конформација кај спортски коњи, Фросина Арсовска, 2013 година | 0,1 |
| | **Настава во школи и работилници** | |
| 64 | Работилница: Овчарски денови ***Конзервација на биолошката разновидност во сточарството на национално ниво* - PrP генотипизација кај овци**, Кочо Порчу, доц. д-р Институт за анимална биотехнологија, Катедра за сточарство, Маврово, 12 и 13. 6. 2013 година, Маврово. | 1 |
| 65 | Работилница: Зајакнување на капацитетите во МЗШВ и јавните институции и фармерите - екипирање и едукација на човечките ресурси во системот: **,,Осврт кон програмата за заштита биолошка разновидност во сточарството на РМ 2011-2017"**. Кочо Порчу, доц. д-р Институт за анимална биотехнологија, Катедра за сточарство, Втор меѓународен симпозиум за земјоделство и храна Охрид, 7-9 октомври 2015. | 1 |
| 66 | Работилница: Зајакнување на капацитетите во МЗШВ и јавните институции и фармерите- екипирање и едукација на човечките ресурси во системот: **Карактеризација на биолошката разновидност на шарпланинецот, негова дисперзија и реитродукција во рурални подрачја и одгледувачи на расата.** Кочо Порчу, доц. д-р Институт за анимална биотехнологија, Катедра за сточарство, Втор меѓународен симпозиум за земјоделство и храна Охрид, 7-9 октомври 2015. | 1 |
| 67 | Работилница: Зајакнување на капацитетите во МЗШВ и јавните институции и фармерите - екипирање и едукација на човечките ресурси во системот: **Биолошка разновидност во козарството**. Кочо Порчу, доц. д-р Институт за анимална биотехнологија, Катедра за сточарство, Втор меѓународен симпозиум за земјоделство и храна Охрид, 7-9 октомври 2015. | 1 |
| 68 | Работилница: **Овчеполска овца - Производни особини карактеризација на биолошка рановидност.** Кочо Порчу, доц. д-р. Институт за анимална биотехнологија, Катедра за сточарство. 10 јуни 2016, Пехчево. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 69 | **K.Porchu**. (2016). In situ and Ex situ gene conservation in Republic of Macedonia FAO, the European Regional Focal Point for Animal Genetic Resources (ERFP) and the Research Centre for Farm Animal Gene Conservation (HáGK) 12 April to 14 April 2016 Gödöllő, Hungary. | 1 |
| 70 | Работилница: **ЗАШТИТА НА БИОЛОШКАТА РАЗНОВИДНОСТ ВО СТОЧАРСТВОТО – СОВЕТУВАЊЕ, ВО ЧЕСТ НА ПРОФ. Д-Р РИСТО ИЛКОВСКИ Анимални генетски ресурси кај овци и кози,** Кочо Порчу, доц. д-р Институт за анимална биотехнологија, Катедра за сточарство, 11 декември 2013, Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје. | 1 |
| 71 | Научно популарна книга<br><br>OVERVIEW AND ASSESSMENT OF SUPPORT MEASURES FOR ENDANGERED LIVESTOCK BREEDS SUBSIBREED Published by European Regional Focal Point for Animal Genetic Resources (ERFP), c/o Federal Office for Agriculture and Food (BLE), 321 Information and Coordination Centre for Biological Diversity (IBV), Deichmanns Aue 29, DE-53179 Bonn, Germany, Electronic publication only http://www.rfp-europe.org/ | 1 |
| | **Вкупно** | 82,7 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Учесник во национален научен проект<br>Користење на сорти и хибриди од маслодајна репка (Brassica napus L.) за храна, добиточна храна и индустриски преработки. Проект финансиран од Универзитет "Св. Кирил и Методиј" -Скопје (2013-2014). | 3 |
| 2 | Учесник во меѓународен научен проект<br>Characterization and integrated utilization of advanced wheat mutant lines for food and feed. IAEA (2014 -2017). | 5 |
| | **Апстракти објавени во зборник на конференција** | |
| 3 | Vladimir Dzabirski, **Kocho Porchu**, Mirjana Jankulovska, Nikola Pacinoski, Goran Trajkovski, Srecko Gjorgievski. (2016). Variation of milk yield and milk composition of autochthonous Ovchepolian sheep breed. p: 138. 5th Congress of Ecologists of the Republic of Macedonia, with international participation. Macedonian Ecological Society, 19th-22th October 2016. | 1 |
| 4 | Vladimir Dzabirski, **Kocho Porchu**, Gjoko Bunevski, Nikola Pacinoski, Goran Trajkovski (2016). *In situ* and *Ex situ* gene | 1 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | conservation of domestic animals in the Republic of Macedonia. p:147. 5th Congress of Ecologists of the Republic of Macedonia, with international participation. Macedonian Ecological Society 19th-22th October 2016. | |
| 5 | Gj. Bunevski, D. Kocevski, V. Dzabirski, **K. Porchu**, G. Trajkovski Estimation of effective size of Busha cattle in the R. of Macedonia. (2016). p 137. 5th Congress of Ecologists of the Republic of Macedonia, with international participation. Macedonian Ecological Society 19th-22th October 2016. | 1 |
| 6 | D. Kocevski, V. Dzabirski, Gj. Bunevski, V. Vukovic, S. Georgievski, **K. Porchu**, N. Nikolova, G. Trajkovski Climate changes and adaptation capacity of autochthonous poultry genotypes. (2016) p 139. 5th Congress of Ecologists of the Republic of Macedonia, with international participation. Macedonian Ecological Society 19th-22th October 2016. | 1 |
| 7 | D. Kocevski, V. Dzabirski, Gj. Bunevski, V. Vukovic, S. Georgievski, **K. Porchu**, N. Nikolova, G. Trajkovski Productivity and sustainability of autochthonous Macedonian poultry genotypes. (2016) p 140. 5th Congress of Ecologists of the Republic of Macedonia, with international participation. Macedonian Ecological Society 19th-22th October 2016. | 1 |
| 8 | T. Dovenski , V. Petkov , V. Dzabirski , F. Popovska-Percinic , B. Atanasov , **K. Porcu** , S. Trojacanec , K. Ilievska , M. Nikolovski , M. Dovenska, P. Trojacanec. (2015). Reproductive biotechnical methods - effective tools for preservation of endangered indigenous farm animal breeds. p 119. II International VETistanbul Group Congress - Russia - 2015 Saint-Petersburg, Russia, 07-09 April 2015. | 1 |
| 9 | Dzabirski V., **Porcu K**., Jankulovska M., Pacinovski N. (2015). *Genetic diversity of goat ecotypes in the Republic of Macedonia (Abstract)* 2nd International Symposium for Agriculture and Food, (VI International Symposium of Livestock Breeding), October, 7-9, Book of Abstracts, p. 38. Ohrid, Republic of Macedonia. | 1 |
| 10 | **Porcu K**., Dzabirski V., Bunevski G., Pacinovski N. (2015). *Factorial correspondence analysis in indigenous sheep populations in Macedonia (Abstract)* 2nd International Symposium for Agriculture and Food, (VI International Symposium of Livestock Breeding), October, 7-9, Book of Abstracts, p. 39. Ohrid, Republic of Macedonia. | 1 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание** | |
| 11 | Pacinovski N., Dzabirski V., Nakov D., **Porcu K.,** Trajchev M., Cilev G., Joshevska E. (2016). Effects of non-genetic factors on daily milk production in Awassi breed of sheep in Macedonia. Agriculture and Forestry,<br><br>***In press*** 62 (4): 35-44. DOI: 10.17707/AgricultForest.62.4.05 | 2,4 |
| 12 | Dragoslav Kocevski, Nedeljka Nikolova, Gjoko Bunevski, Vladimir Džabirski, Vlado Vuković, **Kočo Porču**. (2015). Quality of egg for consumption from different producers in the markets in R. Macedonia. 1:. Egg mass and egg shell strengt. Macedonian Journal of Animal Science, Vol. 5, No. 2, p-p. 59-62 199 In print: ISSN 1857 – 6907 Received: August 22, 2015 On line: ISSN 1857 – 7709 Accepted: October 23, 2015 UDC: 636.333(497.7) Original scientific paper. | 2,4 |
| 13 | Nikola Pacinovski, Vladimir Dzabirski, **Koco Porcu**, Goce Cilev, Elena Joshevska, Milan P. Petrovic, Zvonko Antunovic. (2016). Factors influencing productive traits of awassi crossbreeds in Macedonia. Biotechnology in Animal Husbandry 32 (2), p 145-161, (2016) ISSN 1450-9156 Publisher: Institute for Animal Husbandry, Belgrade-Zemun UDC 636.082'638 DOI: 10.2298/BAH1602145P | 2,4 |
| 14 | Pacinovski N., Dzabirski V., **Porcu K.**, Dimov G., Cilev G. (2015). Simplification of A4 to AC4 method of test day yield of East Friesian sheep in Macedonia. Macedonian Journal of Animal Science, Vol. 5, No. 2, p-p. 51–58 (2015) 197 In print: ISSN 1857 – 6907 Received: August 22, 2015 On line: ISSN 1857 – 7709 Accepted: October 23, 2015 UDC: 636.333(497.7) Original scientific paper. | 2,4 |
| 15 | Pacinovski N., Dzabirski V., **Porcu K.**, Joshevska E., Cilev G., Petrovic P.M. (2015). Productivity of milk and milk composition of an indigenous sheep breed in Macedonia. Biotechnology in Animal Husbandry vol. 31 (4), p. 491–504. Belgrade-Zemun, Serbia | 2,4 |
| | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | |
| 16 | Kocevski D., Bunevski Gj., Dzabirski V., Vukovic V., **Porcu K.**, Nikolova N., Tanevski M., Tasev G. (2014). Egg quality characteristics in autohtonous genotypes of chickens raised on Macedonian rural farms. Proceeding of the International Symposium on Animal Science. 175-181. Belgrade-Zemun. | 1,8 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 17 | Bunevski Gj., Kocevski D., **Porcu K.**, Stojiljkovic Z., Lujic J., Trajkovski G. (2014). SEUROP classification of bovine carcasses in Strumica region. XIX Savetovanje o biotehnologiji sa medjunarodnim ucescem. Zbornik radova Vol. 19 (21), 371-377. Cacak. | 1,8 |
| 18 | Bunevski Gj., Kocevski D., Dzabirski V., **Porcu K.**, Saltamarski Z. (2016). Creating a gene bank for Busha cattle in the R. of Macedonia. XXI Savetovanje o biotehnologiji. Zbornik radova Vol. 21. (24). 559-564. Cacak. | 1,8 |
| 19 | Dzabirski V., **Porcu K.**, Kocevski D., Trajkovski G., Dzabirski O. (2014). Regional distribution of GHG emission from livestock enteric fermentation and manure management in Republic of Macedonia in the period 2007-2014. Proceedings of the International symposium of Animal Science 2014. p 524-535. Beograd-Zemun. Serbia. | 1,8 |
| 20 | Dzabirski V., **Porchu K.**, Aleksandra Martinovska Stojcheska, Katerina Belichovska, Ivana Janeska Stamenkovska and Jasmina Milevska. (2013). Determination of agri-environmental supporting rates to protect biodiversity of indigenous sheep breeds. Proceedings IV International Symposium "Agrosym" p. 1241-1247, Jahorina. | 1,8 |
| 21 | Bunevski Gj., Kocevski D., Dzabirski V., **Porcu K.**, Petkov V., Saltamarski Z. (2015): Phenotypic characterization of Busha cattle in the R. of Macedonia. ISAF 2015: 2nd International Symposium for agriculture and food. VI International Symposium of Livestock Breeding. Skopje. | 1,8 |
| 22 | Dzabirski V., Bunevski Gj., **Porchu K.**, Aleksandra Martinovska-Stojcheska, Jasmina Milevska. (2012). Calculation of supporting rates for autochthonous busha cattle breed as a method in implementing agri-environmental measures. Proceedings, $4^{th}$ Congress of ecologist of the Republic of Macedonia with international participation, Ohrid Macedonia, October 12-15, 2012, p 202-205. | 1,8 |
| 23 | Kocevski D., Georgievski S., Dzabirski V., Bunevski Gj.,Vukovic V., Andonov S., **Porcu K.** (2012). Restrictive feeding as a management tool for reduced manure production and environmental pollution from a layer farm. Proceedings, $4^{th}$ Congress of ecologist of the Republic of Macedonia with international participation, Ohrid Macedonia, October 12-15, 2012, p 99-102. | 1,8 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 24 | Kocevski D., Georgievski S., Dzabirski V., Bunevski Gj.,Vukovic V., Andonov S., **Porcu K**. (2012). Managing poultry diet composition to reduce Phosphorus excretion and environmental pollution. Proceedings, 4th Congress of ecologist of the Republic of Macedonia with international participation, Ohrid Macedonia, October 12-15, 2012, p 92-97 | 1,8 |
| 25 | Dzabirski V., **Porcu K**., Kocevski D. (2012). GHG emissions from domestic livestock in the Republic of Macedonia, enteric fermentation and manure management, in the period 2006-2010. Proceedings, 4th Congress of ecologist of the Republic of Macedonia with international participation, Ohrid Macedonia, October 12-15, 2012, p 86-91. | 1,8 |
| 26 | Georgievski S., Kocevski D., Dzabirski V., Bunevski Gj.,Vukovic V., Andonov S., **Porcu K**., Nedeljka Nikolova, Arsov S., Tasev G. (2013). Egg production and egg quality parametars of layers fed diets with or without added phytase. International symposium for agriculture and food, Symposium proceedings, p 665-666. | 1,8 |
| 27 | Dzabirski V., **Porcu K**., Bunevski Gj., Srbinovska Sonja, Kocevski D., Georgievski S., Trajkovski G. (2013). Regional distribution of cattle, sheep and goat farms in the Republic of Macedonia, according to farm size and breed structure. International symposium for agriculture and food, Symposium proceedings, p 649-664. | 1,8 |
| 28 | Georgievski S., Kocevski D., Dzabirski V., Bunevski Gj.,Vukovic V., **Porcu K**., Nedeljka Nikolova, Arsov S., Tasev G. (2013). Comparing production data of layers under conventional and restictive feeding program. International symposium for agriculture and food, Symposium proceedings, p 677-686. | 1,8 |
| 29 | Bunevski Gj., Kocevski D., Dzabirski V., Trojacanec Snezana, **Porcu K**. 2013. Defininng of bread goals of hostein cattle in the R. Of Macedonia. International symposium for agriculture and food, Symposium proceedings, P 677-686. | 1,8 |
| 30 | Zoran Popovski, Blagica Dimitrievska, **Kocho Porchu**, Muhamed Brka, Alma Rahmanovic, Bozidarka MArkovic, Radica Djedovic, Vladimir Mageta, Hairyp Mehmeti, Mensur Vegara. (2013). Polymorphism in ovine $\alpha$S1-casein gene among autchtonous strains of pramenka sheep in Balkan. International symposium for agriculture and food, Symposium proceedings, P 687-690. | 1,8 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 31 | Z.T. Popovski, B.R. Dimitrievska, E. Miskoska-MIlevska, **K. Porcu**, K.Bandzo. (2013). Electrophoretic determination of female specific protein in Koi Carp as a tool for gender indentification technique comparison. International symposium for agriculture and food, Symposium proceedings, p 691-695. | 1,8 |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир** | |
| 32 | Vladimir Dzabirski, **Koco Porcu**, Dragoslav Kocevski, Mirjana Jankulovska, Goran Trajkovski. (2016). Assessment of genetic diversity in domestic balkan goat ecotypes in the Former Yugoslav Republic of Macedonia. Sustainable goat breeding and goat farming in Central and Eastern European countries, European Regional Conference on Goats, 7–13 April 2014 ISBN 978-92-5-109123-4<br>© FAO, Rome, 2016 | 1,2 |
| | **Вкупно** | 58,00 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Експертски активности: Матично книговодство, селекција и следење на состојбите во сточарството. (МЗШВ). Период: 2012 година. Архивски број: 03-01/1. | 1 |
| 2 | Експертски активности: Матично книговодство, селекција и следење на состојбите во сточарството. (МЗШВ). Период: 3.9.2013-31.12.2013. Архивски број: 03-1765/1. | 1 |
| 3 | Експертски активности: Матично книговодство, селекција и следење на состојбите во сточарството. (МЗШВ). Период: 6.3.2014-15.12.2014. Архивски број: 03-467/1. | 1 |
| 4 | Експертски активности: Матично книговодство, селекција и следење на состојбите во сточарството. (МЗШВ). Период: 4.3.2015-1.12.2015. Архивски број: 03-358/1. | 1 |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| 5 | Експертски активности: Матично книговодство, селекција и следење на состојбите во сточарството. (МЗШВ). Период: 8.2.2016-1.12.2016. Архивски број: 03-204/1. | 1 |
| 6 | Експертски активности: Реализација на стручни задачи и активности од програмата за биолошка разновидност во сточарството за 2013 година. (МЗШВ). Период: 7.1.2013-7.04.2013 Архивски број: 03-2054/1. | 1 |
| 7 | Експертски активности: Реализација на стручни задачи и активности од програмата за биолошка разновидност во сточарството за 2014 година. (МЗШВ). Период: 12.08.2014-15.12.2014 Архивски број: 03-1555/1. | 1 |
| 8 | Експертски активности: Реализација на стручни задачи и активности од програмата за биолошка разновидност во сточарството за 2015 година. (МЗШВ). Период: 27.2.2015-15.12.2015 Архивски број: 03-357/1. | 1 |
| 9 | Експертски активности: Реализација на стручни задачи и активности од програмата за биолошка разновидност во сточарството за 2016 година. (МЗШВ). Период: 23.2.2016-1.12.2016 Архивски број: 03-326/1. | 1 |
| | **Дејности од поширок интерес** | |
| 10 | Член на организационен одбор или програмски одбор на научен / стручен собир<br>2nd INTERNATIONAL SYMPOSIUM FOR AGRICULTURE AND FOOD, ISAF 2015 | 1 |
| 11 | Член на организационен одбор или програмски одбор на научен / стручен собир<br>XIIth International Symposium Tirana, Biodiversity and Economic Development, 21 December 2016 | 1 |
| 12 | Студиски престој во странство: *11-15. IV 2016, Meetings of the ERFP Working Group on Ex situ Conservation ERFP Working Group Ex Situ Conservation meeting, Godollo, Hungary.* | 0,5 |
| 13 | Студиски престој во странство: *7-13. IV 2014,* European Regional Conference on Goats, Debrecen (Hungary) and Oradea (Nagyvárad, Romania). | 0,5 |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| 14 | Студиски престој во странство: *4-10. IX 2013,* Agricultural Sciense and Technology Exchange between China nad Central-Eastern European Countries, Beijing, China. | 0,5 |
| 15 | Студиски престој во странство: *24-25. VII 2013,* 19th ERFP Assembly meeting of European National Coordinators for Animal Genetic Resources, *Nantes, France.* | 0,5 |
| 16 | Cooperation Programme Interreg V-B "Balkan-Mediterranean 2014-2020 1st Call for Project Proposals (Priority Axis 1, Specific Objective 1.3 - Territories of knowledge). Project Title: Shifting the model of Balkan sheep farming towards enhanced meat production. Project Acronym: Balkan – Lamb. Mas Reference Number: 2387/26/4/2016. | 1 |
| 17 | Продекан за меѓународна соработка на ФЗНХ-УКИМ во мандатниот период април 2013- ноември 2016 | 4 |
| 18 | Член на Комисија за меѓународна соработка во мандатен период (април 2013 - ноември 2016) | 0,5 |
| 19 | Член на Комисија за настава во мандатен период (април 2013 - ноември 2016) | 0,5 |
| 20 | Член на Комисија за наука во мандатен период (април 2013 - ноември 2016) | 0,5 |
| 21 | Член на Комисија за втор циклус во мандатен период (април 2013 - ноември 2016) | 0,5 |
| 22 | Работна група за подготовка на Повеќегодишна програма за истражување во областа на земјоделството и шумарството | 1 |
| 23 | Член на Конкурсната комисија за реализација на конкурсот за запишување на студенти во учебните (2012/2013; 2013/2014) | 0,5 |
| 24 | Учество во промотивни активности на ФЗНХ - Скопје 2012/2013 | 0,5 |
| 25 | Учество во промотивни активности на ФЗНХ - Скопје 2013/2014 | 0,5 |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| 26 | Учество во промотивни активности на ФЗНХ - Скопје 2014/2015 | 0,5 |
| 27 | Учество во промотивни активности на ФЗНХ - Скопје 2015/2016 | 0,5 |
| 28 | Промотивна брошура – Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје | 0,5 |
| | **Вкупно** | 24,00 |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 82,70 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 58,00 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 24,00 |
| **Вкупно** | 164,70 |

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

1. **Проф. д-р Владимир Џабирски, с.р.**

2. **Проф. д-р Никола Пациновски, с.р.**

3. **Проф. д-р Драгослав Коцевски, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕТО НА НЕКОИ ХЕРБИЦИДИ ВРЗ СТЕПЕНОТ НА ЗАПЛЕВЕЛЕНОСТ НА КОМПИРОТ И ПРИНОСОТ" ОД М-Р АЛИРАМИ С. САЛИЈИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна, во Скопје бр. 02-2443/3, донесена на XXXVII-та седница одржана на 16.11.2016 година со која сме избрани за членови на Комисијата за оцена на докторската дисертација **Влијанието на некои хербициди врз степеност на заплевеленост на компирот и приносот**, изработена од **м-р Алирами С. Салији**, чест ни е да го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

1. Содржина на дисертацијата

Дисертацијата под горенаведениот наслов е напишана на 124 страници отчукани на компјутер, во кои влегуваат 35 табели и 4 графикони. Дисертацијата ги содржи следниве поглавја: Вовед (4 страници); Цел на испитувањата (1 страница); Преглед на литература (6 страници); Материјал и метод на работа (10 страници); Почвено-климатски услови (7 страници); Резултати со дискусија (84 страници); Заклучоци (4 страници) и Литература (8 страници). На почетокот се дадени апстракти на македонски и англиски јазик.

Во воведот, кандидатот дава осврт на застапеноста, потеклото и значењето на компирот од аспект на неговата важност во исхраната на луѓето и индустријата. Понатаму, во воведот кандидатот го нагласува богатството на компирот со разни хранливи материи, потенцирајќи ги аминокиселините и скробот како најважни. Во воведот, исто така се наведува и големото агротехничко значење на компирот како преткултура за голем број други култури. И покрај внесувањето на високородни сорти компир, нагласува кандидатот, приносот и понатаму заостанува зад европскиот. Една од причините за сеуште нискиот принос се плевелите кои претставуваат константен пратечки комплекс од садењето до бербата на компирот. Во таа смисла, начелно се објаснуваат штетите од плевелите, како директни штети кои го намалуваат приносот, така и индиректни кои го влошуваат квалитетот на компирот, потенцирајќи ги притоа флористичкиот состав на плевелната вегетација и борбата против нив, нагласувајќи ја употребата на хербициди.

Во поглавјето „Цел на испитувањата" се изнесува дека главна цел на испитувањата се проучувањето на флористичкиот состав на плевелната вегетација во компирот, ефикасноста на хербицидите во сузбивањето на

плевелите, фитотоксичноста на хербицидите врз испитуваните сорти компир, како и влијанието на хербицидите врз елементите на приносот.

Во поглавјето „Преглед на литература“ се дава приказ на голем дел од досегашните проучувања, како од фитоценолошки аспект, така и од аспект на борбата против плевелите со хербициди. Досегашните проучувања покажуваат дека од аспект на влијанието на хербицидите врз степенот на заплевеленост на компирот особено кај нас, не е доволно или воопшто работено. Од приказите изнесени во ова поглавје се гледа дека кандидатот при изработката на својата дисертација проучил поприлична литература која што е во директна врска со тематиката што тој ја обработува.

Поглавјето „Материјал и метод на работа“ опфаќа опис на материјалите вклучени во експерименталните проучувања и детален опис на полските испитувања. Испитувањата се вршени во полски услови во текот на 3 години (2012-2014). Опитите беа поставени според методот на случаен-блок систем во три повторувања, со големина на опитните парцелки од 21 $m^2$. Беа испитувани 4 хербицидни варијанти и две контроли (без окопување и со окопување). Три хербицидни варијанти (линурон, пендиметалин и метрибузин) беа употребени по садење, пред никнење на компирот и плевелите, а една хербицидна варијанта (метрибузин) беше употребена по никнење на компирот и плевелите. Сите испитувани параметри консеквентно се анализирани по употребата на хербицидите. Имено, оценувањето на флористичкиот состав на плевелната вегетација, како и коефициентот на ефикасноста на хербицидите е извршено по методот на квадрати, а фитотоксичноста на хербицидите се одредуваше визуелно според скалата од 1 до 9, предложена од Европското друштво за проучување на плевелите (EWRS). Елементите на приносот, како и самиот принос беа одредувани во периодот на цветање на компирот. Добиените резултати се варијационо-статистички обработени со анализа на варијанса и тестирани според LSD-тестот.

Во рамките на ова поглавје е дадена и кратка карактеристика на користените сорти компир и на употребените хербициди.

Во поглавјето „Почвено-климатски услови“ е дадена анализа на климата и временските услови во годините на испитувањата во Тетовско, како и анализа на поважните својства на почвата во локалитетот на полските опити.

Поглавјето „Резултати со дискусија“ го сочинува најголемиот дел од дисертацијата (84 страници). Во овој дел се изнесуваат и коментираат резултатите од испитувањата на еден поголем комплекс прашања поставени преку оваа дисертација, со цел основниот проблем намалување или спречување на конкуренцијата на плевелите во однос на компирот по пат на хемиска борба, т.е. употреба на хербициди, да биде што поцелосно разјаснет. Исто така, не помалку важно внимание се посветува и на чувствителноста на позастапените сорти компир на македонскиот пазар во однос на примена на хербицидите. За таа цел, во ова поглавје се обработуваат резултатите од неколку групи прашања: флористички состав на плевелната вегетација во подрачјето на испитувањата, ефикасност на хербицидите во сузбивањето на плевелите, фитотоксичност на хербицидите и влијанието на хербицидите врз елементите на приносот кај компирот.

Флористички состав на плевелната вегетација. Испитувањата покажаа дека флористичкиот состав на плевелната вегатација го сочинуваа 26 плевелни вида, од кои 23 широколисни (дикотиледонски) и 3 класести видови (од фам. Poaceae). Бројот на

видовите во првата и втората година од испитувањата е идентичен (12), а во третата нивниот број значително се зголемил и изнесувал 22. Во сите година од испитувањата доминираа едногодишните (терофитски) видови, претежно доцнопролетни и некои ранопролетни видови. Оваа плевелна вегетација е карактеристична за окопните култури. Заплевеленоста кај контролната варијанта е најмала во првата година од испитувањата (135,6 rastenija na $m^2$), а потоа се зголемува кон третата година кога е и најголема (320,5 rastenija na $m^2$). Од плевелните видови, во првата година најдоминантен е црниот зрнец (*Solanum nigrum*) со 46,0 rastenija na $m^2$, во втората година најдоминантни се белата кучешка лобода (*Chenopodium album*) со 62,3 rastenija na $m^2$ и обичното влакнесто просо (*Echninochloa crus-galli*) со 42,7 rastenija na $m^2$, додека во третата убедливо најзастапен беше повеќегодишниот рајграс (Lolium perenne) со 139,8 rastenija na $m^2$.

Ефикасност на хербицидите во сузбивањето на плевелите. Испитувањата во оваа дисертација, како и бројни други досегашни испитувања, покажуваат дека хербицидите се значаен фактор во намалувањето или речиси целосното елиминирање на плевелната популација. Хербицидите, при соодветен флористички состав и интензитет на зплевеленост покажаа висока ефикасност во сузбивањето на плевелите. Во првата година од испитувањата вкупната ефикасноста на хербицидите во сузбивањето на плевелите е релативно висока, при што коефициентот на ефикасноста (КЕ) се движи од 89,2% кај пендиметалин до 97,4% кај метрибузин употребен по садење пред никнење на компирот, или во просек за сите хербицидни варијанти КЕ изнесува 93,3%. Во втората година од испитувањата (2013) вкупната ефикасноста на хербицидите во сузбивањето на плевелите е повисока во споредба со претходната, при што КЕ се движи од 93,4% кај пендиматалин до 99,6% кај метрибузин употребен по садење пред никнење на компирот, или во просек за сите хербицидни варијанти КЕ изнесува 96,2%. Трендот на висока ефикасност во сузбивањето на плевелите продолжи и во третата година од испитувањата (2014), при што КЕ се движи од 93,4% кај линурон до 100,0% кај метрибузин употребен по садење пред никнење на компирот, или во просек за сите хербицидни варијанти КЕ изнесува 97,7%. Во просек за сите години од испитувањата, ефикасноста на хербицидите во сузбивањето на плевелите е релативно висока, при што коефициентот на ефикасноста (КЕ) се движи од 93,6% кај линурон, 93,9% кај пендиметалин до 99,0% кај метрибузин употребен по садење пред никнење на компирот, или во просек за сите хербицидни варијанти за трите години КЕ изнесува 95,8%.

Фитотоксичност на хербицидите. Иако хербицидите кои се регистрирани за употреба во компир се селективни, сепак не е исклучена можноста од појава на сортна чувствителност и манифестирање на фитотоксичен ефект. Во 2012 година кај сортите Карлита и Арнова забележано е преодно оштетување (2) во вид на хлорози предизвикани од линурон. Слично оштетување (2) беше констатирано кај сортитеУлтра и Арнова предизвикано од метрибузин употребен по садење пред никнење на компирот, додека за нијанса посериозно оштетување од преоден карактер (3) беше констатирано кај метрибузин употребен по никнење на компирот. Во втората година од испитувањата (2013) повторно беа забележани преодни оштетувања (2) во вид на хлорози кај сортите Ултра и Арнова и нешто посериозни хлорози (3) кај сортата Арнова предизвикани од линурон. Карлита и Арнова беа лесно оштетени (2) во вид на изгореници на врвовите од листовите предизвикани од метрибузин употребен по никнење на компирот. Слична состојба беше констатирана и последната, 2014 година. Лесни преодни оштетувања (2) кај сортите Ултра, Карлита и Арнова беа предизвикани од линурон, како и кај Карлита и

Арнова предизвикани од метрибузин употребен по никнење на компирот. Сортите Дезире и Кондор покажаа поголема толерантност кон испитуваните хербициди, затоа што ни еден од нив не предизвика никаков фитотоксичен ефект. Од хербициден аспект, пендиметалинот и метрибузинот употребен по садење, пред никнењето на компирот не предизвикаа фитотоксичен ефект кај ниедна од испитуваните сорти.

Влијание на хербицидите врз висината на компирот. Висината на стеблото на компирот, иако претставува сортна карактеристика, сепак е зависна од голем број надворешни фактори, како што се климатските, почвените и применетата агротехника. Употребата на хербицидите, исто така, може да има одредено влијание врз висината на растенијата компир. Во просек за сите години од испитувањата, висината на растенијата компир кај сортата дезире се движи од 52,1 cm или 95,5% кај метрибузин употребен по никнење на компирот до 58,2 cm или 105,2 % кај линурон во споредна со контролата. Кај сортата кондор констатирана е истата законитост. Повторно најмала висина е измерена кај метрибузин употребен по никнење на компирот (52,1 cm или 100%), а најголема кај линурон (56,1 cm или 107,7%). во споредба со контролата. Висината на растенијата компир кај сортата ултра се движи од 68,4 cm или 97,2% кај линурон, до 70,7 cm или 100,4% кај пендиметалин во споредба со контролата. Кај сортата карлита висината на растенијата компир се движи од 50,8 cm или 98,1% кај метрибузин употребен по никнење на компирот до 55,3 cm или 106,8% кај пендиметалин во споредба со контролата. Висината на компирот кај сортата арнова се движи од 51,6 cm или 89,7% кај метрибузин употребен по никнењето на компирот до 58,1 cm или 102,6% кај пендиметалин во споредба со контролата. Влијанието на хербицидите на висината на компирот, во споредба со контролата, општо земено е мало и незначително.

Влијание на хербицидите врз бројот на клубени по растение. Бројот на клубени по растение, исто така, е сортна карактеристика, но сепак зависна од агроеколошките услови, големината на садниот материјал и применетата агротехника. Употребата на хербицидите, исто така, може да има одредено влијание врз овој параметар. Во просек за сите години од испитувањата, бројот на клубени по растение кај сортата дезире се движи од 9 или 96,8% кај пендиметалин до 9,9 или 106,4 % кај метрибузин употребен по садење пред никнење на компирот, во споредба со контролата. Кај сортата кондор најмал бројот на клубени по растение е избројан кај пендиметалин и метрибузин употребен по садење пред никнење на компирот (8,6 или 103,6%), а најголем кај метрибузин употребен по никнење на компирот (9,5 или 114,5%), во споредба со контролата. Бројот на клубени по растение кај сортата ултра се движи од 7,4 или 92,5%, кај линурон до 8,0 или 100,0% кај пендиметалин и метрибузин употребен по садење пред никнење на компирот, во споредба со контролата. Кај сортата карлита бројот на клубени по растение се движи од 8,2 или 102,5% кај метрибузин употребен по садење пред никнење на компирот до 8,8 или 110,0% кај пендиметалин, во споредба со контролата. Бројот на клубени по растение кај сортата арнова се движи од 9,5 или 113,1% кај метрибузин употребен по садење пред никнење на компирот до 10,2 или 114,3% кај метрибузин употребен по никнење на компирот, во споредба со контролата. Влијанието на хербицидите на бројот на клубени по растение, во споредба со контролата, општо земено е мало и само во случајот со сортата арнова статистички докажано.

Влијание на хербицидите врз масата на еден клубен. Масата на еден клубен, исто така, е сортна карактеристика, но сепак зависна од агроеколошките услови, големината на садниот материјал, одгледувањето на компирот и применетата агротехника.

Употребата на хербицидите, исто така, може да има одредено влијание врз овој параметар. Во просек за сите години од испитувањата, масата на еден клубен кај сортата дезире се движи од 62,6 g или 121,3% кај пендиметалин до 75,2 g или 145,7 % кај метрибузин употребен по никнење на компирот, во споредба со контролата. Кај сортата кондор најмала маса на еден клубен е измерена кај метрибузин употребен по никнење на компирот (82,1 g или 131,2%), а најголема кај метрибузин употребен по сеидба пред никнење на компирот (94,1 g или 150,3%), во споредба со контролата. Масата на еден клубен кај сортатаултра се движи од 102,8 g или 142,4%, кај пендиметалин до 112,7 g или 156,1% кај линурон, во споредба со контролата. Кај сортата карлита масата на еден клубен се движи од 92,3 g или 126,8% кај метрибузин употребен по никнење на компирот до 102,7 g или 141,1% кај метрибузин употребен по садење пред никнење на компирот, во споредба со контролата. Бројот на клубени по растение кај сортата арнова се движи од 71,9 g или 102,7% кај метрибузин употребен по никнење на компирот до 87,7 g или 125,3% кај линурон, во споредба со контролата. Влијанието на хербицидите на масата на еден клубен, во споредба со контролата, општо земено е големо и во случаите со сортите дезире, кондор, ултра и карлита е статистички докажано речиси кај сите хербицидни варијанти во однос на контролата.

Влијание на хербицидите врз приносот на клубени по растение. И приносот на клубени по растение, исто така, е сортна карактеристика, која, сепак, е зависна од агроеколошките услови, големината на садниот материјал, одгледувањето на компирот и применетата агротехника. Употребата на хербицидите, исто така, може да има одредено влијание врз приносот по растение. Во просек за сите години од испитувањата, приносот на клубени по растение кај сортата дезире се движи од 626 g или 128,8% кај пендиметалин до 748,7 g или 154,0 % кај метрибузин употребен по сеидба пред никнење на компирот, во споредба со контролата. Кај сортата кондор, најмал приносот на клубени по растение е измерен кај пендиметалин (756,3 g или 144,1%), а најголем кај метрибузин употребен по сеидба пред никнење на компирот (814,3 g или 155,2%), во споредба со контролата. Приносот на клубени по растение кај сортата ултра се движи од 847,3 g или 146,0%, кај пендиметалин до 955,3 g или 164,6% кај метрибузин употребен по садење пред никнење на компирот, во споредба со контролата. Кај сортата карлита масата на еден клубен се движи од 792,0 g или 134,6% кај метрибузин употребен по никнење на компирот до 889,0 g или 151,1% кај метрибузин употребен по садење пред никнење на компирот, во споредба со контролата. Бројот на клубени по растение кај сортата арнова се движи од 773,0 g или 130,1% кај метрибузин употребен по никнење на компирот до 860,0 g или 148,8% кај метрибузин употребен по садење пред никнење на компирот, во споредба со контролата. Влијанието на хербицидите на приносот на клубени по растение, во споредба со контролата, општо земено е големо и во сите случаи со испитуваните сорти е статистички докажано кај сите хербицидни варијанти.

Влијание на хербицидите врз приносот. За да се оцени влијанието на сузбивањето на плевелите врз приносот на компирот, докторандот во опитот се служел со контролна варијанта која била одржувана чиста од плевели (со окопување) во текот на целиот вегетациски период на културата. И приносот, како и впрочем претходните негови параметри, исто така, е сортна карактеристика, но сепак зависна од агроеколошките услови и применетата агротехника. Хербицидите, сузбивајќи ги плевелите, имаат големо влијание влијание врз приносот. Во просек за сите години од испитувањата, приносот кај сортата дезире се движи од 27,1 t/ha или 129,5% кај пендиметалин до 32,4 t/ha или 154,8 % кај метрибузин употребен по сеидба пред никнење на компирот, во

споредба со контролата. Кај сортата кондор најмал принос е измерен кај пендиметалин (32,8 t/ha или 144,5%), а најголем кај метрибузин употребен по сеидба пред никнење на компирот (34,4 t/ha или 151,5%), во споредба со контролата. Приносот кај сортата ултра се движи од 36,7 t/ha или 146,2%, кај пендиметалин до 41,3 t/ha или 164,5% кај метрибузин употребен по садење пред никнење на компирот, во споредба со контролата. Кај сортата карлита приносот се движи од 34,3 t/ha или 143,3% кај кај метрибузин употребен по никнење на компирот до 38,8 t/ha или 161,3% кај метрибузин употребен по садење пред никнење на компирот, во споредба со контролата. Приносот кај сортата арнова се движи од 32,6 t/ha или 161,1% кај метрибузин употребен по никнење на компирот до 36,8 t/ha или 130,9% кај линурон, во споредба со контролата. Влијанието на хербицидите врз приносот во споредба со контролата, општо земено е големо и во сите случаите со испитуваните сорти е високо статистички докажано кај сите хербицидни варијанти, во споредба со контролата.

Заклучоци. Од бројните резултати до кои дошол докторандот во текот на тригодишните испитувања се извлечени и систематизирани 17 заклучоци по сите прашања на кои се даваат одговори од овие испитувања. Конечен, т.е. сумарен заклучок би бил дека добиените резултати треба да бидат насока како, кога и какви хербициди треба да се користат во иднина, особено доколку постојат голем број на различни сорти компир. Во зависност од сортата, треба да се одбере хербицид, како и времето за негова употреба. Добиените резултати од тригодишните испитувања, особено споредбата на приносот помеѓу хербицидните варијанти и контролата со окопување, покажуваат дека воопшто не треба да се има дилема дали да се користат хербицидите, туку да се најде соодветниот, во зависност од одгледуваната сорта, агроеколошките услови и применетата агротехника.

**2. Анализа на дисертацијата**

Докторската дисертација под наслов **Влијанието на некои хербициди врз степенот на заплевеленоста на компирот и приносот** истражува еден современ и актуелен проблем од областа на хербологијата, пред сè, од аспект на биоценолошките и производните промени кои што настануваат со примената на хербицидите. Актуелноста на проблематиката обработувана во оваа дисертација се манифестира во тоа што компирот, како интензивна окопна култура, може да биде заплевелен од голем број плевелни видови, најчесто едногодишни рано и доцнопролетни, како и некои повеќегодишни.

Компирот со околу 13-15000 хектари и просечен принос од нешто над 13 тони по хектар, е многу значајна култура, како во исхраната на човекот, така и за стопанството во целина во Р Македонија. Резултатите изнесени во оваа дисертација разјаснуваат значаен дел од биоценолошките односи на компирот и плевелите како негов придружен комплекс, од каде што произлегуваат мерки за обезбедување на пооптимални услови за раст и развој на културата. Во таа смисла е утврдувањето на специфичностите на плевелната вегетација во оваа култура, степенот на заплевеленоста и зависноста на приносот од степенот на заплевеленоста, кој според овие истражувања, покажуваат изразита пропорционалност (поголема заплевеленост, помал принос и обратно). Овие резултати имаат траен научен придонес затоа што разјаснуваат одредени фундаментални прашања. Покрај ова, со дисертацијата се разрешуваат одредени проблеми од кои произлегуваат и конкретни решенија. Во оваа смисла се и резултатите од испитувањата

за влијанието на одредени хербициди во сузбивањето на плевелите од одредена плевелна заедница, за спектарот на делувањето на испитуваните хербициди, за зависноста на ефикасноста на хербицидите од времето на нивната употреба, за евентуалниот фитотоксичен ефект кон различни сорти компир, и конечно за влијанието на хербицидите врз елементите на приносот и самиот принос кај компирот.

Во таа насока, дисертацијата има  големо значење за земјоделското производство, особено што компирот, како што беше претходно речено, е една од најинтензивните поледелски и градинарски култури.

3. Предлог и заклучок

Докторската дисертација под наслов **Влијанието на некои хербициди врз степенот на заплевеленоста на компирот и приносот** изработена од **м-р Алирами С. Салији**, е самостоен научен труд во кој е разработена актуелна и значајна проблематика. Сите испитувања во дисертацијата методолошки се правилно извршени, резултатите варијационо-статистички обработени и коментирани и, воопшто, применета е современа научно истражувачка методика што гарантира голема егзактност во добивањето на резултатите. Докторандот резултатите правилно ги толкува и ги интерпретира и од нив извлекува правилни заклучоци, кои ги споредува со резултатите од другите истражувачи од оваа и слична проблематика. Тоа покажува дека докторандот владее, како со теоретскиот дел од обласа на проблематиката што ја обработува, така и со научно истражувачката методологија.

Во врска со напред изнесеното, Комисијата оценува дека докторската дисертација под наслов **Влијанието на некои хербициди врз степенот на заплевеленоста на компирот и приносот** изработена од **м-р Алирами С. Салији**, е оригинален научен труд, кој претставува голем придонес во науката и земјоделската практика.

Затоа, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки  и храна во Скопје да ја усвои дисертацијата под горенаведениот наслов и да определи комисија и ден за нејзина јавна одбрана.

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Звонко Пацаноски, ментор с.р.

2. Проф. д-р Ташко Костов, член с.р.

3. Проф. д-р Ѓорѓи Мартиновски, член с.р.

4. Проф. д-р Рукије Агич. член с.р.

5. Доц. д-р Арбен Мехмети, член с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ЛЕСНА КРИПТОГРАФИЈА ОД ПЕРСПЕКТИВА НА ТЕОРИЈАТА НА КВАЗИГРУПИ“ ОД М-Р ХРИСТИНА МИХАЈЛОСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, на седницата одржана на 22.12.2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Христина Михајлоска со наслов „Лесна криптографија од перспектива на теоријата на квазигрупи“, во состав: проф. д-р Смиле Марковски (претседател), проф. д-р Данило Глигороски (ментор), вонр. проф. д-р Весна Димитрова (коментор), вонр. проф. д-р Александра Милева (надворешен член), вонр. проф. д-р Анастас Мишев (член) и проф. д-р Верица Бакева (резервен член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје му го поднесува следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Христина Михајлоска, со наслов „Лесна криптографија од перспектива на теоријата на квазигрупи“, содржи 160 страници компјутерски обработен текст во фонт Computer Modern, со 1,35 проред и големина на букви 12, и се повикува на 100 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси. Десет од тие трудови се авторско или коавторско дело на кандидатката, од кои два имаат добиено награда за најдобар труд на две реномирани меѓународни конференции.

Трудот е структуриран во седум глави, со вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, кандидатката ја наведува мотивацијата, го дефинира проблемот и ги определува целите на истражувањето во рамките на докторската дисертација. Кандидатката ги претставува актуелните предизвици во доменот на автентикациската енкрипција и го насочува истражувањето во овој домен.

**Првата глава** од докторската дисертација е насловена „Основи на симетричната криптографија“. Во неа се дадени основите на симетричната криптографија. Почнувајќи од блок шифрувачи, преку кодови за автентикација на порака, па сè до автентикациска енкрипција, што, всушност, е и суштината на оваа докторска дисертација.

**Втората глава** од докторската дисертација е насловена „π-Cipher“. Во неа е даден детален опис на новата шема за автентикациска енкрипција, π-Cipher. Воедно, π-Cipher е еден од кандидатите во втората рунда на натпреварот за автентикациска енкрипција CAESAR. Конструиран е алгоритам кој може да се истакне со своите посебни карактеристики со кои се издвојува од другите кандидати на натпреварот. π-Cipher е паралелен, инкрементален, онлајн, сигурносно докажан, базиран на нонс шифрувач за автентикациска енкрипција со поврзани податоци (англ. associated data). Во оваа глава, во детали се претставени функциите за енкрипција и автентикација и декрипција и верификација на податоците. Главна улога во конструкција на дизајнот има

пермутациската функција π, за чиј опис е издвоена посебна подглава во рамките на оваа глава.

**Третата глава** од докторската дисертација е насловена „Теорија на квазигрупи". Во оваа глава, кандидатката се фокусира на математичката заднина за градење на една јака крипто примитива како што во случајот е пермутациската функција π. Всушност, функцијата π се темели на теоријата на квазигрупи која во последните 15 години интензивно е испитувана за потребите на криптографијата од страна на домашни и странски научници. Дадена е алгебарска дефиниција на квазигрупи од ред $2^{64}$,$2^{128}$ и $2^{256}$, со кои се изградени трите варијанти за должина на зборови на π-Cipher (π16-Cipher, π32-Cipher, π64-Cipher соодветно). Во оваа глава, дадена е и алгебарската дефиниција на функцијата π преку квазигрупи и квазигрупни стринг трансформации.

**Четвртата глава** од докторската дисертација е насловена „Сигурносна анализа". Во неа кандидатката во детали го изложува сигурносниот модел на π-Cipher. За таа цел се користи криптографската парадигма - докажлива сигурност преку која се прави ригорозна анализа и проценка на сигурноста на криптографските шеми. Во оваа глава е прикажана формалната дефиниција за π-Cipher и поставен е сигурносниот модел за негово докажување. Исто така, прикажана и потврдена со анализа е и сигурноста на пермутациската функција π. Во истата глава е опишан обид за разбивање на сигурноста на дизајнот на π-Cipher од страна на трети лица чија цел била лесната варијанта на дизајнот, π16-Cipher096.

**Петтата глава** од докторската дисертација е насловена „Мод на работа на π-Cipher за уреди со ограничена меморија". Во оваа глава, кандидатката детално го опишува новиот мод на работа на π-Cipher за уреди со ограничена меморија. Фокусот е ставен на побарувањата на лесната криптографија со детален опис на новиот мод на операции на шемата π-Cipher кој поддржува меѓу тагови. Со овој мод, овозможено е π-Cipher да изврши верификација на тагот за големи пораки дури и на уреди кои имаат ограничена меморија и без притоа да се направи ослободување на неверифициран дел од декриптираниот шифриран текст. Како и самата шема, и овој мод е паралелен, поддржува онлајн енкрипција и декрипција и дава некое средно ниво на отпорност на шемата при реискористување на нонсот, како дополнителна робусна карактеристика на шифрувачот.

**Шестата глава** од докторската дисертација е насловена „Дополнителни карактеристики на π-Cipher". Во оваа глава, кандидатката ги наведува во детали карактеристиките на новата шема со кои π-Cipher се издвојува од другите учесници на натпреварот. Имено станува збор за лесната прилагодливост на шифрувачот кон големината на блокот на пораката што треба да се обработува. Оваа карактеристика со која блоковите имаат произволна големина му дава на шифрувачот можност за адаптација во системи кои работат со големи податоци и каде блокот на пораката што треба да се енкриптира достигнува и до големина на еден диск сектор/страница. Исто така, претставено е и инкременталното својство на шифрувачот. Во контекст на тоа, даден е посебен алгоритам со кој π-Cipher работи во инкреметален мод.

**Седмата глава** од докторската дисертација е насловена „Споредбена анализа". Во седмата глава, кандидатката е фокусирана на перформансите на дизјанот, па според тоа е направена споредбена анализа на нивниот дизајн со останатите кандидати на натпреварот. Во оваа глава се претставени предностите и недостатоците на функционалните и сигурносните карактеристики на шемата на π-Cipher во однос на досегашниот стандард за автентикациска енкрипција AES-GCM. Исто така, претставена е детална анализа на софтверската и хардверската имплементација на π-Cipher во споредба со останатите кандидати на натпреварот со што може јасно да се види каде е местото што

го заслужува овој дизајн во целосната слика на кандидати. Дадена е комплетна рецензија за π-Cipher од страна на член од стручната комисија на CAESAR-натпреварот.

Во **заклучните согледувања** се резимираат заклучокот и придонесите од докторската дисертација, како и насоки за понатамошни истражувања во оваа област.

**Предмет на истражување**

Предмет на истражување на докторската дисретација се дизајните на автентикациската енкрипција, ARX (Addition, Rotation and XOR) базираните примитиви, лесната криптографија и теоријата на квазигрупи. Според тоа дизајнирана е нова шема за автентикациска енкрипција која во себе вклучува неколку познати и веќе докажани концепти во криптографијата. Со нивна правилна комбинација, како и со додавање на нови функционалности изградена е шемата π-Cipher која нуди робусност како една од главните цели на натпреварот. Оваа шема дава еден нов поглед во дизајнот на ARX-базираните примитиви, каде што во заднина се користат алгебарските структури, квазигрупи. Во оваа докторска дисертација се работи со малите квазигрупи (од ред 4) и се разгледува можноста за нивно искористување во остварување на доволно сигурна комуникација која ќе ги задоволи основните принципи на лесната криптографија.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Едно особено активно научно поле во последната деценија е полето на сигурноста и безбедноста на податоците. Неминовна улога во ова поле зафаќа симетричната криптографија која што се темели врз три главни принципи: приватност, интеритет и автентикација на податоците. Меѓутоа, сите сме сведоци дека живееме во време кога технологијата станува дел од нашиот секојдневен живот и ги зафаќа сите компјутерски дисциплини. Брзиот развој на секојдневните модерни уреди од една страна ветува многу предности, кои го прават нашиот живот полесен, а од друга страна, пак, отвора огромен број прашања поврзани со безбедноста на тие уреди. Да се обезбеди сигурност и приватност кај ваквите уреди е од голема важност. Ова само по себе ја налага неопходноста на постоење алгоритми кои се фокусирани на безбедноста на малите уреди кои се дел на истражување на лесната криптографија (англ. lightweight cryptography). Лесната криптографија може да се смета како подобласт на криптографијата која се стреми да изнајде решенија посветени за уредите со ограничени ресурси. Во суштината на лесната криптографија е да се направи баланс помеѓу малите перформанси и сигурноста на уредите, односно како може да се постигне повисоко ниво на сигурност, а да се искористи само мала компјутерска моќ. Нејзина цел се широката палета од крајни кориснички уреди кои може да се имплементираат на мали хардверски чипови. Такви уреди се RFID-тагови, сензори во безжичните сензорски мрежи, паметни картички, индустриски микро-контролери итн. Индустријата ја увидела потребата за вакви алгоритми и голем број на криптографи имаат предложено решенија за лесни проточни шифрувачи, блок шифрувачи, хеш функции и во најново време шифрувачи за автентикациска енкрипција.

**Краток опис на применетите методи**

Како општи научни методи, докторската дисертација користи анализа и синтеза. Процесот на дефинирање нова методологија за нова фамилија алгоритми за автентикациска енкрипција кои ќе бидат приспособени за користење во лесната и традиционалната криптографија се состои од два аналитички процеса: (а) анализа на постојните автентикациско енкрипциски шеми и (б) комбинирање на неколку познати и веќе докажани концепти во автентикациската енкрипција со додавање на нови функционалности. Поконкретно, преку процесот (а), издвоени се како побитни да се

искористат концептите Енкрипција-па-MAC, модот на операции базиран на бројач за енкрипција на податоците и XOR MAC за автенткација и двојната сунѓер-конструкција за пермутациско базиран шифрувач. Во процесот (б), овие издвоени концепти се правилно искомбинирани во новиот дизајн и се додадени нови функционалности и подобрувања. Она што е новост во предложениот дизајн е тоа што пермутациската функција е базирана на ARX-операциите кои се постигнати со користење на алгебарските структури, квазигрупи. Двојната сунѓер конструкција е искористена во паралелен и инкрементален мод со користење на бројач. Ново воведената операција, сума по компоненти овозможува тагот да биде единствен за секоја порака, односно да не може на едноставен начин да се направи втора слика за тагот. Со умешно вметнување на тајниот број (SMN) во дизајнот на π-Cipher е постигнато некое средно ниво на сигурност при реискористување на нонсот за пораката. Исто така, употребата на алгебарските структури, квазигрупи при дизајнирањето на функцијата π, овозможуваат флексибилност во изборот на должината на блоковите за обработка на пораки.

**<u>Краток опис на резултатите од истражувањето</u>**

Како резултат од извршените истражувања и разработената тематика, најзначајни придонеси на оваа докторска дисертација се:

- дизајн и имплементација на нов алгоритам за автентикациска енкрипција, π-Cipher;
- дефинирање на нов тип ARX-базирана структура преку квазигрупи;
- развој на сигурносен модел за сигурносна анализа на π-Cipher;
- адаптација на π-Cipher за уреди со ограничена меморија;
- адаптација на блоковите за обработка на порака на π-Cipher според употребата;
- дефинирање на алгоритам за инкрементален мод на работа на π-Cipher.

Потврда за успешниот дизајн на оваа примитива е влезот во втората фаза на натпреварот за автентикациска енкрипција CAESAR, заедно со 20 други кандидати од целиот свет, како и релативно позитивната анализа добиена од CAESAR-натпреварот. За разлика од поголемиот дел од нив, π-Cipher се карактеризира со оригиналност и иновативност. Наспроти користење на веќе постојните примитиви во симетричната криптграфија и нивно комбинирање во модови на операции, π-Cipher е оригинален и по тоа што користи нов ARX-дизајн на основната крипто примитива и нова техника на обработка на тагот без учество на дополнителни скапи операции од типот на множење во конечно поле.

Од прикажаните резултати, се наметнуваат две насоки на истражување со реални шанси за понатамошна меѓународна промоција на кандидатот и нејзините истражувања:

- примена на лесната верзија која користи 16-битни зборови на шифрувачот π-Cipher во новиот тренд, Интернет на нештата, каде што безбедноста на податоците е неминовна;
- паралелна имплементација на π-Cipher со користење на современите графички процесорски единици GPU, кои имаат големо ниво на паралелизам и пресметковна моќ. На тој начин ќе дојде до израз паралелизабилноста и адаптибилноста на шемата и ќе може реално да се измерат перформансите на алгоритамот, кои би достигнале и до 10 пати поголемо софтверско забрзување од досега понуденото.

### Оцена на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Христина Михајлоска, со наслов „Лесна криптографија од перспектива на теоријата на квазигрупи", претставува истражување во областа на криптографијата. Изработката на темата на оваа докторска дисертација дава научен придонес во областа на симетричната криптографија, посебно во автентикациската енкрипција. Во оваа докторска дисертација е даден комплетен дизајн и имплементација на нова фамилија алгоритми за автентикациска енкрипција π-Cipher.

Докторската дисертација е проверена во рамките на системот за анализа и пронаоѓање на плагијати во трудови на Министерството за образование и наука. Согласно со извештајот од системот, добиен на 6.1.2017, дисертацијата е оригинално дело.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Христина Михајлоска, со наслов „Лесна криптографија од перспектива на теоријата на квазигрупи", според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

### Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Mohamed El-Hadedy, **Hristina Mihajloska**, Danilo Gligoroski, Amit Kulkarni, Dirk Stroobandt, Kevin Skadron: A 16-Bit Reconfigurable Encryption Processor for π-Cipher. *IEEE International Parallel and Distributed Processing Symposium Workshops 2016*, Chicago, IL, USA, pp: 162-171, (**Best Paper Award)**.

[2]. Simona Samardjiska, **Hristina Mihajloska**: Towards Cryptanalysis of ARX based ciphers. *The 13th Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2016)*, Bitola, Macedonia.

[3]. **Hristina Mihajloska**, Danilo Gligoroski, Simona Samardjiska: Reviving the Idea of Incremental Cryptography for the Zettabyte Era Use Case: Incremental Hash Functions Based on SHA-3. *Open Problems in Network Security - iNetSeC 2015*, Zurich, Switzerland, LNCS Springer 2016, pp: 97-111.

[4]. Danilo Gligoroski, **Hristina Mihajloska**, Simona Samardjiska, Hakon Jacobsen, Mohamed El-Hadedy, Rune E. Jensen, Daniel Otte: π-Cipher v2. *Cryptographic competitions: CAESAR, 2015.*

[5]. **Hristina Mihajloska**, Mohamed El Hadedy, Danilo Gligoroski, Kevin Skadron: Lightweight version of π-Cipher. *NIST Lightweight Cryptography Workshop 2015*, Gaithersburg, Maryland, USA.

[6]. Danilo Gligoroski, **Hristina Mihajloska**, Simona Samardjiska, Hakon Jacobsen, Mohamed El-Hadedy, Rune E. Jensen: π-Cipher: Authenticated Encryption for Big Data. Secure IT Systems - 19th Nordic Conference, NordSec 2014, Tromso, Norway, LNCS Springer 2014, pp: 110-128. Sdfs

[7]. Danilo Gligoroski, **Hristina Mihajloska**, Simona Samardjiska, Hakon Jacobsen, Mohamed El-Hadedy, Rune E. Jensen: π-Cipher v1. *Cryptographic competitions: CAESAR, 2014.*

[8]. **Hristina Mihajloska**: The Hardware Performance of Authenticated Encryption Modes. The 10th Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2013), Bitola, Macedonia, pp: 201-204.

[9]. Susanne Engels, Elif Bilge Kavun, Christof Paar, Tolga Yalcin, **Hristina Mihajloska**: A Non-Linear/Linear Instruction Set Extension for Lightweight Ciphers. *The 21st IEEE Symposium on Computer Arithmetic 2013*, Austin, TX, USA, pp: 67-75.

[10]. **Hristina Mihajloska** and Danilo Gligoroski: Construction of Optimal 4-bit Sboxes by Quasigroups of Order 4. *SECURWARE 2012 : The Sixth International Conference on Emerging Security Information, Systems and Technologies, 2012,* Rome, Italy, (**Best Paper Award)**.

**Заклучок и предлог**

Главни научни придонеси на кандидатот се: дизајн и имплементација на нов криптографски симетричен алгоритам, дизајн на нов тип ARX-базирана примитива, дефиниција на различни модови на работа на предложената шема, дефинирање сигурносен модел за обезбедување на негова безбедносна анализа и практична имплементација и потврда на валидноста на шемата.

Практична имплементација на овој алгоритам постои и таа е јавно достапна преку официјалната веб страна на π-Cipher. Резултатите добиени од ова истражување се компатибилни со најсовремените истражувања во оваа област, за што доказ е влезот во втората рунда на натпреварот на светско ниво за автентикациска енкрипција CAESAR и опстојувањето на овој шифрувач без некои посебни и посериозни криптоанализи кои би ја нарушиле неговата сигурност.

Со постигнатите резултати, кандидатката м-р Христина Михајлоска покажала длабоко познавање на проблематиката на дисертацијата и истражувачки дух и иницијатива, што резултира во значителен научен придонес во доменот на симетричната криптографија, особено во дизајнот на нови криптопримитиви кои можат да се користат во автентикациската енкрипција. Сите тие резултати се публикувани и презентирани на десет меѓународни конференции, при што два од објавените трудови имаат добиено награда за најдобар труд на две високо реномирани меѓународни конференции од областа што се обработува во дисертацијата.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Христина Михајлоска** со наслов **Лесна криптографија од перспектива на теоријата на квазигрупи.**

КОМИСИЈА

**Проф. д-р Смиле Марковски, претседател, с.р.**

**Проф. д-р Данило Глигороски, ментор, с.р.**

**Вонр. проф. д-р Весна Димитрова, коментор, с.р.**

**Вонр. проф. д-р Александра Милева, надворешен член, с.р.**

**Вонр. проф. д-р Анастас Мишев, член, с.р.**

# РЕФЕРАТ

## ЗА ПОВТОРЕН ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТИТЕ ЦРТАЊЕ И СЛИКАЊЕ НА КАТЕДРАТА ЗА СЛИКАРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, на својата редовна седница одржана на 20 октомври 2016 година, донесе Одлука за формирање Рецензентска комисија за повторен избор во звањето редовен професор, во состав: ред. проф. м-р Антони Мазневски претседател, ред. проф. м-р Рубенс Корубин член, ред. проф. м-р Беди Ибрахим, член.

На конкурсот, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „ Коха“ на 21 и 22 септември 2016 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања, по предметите цртање и сликање на Катедрата за сликарство на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, се пријави кандидатот ред. проф. м-р Благоја Маневски.

Врз основа на приложената документација од страна на кандидатот, како и следењето на неговата педагошка и ликовна дејност, Рецензентската комисија има чест да го достави следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Биографски податоци

Ред. проф. м-р Благоја Маневски е роден 1957 година во Скопје. Средно училиште за применета уметност завршил во Скопје, оддел: сликарство, во класата на проф. Родољуб Анастасов. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје во 1986 година на сликарскиот оддел, во класата на проф. Петар Мазев, со насока: графички дизајн. Добитник е на *Пофалница* на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за студент со највисок среден успех на генерацијата и истата година ја добил и наградата за сликарство, која ја доделува Факултетот. Магистрирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, област: сликарство, на тема: *Амбигвитетот на средиштето на уметничкото дело или „трошноста“ на неговата конзистентност*, под менторство на ред. проф.м-р Рубенс Корубин.

Во периодот 1991-2002 година работел како конзерватор за ѕидно сликарство во тогашниот Републички завод за заштита на спомениците на културата, сегашен Конзерваторски центар во Скопје и во 2001 година го добил звањето - *виш конзерватор* од истата институција. На полето на конзервацијата

има изработено и реализирано повеќе проекти за заштита на нашето културно наследство.

Од 2002 година, односно од вработувањето на Факултетот за ликовни уметности при УКИМ во Скопје, до 2007 година работел како *доцент* по предметите: цртање и сликање на Катедрата за сликарство. Во овој период бил претседател и член на повеќе работни комисии, како и раководител на Катедрата за сликарство во два мандатни периода, 2002-2006 година и 2006-2010 година.

Во 2003 година ја добива наградата *Нерешки мајстори* за сликарство, на изложбата на *ДЛУМ – 100 години македонска државност, 50 години на здружението*.

Во 2007 година го добил звањето *вонреден професор* на Факултетот за ликовни уметности при УКИМ во Скопје.

Од 2010 година до средината на ноември 2011 година бил *продекан* на Факултетот за ликовни уметности во Скопје. Како раководител и продекан на Факултетот земал активно учество во сите сфери на неговото развивање, водење и унапредување. Со решение на ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, од 15 ноември 2011 година е назначен за *в.д. декан* на Факулетот за ликовни уметности.

Во 2011 година, со Решение на министерот за култура на РМ бил назначен за претседател на Комисијата за подготовка на годишната програма на Министерството, за обласга ликовна уметност и галериска дејност, како и член на Комисијата за финансирање проекти од областа на меѓународната кулутрна соработка.

Универзитетскиот сенат на 40.седница одржана на 31.1.2012 година со Одлука го потврдуви изборот за *декан* со мандатен период од 1.2. 2012 до 1.2.2016 година. Повторно е избран за *декан* на Факултетот за ликовни уметности со Одлука за потврдување избор на декан на 34. седница на Универзитетскиот сенат одржана на 30.11.2015 година за мандатен период од 4 години, сметано од 2.2.2016 заклучно со 1.2. 2020 година.

Со Одлука на Универзитетскиот сенат, на својата 41.седница одржана на 28.2.2012 година, избран е во звањето *редовен професор* на Факултетот за ликовни уметности при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во 2016 година ја добил државната награда *11 Октомври* за највисоко признание за животно дело од јавен интерес на Република Македонија во областа на културата и уметноста.

Од 1982 година до денес активно учествувал во ликовниот живот на земјата и досега има реализирано седумнаесет самостојни проекти, земал учество на преку стотина групни изложби од државен и меѓународен карактер,на кои има добиено осум награди за своите трудови. Студиски престои имал во повеќе земји, меѓу кои во Италија, Германија, Франција, Грција, Јапонија, САД и др. Од претставувањата во странство се издвојуваат изложбите во Белград, Чачак, Сомбор, Панчево, Подгорица, Херцег Нови, Сараево, Загреб, Карловац, Риека,

Пореч, Љубљана, Софија, Истанбул, Рим, Венеција, Виена, Париз, Лондон, Кембриџ, Талин, Минхен, Њујорк, Бостон, Лос Анџелес, Токио, Прага, Неапол итн.

За своите референтни ликовни достигнувања во историјата на македонската современа ликовна уметност, застапен е во енциклопедиите *Енциклопедија Британика, Ми-Ан-ова енциклопедија* и *Македонска енциклопедија,* издадена од Македонската академија на науките и уметности.

Од 2012 година до денес, учествувал на повеќе ликовни изложби во земјава и во странство.

**Самостојни изложби**

2015, Софија (Бугарија), Културно информативен центар на Република

Македонија во Република Бугарија, *Ретроспекции* ( со Ј. Шумковски),

Скопје, НУ Национална галерија на Република Македонија, објект,, Мала

Станица“ *Без наслов.*

**Групни изложби**

2012 Скопје, Младински културен центар, Бела ноќ, *Врвна колекција на лични сеќавања, 1960-2010, 1990-ти Македонска ликовна уметност 1990-2000 ЕУФОРИЈА,*

Лондон (Велика Британија), La Galleria Pall Mall, *Made in Macedonia,*

Скопје, НУ Музеј на современа уметност, *Донации/аквизиции 2000-2011,*

2013, Скопје, НУ Нациналнa галерија на Македонија, Чифте-амам,

*Транзициска афторитарност, Уметникот и диктатурата,*

Неапол (Италија), Casoria Contemporary Art Museum, *Reflextion, White – Black or not,*

2014 , Прага (Чешка), Чешки културен центар, *Трасфигурирање,*
Скопје, НУ Музеј на современа уметност, *Солидарноста – Недовршен Проект?,*

Виена (Австија), Амбасада на Република Македонија, *Made in*

*Macedonia-Bricolage,*

*2015* , Загреб (Хрватска), Галерија „Лауба“, *The essence of Existence MacedonianConteporary Art,*

Скопје, НУ Национална галерија на Македонија, Чифте-амам,

*Изложба од конкурсот на Министерството за култура на*

*Република Македонија за откуп на ликовни дела за 2014* год.

2016, Тревизо (Италија), Museo Toni Benetton, *Imago Mundi.*

**Творечка активност**

Во богатото ликовно творештво на ред. проф. м-р Благоја Маневски секогаш постои континуитет, кој се карактеризира со рафиниран сензибилитет, нов, со свежи идеи, силна експресија и верба во сопствената уметност. Со својата ликовна автентичност, ред. проф. м-р Благоја Маневски е присутен како на нашата, така и на меѓународната ликовна сцена веќе три и половина децении, со постигнати извонредни резултати преку својот препознатлив изграден израз. Еден е од носителите на постмодернистичките тенденции од осумдесеттите години во Република Македонија и пошироко. Од неговиот избор за редовен професор па до денес (2012-2017 година), има реализирано две самостојни и единаесет групни изложби во земјава и во странство.

Со сериозноста на ликовниот концепт и огромната енергија вложена во неговите реализации, Маневски заслужува целосен респект и внимание. Тој е секогаш иновативен и оди чекор напред, секогаш е подготвен за експериментирање на различни комбинации, што ќе овозможат и поинакви начини на читање и рецепција на делата. Ликовната магија што ја создава влијае на сетилата и на чувствата на реципиентот, го издига квалитетот на неговото бивствување. Особено значаен е фактот, што тој подеднакво одговорно се одесува и кон цртежот. Цртачкиот медиум кај сликарот Благоја Маневски прераснува во ликовна дисциплина. Моливот и хартијата ја чинат кревката материјална подлога, којашто авторот ја претпочита во истражувањето на преодните состојби на ликовниот израз.

За неговите ликовни постигнувања, како автор, во 2016 година ја доби државната награда *„11 Октомври“* за највисоко признание за животно дело од јавен интерес на Република Македонија во областа на културата и уметноста.

**Наставно-образовна дејност и дејност од поширок интерес**

Во изминатиот период, од 2012 година до денес, како наставник по цртање и сликање на додипломските студии на Катедрата за сликарство, наставник и ментор на постдипломските студии, област: сликарство, по предметите сликање и сликарски практики (досега под негово менторство магистрирале 14 кандидати), ред. проф. м-р Благоја Маневски секогаш им е на располагање на студентите за практична поддршка при успешното совладување на наставната програма. Тој со најголем ентузијазам и целосна посветеност одговара на барањата и потребите на студентите за креативно надградување според нивните индивидуални афинитети. Со ваквиот негов приод, централно место во образовниот процес зазема студентот, кој станува и креатор на динамиката на студирањето. Колегата Маневски, воспоставувајќи го дијалогот и промовирајќи го партнерскиот однос со студентите, им овозможува тие да станат рамноправни оценувачи и двигатели на иницијативата за прогрес во наставно-образовниот процес.

Како декан, со втор мандат, на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, тој мошне ангажирано и совесно ги извршува сите обврски кои произлегуваат од оваа функција.

По спроведената самоевалуација, ред. проф. Благоја Маневски е оценет од страна на студентите со позитивна просечна оценка 8,44.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Ценејќи ги извонредните постигнувања на кандидатот ред. проф. м-р Балгоја Маневски на македонската современа ликовна сцена, неговиот севкупен ангажман и длабока посветеност, како на ликовно-креативен, така и на педагошки план, а и активностите врзани пошироко во струката, како и неговиот колегијален и конструктивен однос кон вработените на Факултетот, Рецензентската комисија смета дека пријавениот кандидат ги исполнува сите услови за повторен избор за наставник. Комисијата има чест и задоволство на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за ликовни уметности при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје да му предложи ред. проф. м-р Благоја Маневски да биде повторно избран во звањето **редовен професор** по предметите цртање и сликање на Катедрата за сликарство на ФЛУ во Скопје.

**Рецензентска комисија**

Ред. проф. м-р Антони Мазневски, претседател с.р.

Ред.проф. м-р Рубенс Корубин, член с.р.

Ред.проф. м-р Ибрахим Беди с.р.

# ОБРАЗЕЦ

# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: ред. проф. м-р Благоја Маневски**

**Институција: Факултет за ликовни уметности - Скопје**

**Научно - уметничка област: сликарство**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување на настава од прв циклус студии** | |
| | Цртање 2, 2012/13, летен, 5x15 x 0.04 = | **3** |
| | Сликање 8, 2012/13, летен, 8x15 x 0.04 = | **4.8** |
| | Цртање 1,2,3 и 4 2013/14, зимски/летен, 20x15x0.04= | **12** |
| | Цртање 3 и 4, 2014/15, зимски/летен, 20x15x0.04= | **12** |
| | Сликање 1,2,3 и 4, 2013/14, зимски/летен, 16x15x0.04= | **9.6** |
| | Сликање 3,4 и 5, 2014/15, зимски/летен, 20x15x0.04= | **12** |
| | Сликање 5 и 6, 2015/16, зимски/летен, 16x15x0.04= | **9.6** |
| | Сликање 7, 2016/17, зимски, 8x15x0.04= | **4.8** |
| 2 | **Одржување на настава од втор циклус студии** | |
| | Сликање 2, 2012/13, летен, 6x15x0.05= | **4.5** |
| | Сликање 1 и 2, 2013/14, зимски/летен, 8x15x0.05= | **6** |
| | Сликање 1 и 2, 2014/15, зимски/летен, 8x15x0.05= | **6** |
| | Сликање 1 и 2, 2015/16, зимски/летен, 8x15x0.05= | **6** |
| | Сликање 1, 2016/17, зимски 4x15x0.05= | **3** |
| | Сликар.практики, 2012/13, летен, 3x15x0.05= | **2.25** |
| | Сликар.практики 1и2, 2013/14,зим./лет. 2x15x0.05= | **1.5** |

| | | |
|---|---|---|
| | Сликар.практики 1и2 2014/15, зимски, 2х15х0.05= | **1.5** |
| | Сликар.практики 1и2 2015/16, лет./зим. 2х15х0.05= | **1.5** |
| | Сликар.практики 1, 2016/17, зимски 1х15х0.05= | **0.75** |
| | Подготовка на магистерски труд, 2013/14, зимски, 2х15х0.05= | **1.5** |
| | Изработка на магистерски труд, 2013/14, летен, 2х15х0.05= | **1.5** |
| | Подготовка на магистерски труд, 2014/15, зимски, 2х15х0.05= | **1.5** |
| | Изработка на магистерски труд, 2014/15, летен, 2х15х0.05= | **1.5** |
| | Подготовка на магистерски труд, 2015/16, зимски, 2х15х0.05= | **1.5** |
| | Изработка на магистерски труд, 2015/16, летен, 2х15х0.05= | **1.5** |
| | Подготовка на магистерски труд, 2016/17, зимски, 2х15х0.05= | **1.5** |
| 3 | **Одржување на вежби** | |
| | Сликање 8, 2012/13, летен, 8х15х0.03= | **3.6** |
| | Цртање 2, 2012/13, летен, 5х15х0.03= | **2.25** |
| | Цртање 1,2,3 и 4, 2013/14, зимски/летен, 20х15х0.03= | **9** |
| | Сликање 1,2,3 и 4 2013/14, зимски/летен, 16х15х0.03= | **7.2** |
| | Сликање 3,4, и 5, 2014/15, зимски/летен, 12х15х0.03= | **5.4** |
| | Сликање 5 и 6, 2015/16, зимски/летен, 16х15х0.03= | **7.2** |
| | Сликање 7, 2016/17, зимски, 8х15х0.03= | **3.6** |
| | | |
| | **Втор циклус** | |
| | Сликање 2, 2012/13, летен, 6х15х0.03= | **2.7** |
| | Сликање 1 и 2, 2013/14, зимски/летен, 12х15х0.03= | **5.4** |

| | | |
|---|---|---|
| | Сликање 1 и 2, 2014/15, зимски, 12x15x0.03= | **5.4** |
| | Сликање 1 и 2, 2015/16, зимски/летен, 12x15x0.03= | **5.4** |
| | Сликање 1, 2016/17, зимски, 6x15x0.03= | **2.7** |
| | Сликар.практики 2, 2012/13, летен 3x15x0.03= | **1.35** |
| | Сликарски практики 1 и 2, 2013/14, зимски/летен, 2x15x0.03= | **0.9** |
| | Сликарски практики 1 и 2, 2014/15, зимски/летен, 2x15x0.03= | **0.9** |
| | Сликарски практики 1 и 2, 2015/16, зимски/летен, 2x15x0.03= | **0.9** |
| | Сликарски практики 1, 2016/17, зимски 1x15x0.03= | **0.45** |
| | Подготовка на магистерски труд, 2013/14, зимски, 4x15x0.03= | **1.8** |
| | Изработка на магистерски труд, 2013/14, летен, 4x15x0.03= | **1.8** |
| | Подготовка на магистерски труд, 2014/15, зимски, 4x15x0.03= | **1.8** |
| | Изработка на магистерски труд, 2014/15, летен, 4x15x0.03= | **1.8** |
| | Подготовка на магистерски труд, 2015/16, зимски, 4x15x0.03= | **1.8** |
| | Изработка на магистерски труд, 2015/16, летен, 4x15x0.03= | **1.8** |
| | Подготовка на магистерски труд, 2016/17, зимски, 4x15x0.03= | **0.9** |
| | | |
| | | **188.25** |
| 4 | **Консултации со студенти** | |
| | 2012/2013, зимски/летен, 24x0.002= | **0.048** |
| | 2013/2014, зимски/летен, 24x0.002= | **0.048** |
| | 2014/2015, зимски/летен, 14x0.002= | **0.028** |

| | | |
|---|---|---|
| | 2015/2016, зимски/летен, 12x0.002= | **0.024** |
| | 2016/2017, зимски, 21x0.002= | **0.042** |
| 5 | Ментор на дипломска работа, 23 x 0.2 = | **4.6** |
| 6 | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура, 12 x 0.3 = | **3.6** |
| 7 | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа 25 x 0.1 = | **2.5** |
| | **Вкупно** | **10.89** |

**НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Ментор на магистерска работа 5 x 1 = | **5** |
| | | |
| | **Вкупно** | **5** |

**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Самостојни изложби** | |
| 1 | 2015 Софија, Културно-информативен центар на Р Македонија во Р. Бугарија, *Ретроспекции* | 7 |
| 2 | 2015 Скопје, НУ Национална галерија на Р Македонија, *Без наслов* | **5** |
| | | |
| | **Групни изложби** | |
| | **Групно јавно претставување со ликовни дела – со посебен проект, меѓународна,селектирана и жирирана манифестација ( во странство )** | |
| | | |
| 1 | 2012, Лондон, La Galleria Pall Mall, *Made in Macedonia* | **4** |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | 2013, Неапол (Италија), Casoria contemporary Art Museum, *Reflextion, White and Black or not* | **4** |
| 3 | 2014, Прага (Чешка), Чешки културен центар,тар, *Трансфигурирање* | **4** |
| 4 | 2014, Виена (Австрија), Амбасада на Републикаика Македонија, *Made in Macedonia-Bricolage* | **4** |
| 5 | 2015, Загреб (Хрватска), Галерија „Лауба“, *The essence of Existence – Macedonian Contemporary Art* | **4** |
| 6 | 2016, Тревизо (Италија), Museo Toni Benetton, *Imago Mundi* | **4** |
| | **Групно јавно претставување со ликовни дела – со посебен проект, селектирана и жирирана манифестација ( во земјата )** | |
| | | |
| 1 | 2012, Скопје, Младински културен центар, *Бела ноќ – Врвна колекција на лични сеќавања 1960-2010, 1990-ти: Македонска ликовна уметност 1990-2000 ЕУФОРИЈА* | **2** |
| 2 | 2012 , Скопје, НУ Музеј на современа уметност, *Донации/Аквизиции 2000/2011* | **2** |
| 3 | 2013,Скопје, НУ Национална галерија на Македонија, Чифте амам, *Транзициска афторитарност – уметникот и диктатурата* | **2** |
| 4 | 2014, Скопје, НУ Музеј на современа уметност, *Солидарноста – недовршен проект?* | **2** |
| 5 | 2015, Скопје, НУ Национална галерија на Македонија, Чифте-амам, *Изложба од конкурсот на Министерство за култура на Република Македонија за откуп на ликовни дела за 2014 година* | **2** |
| | **Вкупно** | **46** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред.број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | **Експертски активности – систематизација на ФЛУ** | **1** |
| 2 | Објавено дело во каталог од национална ликовна манифестација 5 x 1 = | **5** |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | Објавено дело во каталог од меѓународна ликовна манифестација 4 x 2 = | **8** |
| | | |
| | **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | |
| 1 | Државна награда „11 Октомври“ во 2016 година за највисоко признание за животно дело од јавен интерес на Република Македонија во областа на културата и уметноста | **5** |
| 2 | Декан (2012 – 2016) | **6** |
| 3 | Претседател на комисија за избор во звање<br>1 x 0.2 = | **0.2** |
| 4 | Претседател на комисија при Министерство за култура на РМ во изработка на национална програма од областа на визуелните уметности, архитектура и дизајн | **3** |
| | | |
| | **Вкупно** | **28.2** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **199,14** |
| **НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **5** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | **46** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **28,2** |
| **Вкупно** | **278,34** |

**Рецензентска комисија**

**Ред. проф. м-р Антони Мазневски, претседател с.р**

**Ред. проф. м-р Рубенс Корубин, член с.р.**

**Ред. проф. м-р Беди Ибрахим, член с.р.**

# РЕФЕРАТ

## ЗА ПОВТОРЕН ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТИТЕ:

## СЛИКАРСКА ТЕХНОЛОГИЈА, СЛИКАРСКИ ТЕХНИКИ И КОНЗЕРВАЦИЈА И РЕСТАВРАЦИЈА НА КАТЕДРАТА ЗА СЛИКАРСТВО

## ПРИ ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, на својата редовна седница одржана на 20.10.2016 година, формира Рецензентска комисија во состав: ред.проф.м-р Јован Шумковски, претседател, ред.проф.м-р Антони Мазневски,член и ред.проф. м-р Зоран Јакимовски, член.

На конкурсот,објавен во весниците „Нова Македонија“ на 22.9.2016 година и „Коха“ на 21.9.2016 година, за избор на наставник во сите звања по предметите: сликарска технологија, сликарски техники и конзервација и реставрација на Факултетот за ликовни уметности се пријави кандидатот

м-р Блаже Кузмановски, редовен професор.

Врз основа на приложената документација од страна на кандидатот, како и следењето на неговата досегашна педагошка, стручна и ликовна дејност, како и дејноста во непосредната заштита–конзервација и реставрација, Рецензентската комисија има чест да го достави следниов

# ИЗВЕШТАЈ

## Биографски податоци

Ред. проф. м-р Блаже Кузмановски е роден 1951 година во Скопје. Средно образование има завршено во Училиштето за применета уметност во Скопје. На Академијата за ликовни уметности во Загреб дипломирал во 1977 год. на Сликарскиот оддел во класата на проф. Раул Голдони. Од 1978 до 2002 година бил вработен во Републичкиот завод за заштита на споменици на културата на РМ, како сликар-реставратор за темперна живопис (иконопис). Од дипломирањето до вработувањето на Факултетот за ликовни уметности учествувал во бројни национални и меѓународни научноистражувачи проекти од областа на заштитата на културното наследство на Македонија. Исто така,

стручно се усовршувал во Полска, Италија, Русија, Франција и САД и учествувал на бројни семинари, летни школи, курсеви и сл.

Од 1966 до 1988 година, од областа на сликарството добитник е на пет награди. Во 1972 година и во 1998 година реализирал две самостојни изложби и учествувал на 15 групни изложби во земјата и во странство.

Од 1997 година е вклучен во наставниот процес на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, како надворешен соработник во насоката конзервација и реставрација. Од 1998 година е избран за наставник во звањето доцент по предметите: темперен, маслен, фреско и мозаичен живопис на насоката конзервација и реставрација.

Во учебната 2001/2002 година ја изведувал наставата по предметот сликарска технологија како надворешен соработник.

Во 2002 година се вработил на Факултетот за ликовни уметности во Скопје,на Сликарскиот оддел,како доцент по предметите: сликарска технологија, сликарски техники и конзервација и реставрација.

Во 2006 година го одбранил магистерскиот труд на тема "Конзервација и реставрација на минијатурни мозаични икони" на Факултетот за применета уметност во Белград, Република Србија под менторство на ред. проф. Гордана Жуниќ Кусовац.

Во 2007 година е избран за вонреден професор на Факултетот за ликовни уметности во Скопје.

Во 2009 година пријавил докторска дисертација во Институтот за фолклор „Марко Цепенков" во Скопје на тема „Техничко–технолошки и естетски карактеристики на народното боење во Македонија".

Во 2012 е избран за редовен професор на Факултетот за ликовни уметности во Скопје по предметите: сликарска технологија, сликарски техники и конзервација и реставрација.

Од 2011 води постдипломски студии од областа на конзервацијата и реставрацијата.

## Творечка активност во периодот 2012-2016 година

Од изборот во звањето редовен професор на ФЛУ, кандидатот м-р Блаже Кузмановски ги изработил следниве монументални сакрални мозаични панели:

**2012 год.**

- изработени се мозаиците во Црквата „Св.Богородица "Каменско - Охрид и тоа:

-“Дејсиз“ 0,90 x 0,55 м.

-“Исус Христос“ 0,89 x 0,39м., “

-“Св. Апостол Јован Богослов“ 177 x 0,84 м.

-“Богородица Ширшаја“ 0,88 x 0,40 м.,

- столбови димензии 2,20 x 1,45 м., 1,60 x 0,85м. x 4.

**2012-2013 год.**

-,,Ирами“ -директен мозаичен панел поставен во јавниот објект Јавно обвинителство на Република Македонија со димензии 3,60 x 6,40 м.- 23,5 м2.

**2014 год.**

- Изработен мозик ,,Св.Јован Крстител“во Црквата ,,Св.Јован Крстител“ во Скопје со димензии 160x180 см.

**2015 год.**

- Изработени 3 кружни подни мозаици во Црквата ,,Св. Петка“ во Кавадарци 7,6 м.2.

**2015-1016 год.**

Изработени 3 ѕидни мозаични панели во Црквата ,,Св. Петка“ во Кавадарци и тоа:

- ,,Исус Христос“ 1,20x1,65 м.

- ,,Св Јован Крстител“1,00 x 0,60 м.

- ,,Св. Климент“ 1,00 x 0,60 м.

**2016 год.**

- ,,Св. Ѓорѓија“- ѕиден мозаичен панел на портата во Резиденцијата на Македонската православна црква – Скопје, со димензии 1,00 x 1,30 м.

## Непосредна заштита

**2012 год.**

- Конзервација и реставрација со транспозиција на ѕидни фрагменти од Археолошкиот локалитет ,,Плаошник"V век – Охрид.

**2013 год.**

- Реставрација и конзервација на 2 монументални слики на платно со димензии 3x4 м. од Музејот на Македонската борба за независност и самостојност.

**2012– 2016 год**.

- Реставрација и конзервација на 32 икони од 18 до 19 век.

**2012 – 2016 год**.

- Реставрација на **16** слики во маслена техника од приватните збирки и колекции од македонските современи сликари: Димитар Аврамовски – Пандилов, Димитар Андонов - Папрадешки, Никола Мартиновски, Лазар Личеновски, Ванѓел Коџоман, Миле Корубин и Трајче Јанчевски.

## Стручен надзор, експертиза, реставраторски проекти

**2012 год.** – Стручен надзор на конзервација и реставрација на две икони од Галерија на икони, НУ Завод и Музеј Охрид:

1. Св. Василиј Велики и Св. Никола, с.к. 1125 XI век
2. Богородица Епискепсис, с.к. 1030 XIV век

**2013 год.**

- Претседател на Комисијата за прием на конзерваторско реставраторски проект на ,,Епископската базилика" – Стоби

**2013 год.** – Стручен надзор на конзервација и реставрација на три икони од перманентната поставка на Галерија на икони – Охрид

1. Св. Наум Охридски/Архангел Михаил, с.к. 1132 (литиска икона)XIV век
2. Св. Марина со житие, с.к. 2502 XVIII век
3. Св. Марина, с.к. 2729 XIX век

**2013/2014 год.** – Стручен надзор на конзервација и реставрација на две икони од перманентната поставка на Галерија на икони – Охрид

1. Богородица Одигитрија/Распетие Христово (литиска икона), с.к. 86/87 XIV век
2. Св. Јован Крстител, с.к. 1091 XVII век

**2015/2016 год.** – Стручен надзор на конзервација и реставрација на две икони од Галерија на икони, НУ Завод и Музеј Охрид

**1.**Благовештение-Царски Двери, црква Св. Константин и Елена во Охрид, с.к. 1067 XIV век;
**2.** Архангел Гаврил од Благовештение-лево крило од Царски Двери, црква Св. Богородица Болничка во Охрид, с.к. 1086 XIV век;

- Консултант за истражувачки конзерваторско реставраторски работи во „Хајдер Кади џамијата" во Битола,

- Консултант за истражувачки конзерваторско реставраторски работи во Хаџи Махмут ефенди -„Јени Џамија" во Битола,

- Консултант за истражувачки конзерваторско реставраторски работи на црквата „Св. Ѓорѓија" Курбиново,

- Стручен надзор на конзерваторско реставраторски работи во црквата „Св.Богородица Перивлепта"од XIV век- Охрид,

- Стручен консултант на истражувачки работи на ѕидното сликарство во црквата „Св.Ѓорѓи " во Струга,

- Член на Комисија за стручна контрола на проектот на црквата „Богородица Перивлепта" од XIV век – Охрид.

# Општествен ангажман

**2012год.**

- член на Комисија за добивање на конзерваторско-реставраторска лиценца за непосредна заштита на културното наследство.

**2012/13 год.**

- член на Комисијата за доделување на наградата „Климент Охридски“.

**2014 год.**

- член на Комисија за проект на фреско живопис од црквата „Св.Ѓорѓи“ Кнежински Манастир Кичево;

- член на Комисијата за доделување на наградата „11 Октомври“

## Мислење

Земајќи го предвид приложениот материјал како: биографските податоци, реализираните проекти, техничко технолошките остварувања, конзерваторско-реставраторските активности,како и општествените ангажмани на ред.проф. м-р Блаже Кузмановски со право можеме да заклучиме дека станува збор за автор со исклучително работно искуство на индивидуални ликовни остварувања, а особено неговите остварувања во областа на непосредната заштита на спомоничкото културно наследство на дела реализирани во најразлични техники опуси, медиуми и сл.

Со неговото долгогодишно искуство во областа на конзервацијата и реставрацијата на дела со исклучителна историска, естетска и иконографска вредност, Кузмановски се стекна со извонредно познавање на сликарските материјали, нивните карактеристики, својства, како и нивната адекватна примена во најразлични сликарски техники во класичното и современото сликарство. За сето ова сведочат големиот број на стручно реставрирани дела во повеќе техники, како и неговата перманентна ангажираност во таа област. Секако, тука ќе ги спомнеме и изложбите на македонските икони во “Метрополитен музеј“ во Њујорк, музејот “Клини“ во Париз, Падова- Италија, Краков-Полска, Утрех- Холандија, каде што даде несебичен придонес за нивна достојна експозиција и презентација, а со тоа и афирмација на македонската култура воопшто.

Техничко–технолошкото искуство евидентно е видливо и во делата кои ги има реализирано во повеќе цркви, манастири и други јавни објекти, а тоа се голем број на икони, фрески и мозаици. Исклучителното познавање на сликарските техники и технологии му овозможија многу лесно и стручно да навлезе во истражувањето на нови сликарски постапки. Во неговите сакрални дела се гледа стручно познавање и комбинирање на класичните и современите материјални изразни елементи и нивна примена во сликарството, во било која сликарска техника, кои тој мајсторски ги внесува со свој личен творечки израз само нему својствен, особено кога се работи за трансформација на големи сликарски

површини од една во друга сликарска техника. Тоа е видливо во неговите монументални реализирани мозаични панели.

Секако не може, а да не се напомене и неговото познавање во областа на сликарската технологија. Тоа го оправдува и фактот со издавањето на неговиот учебник насловен како „Сликарска технологија и техники," наменет за образовниот процес и едукација не само за студентите на ФЛУ, туку и пошироко за сите оние што сакаат да се запознаат  со карактеристиките, својствата и намената на одделни материјали и нивната примена во сликарството.

## Наставно- образовна дејност

Во периодот од 2012 год. до денес како наставник по предметите сликарска технологија, сликарски техники и конзервација и реставрација на  II циклус студии на Катедрата за сликарство, ред.проф.м-р Блаже Кузмановски успешно ја реализира наставната програма. Експлицитноста и неговата посветеност и способност за теоретска и стручна настава, како и практичните активности, вежби,консултации и сл. му овозможуваат непосреден однос со студентите за што  сведочат и квалитетните резултати што тие ги постигнуваат. Секако,тука не се исклучува и можноста и потребата за проширена студиска програма во зависност од индивидуалните потреби на секој студент поединечно. Во овој период од особено значење е неговиот ангажман за отворање на катедра од областа на конзервацијата и реставрацијата,за II циклус на студии, кој даде несебичен придонес за нејзино функционирање,  а со тоа и афирмација на Факултетот за ликовни уметности. Истовремено е изготвена и Студиска програма за отворање на Катедра по конзервација и реставрација за I циклус  студии.

Кандидатот  доби  позитивна оценка, 8,97 по спроведената анонимна студентска анкета, спроведена во зимскиот семестар во учебната 2013/14 година организирана во рамките на процесот на самоевалуација на Факултетот.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи ги предвид изнесените биографски податоци, творечката активност, општествените ангажмани од поширок интерес, издавачката како и научноистаржувачката и педагошката дејност, Комисијата има  чест и задоволство на Наставно–научниот и уметнички совет на ФЛУ да му предложи редовниот проф. м-р Блаже Кузмановски да биде  повторно избран во звањето редовен професор по предметите: сликарска технологија сликарски техники и конзервација и реставрација на II циклус студии на Факултетот за ликовна уметност во Скопје.

Рецензентска комисија

Ред. проф. м-р Јован Шумковски, претседател, с.р.

Ред. проф.м-р Тони Мазневски, член, с.р.

Ред. проф. м-р Зоран Јакимовски, член, с.р.

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: ред.проф.м-р Блаже Глигор Кузмановски**

**Институција: Факултет за ликовни уметности Скопје**

**Научна област: ликовна уметност - сликарска технологија, сликарски техники и конзервација и реставрација**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред.број | Назив на активноста(наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на настава од прв циклус студии** | |
| | | |
| 1. | Сликарска технологија, 2012/2013, зимски/летен, 6x15x 0,04 | **3,6** |
| 2. | Сликарска технологија, 2013/2014, зимски/летен 6x15x 0,04 | **3,6** |
| 3. | Сликарска технологија, 2014/2015, зимски/летен 6x15.x 0,04 | **3,6** |
| 4. | Сликарска технологија, 2015/2016, зимски/летен 6x15x0,04 | **3,6** |
| 5. | Сликарски техники, 2012/2013, зимски/летен, 6x15x. 0,04 | **3,6** |
| 6. | Сликарски техники, 2013/2014, зимски/летен, 6x15x 0,04 | **3,6** |
| 7. | Сликарски техники, 2014/2015, зимски/летен, 6x15x 0,04 | **3,6** |
| 8. | Сликарски техники, 2015/2016, зимски/летен, 6x15x 0,04 | **3,6** |
| 9. | Конзервација и реставрација, 2012/2013, зимски/летен, 4x15x 0,04 | **2,4** |

| | | |
|---|---|---|
| 10. | Конзервација и реставрација, 2013/2014, зимски/летен, 4x15x 0,04 | **2,4** |
| 11. | Конзервација и реставрација, 2014/2015, зимски/летен, 4x15x0,04 | **2,4** |
| 12. | Конзервација и реставрација, 2015/2016, зимски/летен, 4x15x 0,04 | **2,4** |
| | **Одржување на вежби** | |
| 1. | Сликарска технологија, 20012/2013, зимски/летен, 4x15x0,03 | **1,8** |
| 2. | Сликарска технологија, 2013/2014, зимски/летен 4x15x0,03 | **1,8** |
| 3. | Сликарска технологија, 2014/2015, зимски/летен 4x15x0,03 | **1,8** |
| 4. | Сликарска технологија, 2015/2016, зимски/летен 4x15x 0,03 | **1,8** |
| 5. | Сликарски техники, 2012/2013, зимски/летен, 4x15x 0,03 | **1,8** |
| 6. | Сликарски техники, 2013/2014, зимски/летен, 4x15x 0,03 | **1,8** |
| 7. | Сликарски техники, 2014/2015, зимски/летен, 4x15x0,04 | **1,8** |
| 8. | Сликарски техники, 2015/2016, зимски/летен, 4x15. 0,03 | **1,8** |
| 9. | Конзервација и реставрација, 2012/2013, зимски/летен, 4x15x0,03 | **1,8** |
| 10. | Конзервација и реставрација, 2013/2014, зимски/летен, 4x15x 0,03 | **1,8** |
| 11. | Конзервација и реставрација, 2014/2015, зимски/летен, 4x15x0,03 | **1,8** |
| 12. | Конзервација и реставрација, 2015/2016, зимски/летен, 4x15x 0,03 | **1,8** |
| | **Одржување на настава од втор циклус студии** | |
| 1. | Реставрација и конзервација методолошки пристап летен/зимски, 2012/2013 8x15x 0,05 | **6** |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Реставрација и конзервација методолошки пристап летен/зимски, 2013/2014 8x15x 0,05 | **6** |
| 3. | Реставрација и конзервација методолошки пристап летен/зимски 2014/2015 8 x15x0,05 | **6** |
| 4. | Реставрација и конзервација методолошки пристап летен/зимски 2015/2016 8x15x0,05 | **6** |
| 5. | Подготовка на магистерски труд од областа на реставраторско-конзерваторските практики, зимски2012/2013 4x15x0,05 | **3** |
| 6. | Подготовка на магистерски труд од областа на реставраторско-конзерваторските практики, зимски 2013/2014 4x15x0,05 | **3** |
| 7. | Подготовка на магистерски труд од областа на реставраторско-конзерваторските практики, зимски2014/2015 4x15x0,05 | **3** |
| 8. | Подготовка на магистерски труд од областа на реставраторско-конзерваторските практики, зимски 2015/2016 4x15x0,05 | **3** |
| 9. | Реализација на магистерски труд од областа на реставраторско - конзерваторските практики, летен, 2012/2013 4x15x0,05 | **3** |
| 10. | Реализација на магистерски труд од областа на реставраторско - конзерваторските практики, летен, 2013/2014 4x15x0,05 | **3** |
| 11. | Реализација на магистерски труд од областа на реставраторско - конзерваторските практики, летен, 2014/2015 4x15x0,05 | **3** |
| 12. | Реализација на магистерски труд од областа на реставраторско - конзерваторските практики, летен, 2015/2016 4x15x0,05 | **3** |
| 13. | Сликарска технологија, летен/зимски, 2012/2013 2x15x 0,05 | **1,5** |
| 14. | Сликарска технологија, летен/зимски, 2013/2014 2x15x 0,05 | **1,5** |
| 15. | Сликарска технологија, летен/зимски, 2014/2015 2x15x 0,05 | **1,5** |

| | | |
|---|---|---|
| 16. | Сликарска технологија, летен/зимски, 2015/2016 2х15х 0,05 | **1,5** |
| 17. | Сликарски техники, летен/земски, 2012/2013 2х15х0.05 | **1,5** |
| 18. | Сликарски техники, летен/зимски, 2013/2014 2х15х 0,05 | **1,5** |
| 19. | Сликарски техники, летен/земски, 2014/2015 2х15х0.05 | **1,5** |
| 20. | Сликарски техники, летен/земски, 2015/2016 2х15х0.05 | **1,5** |
| | **Одржување на вежби** | |
| 1. | Реставрација и конзервација методолошки пристап летен/зимски од 2012 до 2016 8х15х.0,05, | **6** |
| 2. | Конзерваторско реставраторски практики, летен/зимски, од 2012 до 2016 8х15. 0,05 | **6** |
| 3. | Сликарски техники, летен/зимски, 2012 до 2016 8х15. 0,05 | **6** |
| | **ВКУПНО** | **138** |

**НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред.бр.** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | Ментор на 15 магистерски работи од 2012 до 2016 | **15** |
| | **ВКУПНО** | **15** |

**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред.број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | **Мозаични панели** | |
| **1.** | **2012 год.**<br>- Изработени се мозаиците во црквата “Св.Богородица “Каменско - Охрид и тоа:<br>-“Дејсиз“ 0,90 х 0,55 м.<br>-“Исус Христос“ 0,89 х 0,39м., “ | **6** |

| | | |
|---|---|---|
| | -"Св. Апостол Јован Богослов" 177 x 0,84 м.<br><br>-"Богородица Ширшаја" 0,88 x 0,40 м.,<br><br>- столбови димензии 2,20 x 1,45 м., 1,60 x 0,85м. x 4. | |
| 2. | **2012-2013 год.**<br><br>-„Ирами" -директен мозаичен панел поставен во јавниот објект Јавно обвинителство на Република Македонија со димензии 3,60 x 6,40 м.- 23,5 м2. | **8** |
| 3. | **2014 год**<br><br>- Изработен мозик "Св.Јован Крстител"во црквата „Св.Јован Крстител" во Скопје со димензии 160x180 см. | **6** |
| 4. | **2015 год.**<br><br>- Изработени 3 кружни подни мозаици во црквата „Св. Петка" во Кавадарци 7,6 м.2. | **4** |
| 5. | **2015-1016 год.**<br><br>Изработени 3 ѕидни мозаични панели во Црквата „Св. Петка" во Кавадарци и тоа:<br><br>- „Исус Христос" 1,20x1,65 м.<br><br>- „Св Јован Крстител"1,00 x 0,60 м.<br><br>- „Св. Климент" 1,00 x 0,60 м. | **6** |
| 6. | **2016 год.**<br><br>- „Св. Ѓорѓија"- ѕиден мозаичен панел на портата во Резиденцијата на Македонската православна црква – Скопје, со димензии 1,00 x 1,30 м. | **6** |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| | **ВКУПНО** | **30** |

**СТРУЧНО-НАУЧНА УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Непосредна заштита** | |
11 Monika Mitrovska, **Renata Slaveska Raichki**, Maja Glavash Dodov, Maja Simonovska Crcarevska (2015). *Plant edible vaccines as alternative for immunization* Food Quality &Safety Health & Nutrition 9-20. Skopje. Republic of Macedonia

1

12 M. S. Crcarevska, E. M. Janeva, N. Sibinovska, V. Komoni, N. Geskovski, S. Dimcevska, K. Mladenovska, R. S. Raicki, S. T. Jolevska, M. G. Dodov, Development of microsponges as drug delivery carriers using multivariate analyses, European conference on pharmaceutics, 13-14 April 2015, Reims, France

1
13 Aleksandar Derlis, Maja Simonovska Crcarevska, Maja Glavash Dodov, Renata Slaveska Raichki Fundamentals of regulating convergence area of foof and nutraceuticals Food Quality &Safety Health & Nutrition Book of Abstract 2016, p39-40
1
8
**No. Title of activity (scientific and research): Scores**
**- Poster**
1 **Renata Slaveska-Rraichki** & Vesna Rafajlovska. Application of experimental design methodology for design and evaluation of extraction process in herbal matrix, , Central European Symposium on Pharmaceutical Technology with focus on Nanopharmaceuticals & nanomedicine, 20-22 Septeber, 2012, Dubrovnik, Croatia
0.5
2 Simonovska J., Rafajlovska V. **Slaveska-Raichki R**. and Srbinoska M. Application of response surface methodology for extraction of pungent red pepper placenta. 6th Central European Congress on Food-CeFood, 23-26 May 2012, Novi Sad, Serbia, pp.175
0.5
3 Rafajlovska V., Slaveska-Raicki R., Simonovska J. and Chortosheva S. The use of design of experiments and response surface analysis in chlorophylls extraction from stinging nettle. 22nd Congress of Chemists and Technologists of Macedonia with international participation, Ohrid, R. Macedonia, 5-9 September 2012, p. 317
0.5
4 Jovanov A., Simonovska J., Rafajlovska V. and Raicki-Slaveska R. Chemical composition of royal jelly. 6th Alumni Meeting of International Summer Schools, 6th AM ISs 2013, Novi Sad, R. Serbia, 6-8 September, 2013, Book of Abstracts, p. 36, ISBN 978-86-6253-025-7 (oral presentation).
0.5
5 Elizabeta Zisovska, **Renata Sleveska Raichki** and Vasilka Nica Evidence based clinical gudelines as a ponential for improvement of newborn infants patient safety. 1st Croatian Congress of Clinical Pharmacy with international participation, 10-12 April, 2014 Zagreb, Croatia
0.5
6 **Renata Sleveska Raichki**, Vasilka Nica and Raichki Elizabeta Zisovska How to support the quality use of off label medicines in paediatric patinets 1st Croatian Congress of Clinical Pharmacy with international participation, 10-12 April, 2014, Zagreb, Croatia.
0.5
7 M. Glavas-Dodov, M. Simonoska-Crcarevska, A. Zafirovska-Gapkovska, N. Geskovski, K. Mladenovska, R. Slaveska-Raicki, Formulation and optimization of chitosan-poloxamer based in situ gel for vaginal delivery of propolis, 9 th World Meeting on Pharmaceutics, Biopharmaceutics and Pharmaceutical Technology Lisbon, Portugal, 31 March - 3 April 2014
0.5
8 Emilija Apostolova, Brankica Spaseska, Maja Simonoska Crcarevska, Maja Glavash Dodov and **Renata Slaveska Raichki** *An overview of phytosomes as a novel herbal drug delivery system*, Current achievement and future perspectives in medical and biomedical research, International Sumposiun at Faculty od Medical Sciences. 24 November, 2015 Stip, R.Macedonia.
0.5
9 Zisovska Elizabeta, Renata Slaveska Raichki, Marija Glavas Dodov,

Maja Simonoska Crcarevska,Blerina Coshi, Jasmina Tonic-
Ribarska Off-Label and unlicensed use of medicines in
Macedonian Neonatal Wards Formulating Better Medicines for
Children 16th- 17th September 2015, Antwerp, Belgium Book of
abstract
0.5
10 E.Zisovska and R.Slaveska Raichki (2015) Harmonization between
Clinical Gudelines and Medicines in Neborn Infants, IVEK 2 nd
International Conevntion of Pharmaceuticals and Pharmacies, 27-
29 Istanbul, Turkey P-157, Abstracts pp 166
0.5
11 Monika Mitrovska, **Renata Slaveska Raichki**, Maja Glavash Dodov,
Maja Simonovska Crcarevska (2015). *Plant edible vaccines as alternative for immunization* Food Quality &Safety Health & Nutrition 9-20. Skopje.
Republic of Macedonia
0.5
12 M. S. Crcarevska, E. M. Janeva, N. Sibinovska, V. Komoni, N. Geskovski, S.
Dimcevska, K. Mladenovska, R. S. Raicki, S. T. Jolevska, M. G. Dodov,
Development of microsponges as drug delivery carriers using multivariate
0.5
9
**No. Title of activity (scientific and research): Scores**
analyses, European conference on pharmaceutics, 13-14 April 2015, Reims,
France
13 Emilija Apostolova, Brankica Spaseska, Maja Simonoska
Crcarevska, Maja Glavash Dodov and **Renata Slaveska Raichki**
Current achievement and future perspectives in medical and biomedical
research, International Sumposiun at Faculty od Medical Sciences. 24
November, Stip, R.Macedonia. *An overview of phytosomes as a novel herbal drug delivery system*,
0.5
14 Rosmarinic acid loaded PEGylated liposomes for treatment of
Alzheimer's disease: influence of the formulation variables on
vesicle properties (accepted 2017) 2nd European Conference on
Pharmaceutics Novel dosage forms & innovative technologies 3-
4,April, Krakow, Poland
0.5

**- Oral presentation**

1 Vasilka Nicha, Renata Slaveska Raichki, Marija Glavash Dodov (2014) Off
Label and Unlicensed Medicines Use with Focus on Roles and
Responsibilities of the Pharmacist, Serbian congress of Pharmacy with
international participation, Belgrad, Srbija
1
2 Merjem HadjiHamza, Mihail Minov, Eleonora Pandova, Renata Raichki
(2014) Ethical practices promoting governance in the public
pharmaceutical sector and their influence in healt economics First
Macedonin and fourth Adriatic congress on pharamcoeconomics and
outcomes rsearch, April,Odhrid, Macedonia
1
3 V.Nicha, E.Zisovska,M.Glavash Dodov, M.Simonovska Crcarevska,
J.T.Ribarska and R.Slaveska Raichki (2015).The best practices and risk
assesemnt strategy for unlicensed and off label use of medicines in
pediatric population.Шести конгрес на педијатрите со
интернационално учесство, 8-11. October, Struga.
1

4 Vesna Stavrova, Maja Simonoska Crcarevska, Marija Glavash Dodov and Renata Slaveska-Raicki (2016). Developing community pharmacy practice. 6th Congress of Pharmacy, Juli, Ohrid, 2016
1
5 Blerina Koshi, Elizabeta Zisovska, Vasilka Nica, Maja Simonoska Crcarevska, Marija Glavas Dodov, Renata Slaveska-Raicki (2016). Model framework for off label use of medicines. 6th Congress of Pharmacy, Juli, Ohrid, 2016
1
6
Aleksandar Derlis, Maja Simonovska Crcarevska, Maja Glavash Dodov, Renata Slaveska Raichki Fundamentals of regulating convergence area of food and nutraceuticals Food Quality &Safety Health & Nutrition Skopje, Dekemvri, 2016
2
**Total 116**
10
**PROFESSIONAL AND APPLICATIVE ACTIVITY**
**No. Title of activity (professional and applicative) Scores**
**Professional monograph published abroad** 10
Pharmaceutical sector. Transparency and Accountability Assessment, revised version ( C3O, in press, 2017)
12
**Expert activities: evaluation, expert review, supervision, capital assessment, systematization, methodology**13
Promotion of Ethical Framework for Good Governance in the Public Pharmaceutical Sector in the Republic of Macedonia, Drug Bureau of the Republic of Macedonia, and WHO Regional Office, 29.11.2012, Stone Bridge, Skopje, author and promoter.
1
Project WHO Good Governane of Medicine (GGM); Country situation-GGM, country progress report: GGM- 2013, pp 1-6.
1
Development and current status of the of the national program of GGM, 2007-2105, Report, WHO Country Office,pp.1-7
1
Measuring transparency to improve good governance in the public pharmaceutical sector Assessment Instrument (WHO) Rev 2
1
Expert review of auto-summary of a Ph.D. Thesis: Highly sensitive and specific biochemical aprameters and heart markers in the function of fast diagnostics of cardial infarction and re-infarction of miocard, autosummary, Domazetovska Sashka, 2013.
1
**Expert review of a translation**
Textbook on Pharmaceutical Biotechnology - DaanJ.A. Cromelin, Robert D.Sindelar. Bernd Meibohm 4th Edition
2
Basic of Pharmacokynetics, Mohsen A. Hedaya, CRC Press, 2nd Edition 2
**Lecturing at institutions of public interest**
Safety of vaccines, 2015, Faculty of Medicine, Skopje, Lyons Club 0.5
Member if the university Senate 2
**BROADER INTEREST ACTIVITIES**
**Member of the faculty committee**
Member of expert committee on election of exceptional health-care

professionals in practice
0.5
**Editorial boar of a professional journal**
Pharmaceutical informer 0.5
Macedonian pharmaceutical bulletin 1
**President of the organizational or program board of a scientific/professional event**
Unapproved use of medicines and off label use of medicines, Center for continuous educaiton, Facutly of Pharmacy, UKIM, Regulation of unapproved use of drugs, 15 May 2015, Skopje
1
Renata Slaveska Raichki, WHO Good Governance for Medicines (GGM) Phase III., Ethical Aspects of Working in the Pharmaceutical Sector. 19.12.2013 WHO Country Office, Skopje and Drug Bureau of the Republic of Macedonia, Skopje
1
**Member of a scientific board**
Member of the scientific board at the 6th Congress of Pharmacy with international attendees, Ohrid, 2016
1
**Participation in committees, state and other bodies**
Member of a professional committee for homeopathic remedies, Drug Bureau
1
11
Member of the assembly of the Chamber of Pharmacists of the Republic of Macedonia
1
Member of the examiners committee of the Chamber of Pharmacists of the Republic of Macedonia
1
Technical working group for GGM, R.of Macedonia,C3O 1
**Development and applying for a scientific/educational national project**
2
**Preparation of national documents (strategies)**
Good governance of medicines according to the program contents of Good governance of medicines, program established by WHO
2
**National coordinator in a specific expert area**
Good Governance of Medicines, WHO program 3
**Study visit**
Revision of the GGM Assessment Tool, Geneva, Switzerland, May 2015 0.5
**Total 40**
**PROFESSIONAL REFERENCES FOR THE CANDIDATE FOR ELECTION INTO A TITLE**
**Scores**
**TEACHING AND EDUCATION ACTIVITY** 206
**SCIENTIFIC AND RESEARCH ACTIVITY** 116
**PROFESSIONAL AND APPLICATIVE ACTIVITY** 40
**Total** 362
12

## COMMITTEE MEMBERS

1. Prof. Jelena Filipovikj Grchikj, Ph.D.

2. Prof. Alexandar Dimovski, Ph.D.

3. Prof. Milena Petrovska, Ph.D.

# РЕЦЕНЗИЈА

# ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКТА ДИСЕРТАЦИЈА „ХЕМИСКА КАРАКТЕРИЗАЦИЈА И БИЛОШКО-ФАРМАКОЛОШКА АКТИВНОСТ НА *CHENOPODIUM BOTRYS* И *CHENOPODIUM ALBUM* (AMARNTHACEAE) ОД ФЛОРАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ ОД М-Р ЉУБИЦА АЏИ АНДОВ, ПРИЈАВЕНА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје, на XXX седница одржана на 23.12.2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Љубица Аџи Андов со наслов „Хемиска карактеризација и биолошко-фармаколошка активност на *Chenopodium botrys* и *Chenopodium album* (Amaranthaceae) од флората на Република Македонија“, во состав: проф. д-р Ѓоше Стефков (претседател), проф. д-р Светлана Кулеванова (ментор), проф. д-р Татјана Кадифкова Пановска (член), проф. д-р Марија Главаш Додов (член) и проф. д-р Емилија Јаневиќ Ивановска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

## АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Љубица Аџи Андов, со наслов „Хемиска карактеризација и биолошко-фармаколошка активност на *Chenopodium botrys* и *Chenopodium album* (Amaranthaceae) од флората на Република Македонија“, содржи 145 страници на компјутерски обработен текст со фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 106 библиографски единици, меѓу кои научни трудови, статии, книги, меѓународни акти и прописи. Трудот е структуиран во следниве пет поглавја: **вовед**, **цели**, **материјал и методи**, **резултати и дискусија** и **заклучок**. Поглавјата се систематизирани во точки и потточки, со наслови и поднаслови, со што е постигнато прегледно следење на материјата обработена во истражувањето.

Во воведот на трудот, систематизирано се изложени основните научни постулати кои се предмет на истражувањето, истражувачките прашања, теоретската рамка и литературниот преглед за истражувањето кои укажуваат на основниот интерес на оваа докторска дисертација, а тоа е испитување на хемиски состав на етерични масла и на други секундарни метаболити, пред се од групата феноли, во видовите *Chenopodium* кои автохтоно растат на територијата на Република Македонија, како и утврдување на нивната антимикробна и антиоксидативна активност. Воведниот дел на оваа докторска дисертација е конципиран во 4 одделни целини. Во првиот дел од воведот, кандидатката ги презентира општите податоци кои се однесуваат на карактеристиките на родот *Chenopodium*, истакнувајќи го притоа значењето и употребата на видовите од овој род во народната и во традиционалната медицина, осврнувајќи се и на видовите кои се значајни за исхраната на човекот. Во оваа целина се наведени и ботаничките и таксономските

карактеристики на видовите кои се предмет на истражувањето. Во продолжение, во втората целина од воведот се обработени литературните податоци кои се однесуваат на хемискиот состав на видовите од родот *Chenopodium*, при што кандидатката го истакнува значењето на етеричните масла, но и на другите суровини што се добиваат од различните видови *Chenopodium*, како што се херба, корен или семе и нивната употреба на светско ниво, како извори за добивање на компоненти од различна природа, пред сѐ фенолна, кои играат значајна улога во превенцијата на канцерот, кардиоваскуларните (атеросклероза) и невродегенеративните болести (Паркинсонова и Алцхајмерова болест), но и на дијабетесот, ревматидниот артрит и остеопорозата, како и во процесот на стареење. Во оваа целина, кандидатката се осврнува на литературниот преглед на хемискиот состав на органските киселини застапени во претставниците од родот *Chenopodium,* фенолните соединенија, терпеноидните соединенија, и особено на етеричните масла изолирани од хербата, со посебен акцент на хемиски состав на етерично масло што се добива од ароматичните видови на родот како што се *C. botrys* и *C. ambrosioides*. Кандидатката ги наведува и другите компоненти од интерес во видовите од родот *Chenopodium,* задржувајќи се при тоа посебно на минералниот состав на *C. album, C. murale, C. opulifolium* и *C. bonus-henricus*.

Во третата целина од воведниот дел се наведени сите сознанија за биолошката активност на етеричните масла и на суровините како што се хербата, коренот, семето или соодветните преработки, пред сѐ екстрактите. Во оваа насока, детално се претставени податоците за антимикробната активност на етерично масло изолирано од херба од ароматичните претставници од родот *Chenopodium*, како и микроорганизмите кон кои овие масла покажуваат активност. Понатаму се изнесени податоци кои се однесуваат на капацитетот за антиканцерогената активност. Следствено се изложени и сознанијата за антиоксидативната активност на маслата, но и на останатите суровинини и нивните преработки. Кандидатката се задржува и на имуномодулаторната, аглутинирачката и хемолитичката активност, на антиноцицептивна и антипруритска активност, дерматолошката активност и влијанието врз кардиоваскуларниот и врз респираторниот систем. Кандидатката дополнително ја истакнува поврзаноста помеѓу хемискиот состав на етеричните масла (терпените) и на другите суровини и преработки од претставници од родот *Chenopodium* со нивната биолошка активност, особено со антимикробната и со антиоксидативната активност.

Во четвртиот дел од воведот, кандидатката се осврнува поспецифично врз природните антиоксидативни и антимикробни агенси, врз секундарните метаболити кои пројавуваат вакви дејства и врз нивното значење во фармацијата, медицината и пошироко.

**Предмет на истражување (цели)**

Главен предмет на истражување на оваа докторска дисертација се хемиската карактеризација на суровините (етерично масло, херба, корен) што можат да се добијат од различни видови *Chenopodium* кои самоникнато растат на територијата на Република Македонија, испитување на нивната биолошка активност (антимикробна и антиоксидативна), како и воспоставување корелација помеѓу составот и активноста на суровините. Работните задачи опфаќаат:

- изолација на етерично масло од надземни делови на *Chenopodium botrys;*
- хемиска карактеризација на етеричното масло од *Chenopodium botrys* (гасно-хроматографска анализа);

- квалитативна и квантитативна анализа на етерично масло од *Chenopodium botrys;*
- идентификација на фенолни компоненти од надземни делови на *Chenopodium botrys* и *Chenopodium album* (HPLC-анализа);
- определување на вкупна содржина на феноли од надземни делови на *Chenopodium botrys* и *Chenopodium album;*
- определување на вкупна содржина на флавоноиди од надземни делови на *Chenopodium botrys* и *Chenopodium album;*
- определување на минерален состав во корен и надземни делови на *Chenopodium botrys* и *Chenopodium album;*
- определување на антиоксидативна активност на екстракти од надземни делови на *Chenopodium botrys* и *Chenopodium album;*
- определување на антимикробна активност на екстракти од надземни делови на *Chenopodium botrys* и *Chenopodium album*.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена докторската дисертација**

За актуелноста на проблематиката обработена во оваа докторка дисертација укажуваат новите објавени научни сознанија што се однесуваат како на хемискиот состав, така и на биолошката активност на суровиние што можат да се добијат од видови *Chenopodium*, кои растат во различни региони во светот. До денес, во литературата нема објавени податоци што се однесуваат на системското испитување на автохтоните видови *Chenopodium* од македонската флора и тоа во поглед на карактеризацијата на хемискиот состав и застапеноста на неполарни (терпенски) и поларни (фенолни) компоненти во хербата и во коренот, како и податоци што се однесуваат на хемиската карактеризација на минералниот состав на овие суровини. Исто така, нема податоци за биолошкиот и фармаколошкиот потенцијал на нашите видови *Chenopodium*, а особено нема доволно податоци за биолошкиот потенцијал на видовите *C. botrys* и *C. album* од каде што произлегува и големиот научен придонес на овој докторски труд.

**Краток опис на применетите методи**

За реализација на поставените цели, користени се соодветни материјали и методи. Испитувањата предвидени со целите на оваа докторска дисертација се направени на примероци на херба и корен од два автохтони вида *Chenopodium* (*C. botrys* и *C. album*), собрани на повеќе локалитети во Р Македонија. По собирањето, растителниот материјал е сушен, на провев и на собна температура, а потоа е спакуван во хартиени вреќи и е чуван на суво и на ладно место, се до негова анализа. На овој начин се собрани и обработени вкупно 62 примерока, од кои 21 примерок од корен и останатите 41 од херба.

Во понатамошниот дел, кандидатката дава детален опис на методите и на лабораториската опрема што се користени во текот на истражувањето, и тоа:

- изолација и определување на содржина на етерично масло во примероците на херба од *C. botrys* со стандардна лабораториска процедура и метод на Европска фармакопеја (Ph. Eur.), користејќи апарат по Clevenger за определување содржина на етерично масло во растителни droги со метод на дестилација со водена пареа;
- определување на хемиски состав на етерични масла од херба, со метод на гасна хроматографија во спрега со масена спектроскопија, со користење на гасен

хроматограф поврзан со пламен-јонизирачки (FID) и со *Quadripole*-масен детектор;

- определување на хемиски состав на фенолни компоненти во екстрактите приготвени од херба, користејќи течен хроматограф опремен со UV-Vis детектор со низа од диоди (DAD);
- спектофотометриско определување на содржина на вкупни феноли во екстрактите приготвени од херба со користење на метод по Folin-Ciocalteu;
- спектрофотометриско определување на вкупна содржина на флавоноиди во метанолните екстракти од херба определена со метод кој вклучува примена на алуминиум хлорид;
- определување на квалитативен и квантитативен состав на минерални материи во херба и во корен, со метод на индуктивно спрегната плазма на оптички емисионен спектрометар (ICP-AES), со предходна минерализација во микробранова печка;
- определување на антиоксидативната активност на екстрактите приготвени од херба преку мерење на способноста за неутрализирање на активноста на слободните радикали со DPPH тест, определување на фери редуцирачкиот антиоксидативен потенцијал (FRAP тест), $H_2O_2$ неутрализирачкиот капацитет, како и инхибиција на производство на хидроксил радикали во неспецифичен хидрокси радикал посредуван 2-деокси-D-рибоза тест и во специфичен хидрокси радикал посредуван 2-деокси-Д-рибоза тест;
- испитување на антимикробно дејство на метанолни екстракти од херба на осум бактериски изолати на Грам-позитивни (*Staphylococcus* aureus ATCC 25923, *Staphylococcus epidermidis* ATCC 12228, *Streptococcus pyogenes* и *Enterococcus*) и Грам-негативни бактерии (*Escherichia coli* 25922, *Salmonella enteritidis*, *Pseudomonas aeruginosa* ATCC 9027 и *Proteus mirabilis*) и на еден изолат на габа *Candida albicans* ATCC 10259, со користење на агар-дифузиона метода, со цел определување на зоните на инхибиција на раст на испитуваните соеви микроорганизми што се јавуваат околу одреден метанолен екстракт.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Поглавјето „Резултати и дискусија“ е конципирано во две големи целини, првата, хемиска карактеризација на суровините на различни видови *Chenopodium* (*C. botrys* и *C. album*), и втората, нивната биолошка активност.

Првата целина, хемиска карактеризација на суровините на различни видови *Chenopodium* (*C. botrys* и *C. album*), е составена од три дела. Во првиот дел, кандидатката ги наведува определените содржини за етерично масло во испитуваните примероци и детално го опишува хемискиот состав на етеричното масло изолирано од херба на *C. botrys*, собрана од автохтони популации на видот кои растат на шест различни локалитети на територија на Р Македонија (Кожуф, Претор, Струмица, Злетово, Радовиш и Штип). За секое изолирано етерично масло, кандидатката дава детален табеларен приказ на вкупен број идентификувани компоненти во изолираните масла заедно со нивната процентуална застапеност, како и со вкупниот процент на идентификувано етерично масло, притоа истакнувајќи ги четирите класи на компоненти (монотерпенски јаглеводороди, оксидирани монотерпенски јаглеводороди, сесквитерпенски јаглеводороди, и оксидирани сесквитерепенски јаглеводороди) кон кои тие припаѓаат. Дополнително, кај секој од примероците, кандидатката ја потенцира доминантноста на сесквитерпенската фракција на компоненти со кислород, чија застапеност во маслото варира во зависност од

локалитетот од каде што е собран растителниот материјал. Кандидатката прави споредба на хемискиот состав на етеричните масла во зависност од локалитетот од каде што е собиран растителниот материјал, истакнувајќи ги притоа сличностите, но и разликите помеѓу нив. Во прилог на подобро разјаснување на хемизмот на испитуваните масла, дадени се и хемиските структури на најзначајните компоненти идентификувани во маслото.

Во вториот дел, кандидатката се задржува на полифенолниот профил на хербата од двата вида *Chenopodium* (*C. botrys* и *C. album*). Од фенолните компоненти, кандидатката ги опишува фенолните киселини и флавоноидните компоненти кои се идентификувани во хидролизиран екстракт од херба од двата испитувани вида. При тоа се наведува дека идентификацијата е направена во споредба со референтни супстанции кои се користени како стандарди: CHLA – хлорогенска киселина, HBA – 4-хидроксибензоева киселина, CA – кафена киселина, HCA – хидроксициметна киселина, RUT – рутин, QUE – кверцетин, CIA – циметна киселина, LUT – лутеолин, CAD – деривати на кафена киселина, API – апигенин, KEM – кемпферол, IRHA – изорамнетин, HER – хербацетин. Во испитуваните примероци извршена е идентификација на сите наведени компоненти освен HBA – 4-хидроксибензоева киселина и KEM – кемпферол, кои не се најдени во ниту еден хидролизат. Во продолжение на вториот дел, кандидатката ги презентира резултатите од определувањето на содржината на вкупните фенолни компоненти и на вкупните флавоноиди, во хербата од двата вида *Chenopodium*.

Во третиот дел од првата целина изнесени се резултатите од испитувањето на содржината на минералните материи во херба и во корен од двата вида *Chenopodium* (*C. botrys* и *C. album*). Извршена е идентификација и определување на содржина на 21 елемент (Ca, K, Mg, P, Na, Cu, Fe, Mn, Zn, Ni, Ag, Ba, Co, Sr, Al, As, Cd, Cr, Li, Pb и V). Добиените резултати покажаа дека хербата и коренот од двата анализирани *Chenopodium* вида содржат големи количини на четири макроелементи: калиум, калциум, магнезиум и фосфор. Најдоминантен елемент во сите примероци се покажа дека е калиум. Од микроелементите во хербата и коренот од двата анализирани *Chenopodium* вида, идентификувани и квантификувани се: натриум, бакар, железо, манган, цинк, никел, сребро, бариум, кобалт и стронциум, со доминантна застапеност на: железо и натриум. Од останатите елементи, елементите во траги (As, Li, V) за кои биолошката улога сѐ уште не е доволно позната и некои токсични елементи (Pb, Cd, Cr, Al ), кои растенијата ги акумулираат во различни количини, во зависност од условите во животната средина, извршено е определување на содржината во хербата и во коренот од двата анализирани *Chenopodium* вида, при што е утврдено дека во првата група доминира литиумот, а во втората алуминиумот, во сите испитувани примероци.

Втората целина од докторската дисертација се однесува на биолошката активност на суровините, и тоа на антиоксидативната и на антимикробната активност. Во првиот дел се дадени резултатите од испитувањето на антиоксидативната активност на метанолните екстракти од *C. botrys* и *C. album*. За секој од испитуваните примероци од растението, кандидатката дава детален табеларен преглед што опфаќа концентрации во кои е испитувана антиоксидативната активност, процентите на инхибиција, како и $IC_{50}$-вредности, истакнувајќи го притоа примерокот со најголем антиксидативен капацитет. Во сите изведени тестови, кандидатката ја споредува антоксидативната активност на испитуваните суровини со активноста на стандардните супстанци како бутил хидроксианизол, кверцетин и/или аскорбинската киселина. Утврдено е дека метанолните екстракти од *C. botrys* и од *C. album* имаат способност за неутрализација на слободните радикали во DPPH-тестот, односно спосоност да превенираат верижни реакции

иницирани од слободни радикали, преку стабилизација на реактивни молекули со помош на донирање на електрони или водородни атоми. Понатаму, кандидатката наведува дека двата вида покажуваат фери редуцирачка способност во FRAP-тестот, релативно добра способност за неутрализација на $H_2O_2$-слободните радикали и способност за неутрализација или инхибиција на хидроксил радикалите во неспецифичен и во специфичен хидроксирадикал посредуван 2-деокси-D-рибоза тест. Кандидатката наведува дека во сите испитувани случаи метанолните екстракти од *C. botrys* се однесуваат како помоќни антиоксидативни агенси во споредна со *C. album*. На крајот од овој дел, кандидатката прави многу успешна поврзаност и утврдува корелација помеѓу содржината на вкупните феноли во испитуваните примероци *Chenopodium* и антиоксидативниот потенцијал и капацитет, особено во однос на гаснењето или инхибицијата на слободните DPPH-радикали.

Во вториот дел од втората целина, дадени се резултатите од испитувањата на антимикробната активност на метанолните екстракти од двата вида *Chenopodium*. Утврдено е дека екстрактите покажуваат скромен антимикробен потенцијал бидејќи осетливост кон метанолните екстракти од *C. botrys* покажаа само Грам-позитивните бактерии *Staphylococcus aureus* ATCC 25923, *Stahylococcus epidermidis* ATCC 12228, *Streptococcus pyogenes* и габата *Candida albicans*. Метанолниот екстракт од *C. album* покажа антимикробна активност против Грам-позитивните бактерии *Staphylococcus aureus* ATCC 25923, *Enterococcus*, *Streptococcus pyogenes* и против габата *Candida albicans*.

Сите добиени резултати од испитувањата се придружени со издржана дискусија поткрепена со современи научни сознанија врз кои се темелат насоките за понатамошни истражувања во областа.

За секоја од испитуваните целини, извлечени се значајни заклучоци, кои кандидатката ги презентира во вид на научни согледувања добиени при анализа на резултатите од изведените истражувања. Дополнително, потврдена е и корелацијата помеѓу хемискиот состав на суровините што се добиваат од различни видови *Chenopodium* и нивната биолошка активност (антимикробна и антиоксидативна).

## ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Љубица Аџи Андов, со наслов „Хемиска карактеризација и биолошко-фармаколошка активност на *Chenopodium botrys* и *Chenopodium album* (Amaranthaceae) од флората на Република Македонија“, претставува истражување во областа на фармакогнозијата и фитохемијата и се очекува тоа да даде голем придонес за дефинирање на потенцијалот на *Chenopodium* видовите кои автохтоно растат на територија на Р Македонија за нивната можна употреба во медицински, фармацевтски и во комерцијални цели, и тоа како арома-супстанции, мирисни компоненти или агенси со антиоксидативна активност.

Според мислењето на Комисијата, докторската дисертација на кандидатката ги исполнува условите и стандардите за одбрана на доктордки труд.

## ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила следниве рецензирани оригинални научни трудови, во меѓународни научни списанија или во списанија со импакт-фактор:

1. **Ljubica Adji Andov**, Marija Karapandzova, Ivana Cvetkovikj, Gjose Stefkov, Svetlana Kulevanova. Chemical composition of *Chenopodium botrys* L. (Chenopodiaceae) essential oil. Macedonian pharmaceutical bulletin, **60** (1) 45 - 51 (2014) (списание со меѓународен уредувачки одбор)
2. **Ljubica Adji Andov**, Marija Karapandzova, Blagica Jovanova, Gjose Stefkov, Ivana Cvetkovikj Karanfilova, Tatjana Kadifkova Panovska and Svetlana Kulevanova. ntioxidative potential of *Chenopodium botrys* L. (Amaranthaceae). Macedonian pharmaceutical bulletin, **61** (2) 3 - 10 (2015) (списание со меѓународен уредувачки одбор)
3. **L. Adji-Andov**, B. Jovanovska, M. Karapandzova, I. Cvetkovikj, G. Stefkov, T. Kadifkova Panovska, S. Kulevanova. Total polyphenols and antioxidant capacity of *Chenopodium botrys* L., Book of abstracts, 7$^{th}$ International Conference on Polyohenols and Health, October 27-30, 2015, Tours, France

4. **Ljubica Adji Andov**, Marija Karapandzova, Ivana Cvetkovikj, Gjose Stefkov, Ana Kaftandzieva, Svetlana Kulevanova. Chemical composition and antimicrobial activity of *Chenopodium botrys* L. (Amaranthaceae) from Macedonian flora, Macedonian pharmaceutical bulletin, **62** (suppl) 497 - 498 (2016) (списание со меѓународен уредувачки одбор)
5. **Ljubica Adji Andov**, Marija Karapandzova, Gjose Stefkov, Ivana Cvetkovikj, Katerina Baceva, Trajce Stafilov, Svetlana Kulevanova. The content of some biogenic elements in *Chenopodium album* L. and *Chenopodium botrys* L. (Amaranthaceae) from Macedonian flora, Macedonian pharmaceutical bulletin, **62** (suppl) 499 - 500 (2016) (списание со меѓународен уредувачки одбор)
6. **Ljubica Adzi Andov**, Marija Karapandzova, Gjose Stefkov, Ivana Cvetkovikj, Katerina Baceva, Trajce Stafilov, Svetlana Kulevanova. Content of selected elements in *Chenopodium album* L. and *Chenopodium botrys* L. (Amaranthaceae) from Macedonian flora, *Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering* (submitted). IF=0.50

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главен научен придонес на кандидатката м-р Љубица Аџи Андов е испитување на хемиски состав на етерични масла и на други суровини што можат да се добијат од *Chenopodium*-видовите кои автохтоно растат на територијата на Република Македонија, за кои се уште нема издржани научни податоци, како и утврдување на нивната антимикробна и антиоксидативна активност. Резултатите од оваа докторска дисертација би можеле да најдат примена како во областа на фармацијата и медицината, така и во други комерцијални цели пред сè поради можноста за употреба на етеричното масло и на екстрактите како можни извори за добивање на терпенски и на фенолни соединенија (флавоноиди и фенолни киселини) што понатаму би можеле да се користат како арома-супстанции или како биолошки активни соединенија, пред сè антиоксидансни агенси.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација.

**КОМИСИЈА**

1. Проф. д-р Ѓоше Стефков, **претседател**
с.р.

2. Проф. д-р Светлана Кулеванова, **ментор**
с.р.

3. Проф. д-р Татјана Кадифкова Пановска, **член**
с.р.

4. Проф. д-р Марија Главаш Додов, **член**
с.р.

5. Проф. д-р Емилија Јаневиќ Ивановска, **член**
с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ КООРДИНАЦИЈАТА КАКО МЕНАЏЕРСКА ФУНКЦИЈА ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ЕФИКАСНО ОБРАЗОВАНИЕ" ОД М-р ЈУЛИЈА ГАЈДАЏИЕВА, ПРИЈАВЕНА НА „ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ - ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XXVIII редовна седница одржана на 26.IX 2016 година, не' избра за членови на Рецензентската комисија за оцена на докторскиот труд под наслов „ Координацијата како менаџерска функција во средното образование во Република Македонија за ефикасно образование**"**, изработена од м-р Јулија Гајдаџиева, студент на докторските студии на Институтот за педагогија – менаџмент во образованието. Заблагодарувајќи му се на Наставно-научниот совет за укажаната доверба, слободни сме да му го доставиме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторскиот труд на м-р Јулија Гајдаџиева претставува самостоен труд презентиран преку текстуален и илустративен дел придружен со прилози. Текстуалниот дел, на дисертацијата содржи 7 глобални целини (вовед и методологија на истражувањето, теоретски основи на менаџментот, координација, ефикасноста на современите училишта, образовните процеси во Република Македонија, современ менаџмент во средното образование во Република Македонија, презентација и анализа на истражувањето и заклучни согледувања), поставени на вкупно 257 страници. Литературата која е користена за изработката на докторскиот труд, покрај фундаменталните педагошки дела, содржи и голем број на дел од областа на менаџментот во образованието и актуелани, тематски соодветни ракописи. Трудот е поддржан од 103 библиографски единици на македонски и други странски јазици. Во прилозите, кандидатката ги има презентирано инструментите на истражувањето и добиените резултати.

Докторскиот труд е коректно и конзистентно поставен. Аналитичкиот пристап што го применила кандидатката се темели на фокусиран теориски пристап на проблемот кој се истражува и резултатите од емпириското истражување. Секоја глава има последователност и сопствена хомогеност и соодветствува на класичниот методолошки пристап во проучувањето на општествените појави. Со тоа, кандидаткатаја поставува конструкцијата на трудот која овозможува лесно читање и запознавање со истражуваниот проблем. Трудот кулминира во седмиот дел, каде што е претставена синтезата на согледувањата произлезени од теоретското и емпириското истражување.

**Структура**

Докторскиот труд поседува структура која овозможува реализација на намерата на кандидатката да го истражува влијанието на координацијата како менаџерска функција врз ефикасноста на средното образование.

Вака поставената цел го дефинира истражувањето како применето со посебен фокус на утврдувањето на тоа дали и во која мера координацијата во училиштата за средно образование придонесуват за зголемување на ефикасноста на работењето од аспект на менаџерскиот кадар, наставниците, учениците и родителите. Ова истражување е особено актуелно бидејќи самата теорија на управувањето со образовните установи, во последно време, става посебен акцент на проучувањето на влијанието на координацијата како еден од факторите кои го детерминираат работењето и развојот на училиштето и е релативно ново подрачје во образовната практика во нашата земја. Се′ уште се ретки истражувањата од овој вид, не само кај нас, туку и во светот. Таквиот проблем кандидатката го истражува на поширок системски план како состојба која е детерминирана од промените во теоретските сфаќања за координацијата како менаџерска функција и промените во ефикасноста на работењето во образовните установи, современите сваќања во оваа сфера во светот и кај нас, како и практицирањето на овие трендови во нашата образовна средина.

Ваквата поставеност, кандидатката ја реализира со помош на теориско-емпириски пристап со примена на историски, дескриптивен и аналитичко синтетички пристап во своето истражување, со помош на методолошки дискурс кој овозможува научно фундирани и доволно практично применливи резултати.

Операционализацијата на поставените цели, кандидатката ја спроведува преку:

- теориски пристап во проучувањето на проблемот на истражувањето;
- анализа на современа педагошка, андрагошка, психолошка и економска литература, кои за свој предмет не ја имаат само постојната ситуација со применатат на моделите на координација во средните училишта, туку и развојните правци според кои треба да биде третиран овој проблем;
- идентификување на меѓународните извори со кои се дефинира теоретската анализа на трудот;
- емпириско истражување кое подразбира запознавање на односот и зависноста меѓу комуникацијата и менацирањето со воспитно-образовните установи, како агент на промени во ефикасноста во работењето.

Докторскиот труд се состои од седум тематски подрачја кои во логичен редослед ја отсликуваат содржината на теоретските и практичните истражувања во областа на тоа како координацијата може да помогне при создавањето на кооперативни работни системи, земајќи ги предвид и индикаторите за ефективен образовен менаџмент во средните училишта во Република Македонија.

**Првото заглавие** претставува вовед во темата на дисертацијата. Она што е објаснето е актуелноста на проблематиката на истражување, целите и задачите на самото истражување и методологијата која се користи во трудот. Дадена е и дескрипција на дизајнот на инструментите на истражување и очекуваните резултати.

Во анализата на проблемот на докторскиот труд, кандидатката применува методологија на истражување карактеристична за општествените науки. Со примена на историскиот метод, методот на анализа, дескриптивниот метод, индуктивниот метод и методот на генерализација, кандидатката ги проучува постојните теоретски аспекти на истражуваната појава и искуствата од досегашниот третман на координацијата во контекст на ефикасноста на образованието.

Со помош на аналитичко-синтетички пристап, анализата на документација, компарацијата, неексперименталната каузална метода за утврдување на причинско-последичните односи во сферата на координацијата во работењето во училиштата, кандидатката успешно ја реализирала поставената цел.

Со помош на анкетирање, емпириското истражување е спроведено на директори, наставници, ученици и родители од средните училишта во Република Македонија.

Во истражувањето се користи случаен и стратификуван примерок. Вкупно се опфатени 385 испитаници.

Применета е дескриптивна анализа која ги зема предвид процентот, фреквенцијата и оценувањето на пондерираната средина. Ефикасноста на средното образование, значењето на учесниците во средното образование и значајноста на менаџерските функции за ефикасно средно образование се оценети со мерење на пондерирани средини.

**Второто заглавие** ги разработува теоретските основи на менаџментот. Тука е дефиниран поимот на менаџментот, неговиот развој и стиловите на менаџмент, како и развојот на теоријата на менаџментот и нивоата и функциите на менаџментот. Посебен акцент е ставен на анализата на планирањето, организирањето, координацијата, мотивирањето и контролата како менаџерски функции и тие се оценуваат според значајноста. Исто така, во овој дел се дефинираат поимите лидер, менаџер и лидерство и сите карактеристики што го сочинуваат доброто лидерство.

**Третото заглавие** е посветено на расветлувањето на самиот термин - координацијата, следено со различни видови на дефиниции за неа и за самата теорија на координација. Во овој дел се набројуваат и се објаснуваат сите предности, но и сите недостатоци што ги има координацијата, посматрана од аспект на влијанието на различни фактори кои ја детерминираат нејзината успешност. Во оваа глава се издвојуваат и компонентите што ги содржи самата координација, и се објаснуваат процесите и меѓузависностите што произлегуваат од координацијата.

**Четвртото заглавие** се задржува на ефикасноста на современите училишта и елементите кои влијаат врз самата ефикасност. Дадена е дескрипција на воспитно-образовните потсистеми и видови на училишта, на територијата на Република Македонија. Појдовна точка е карактерот на училиштата како и нивните структури и училишни култури, како и улогата на различните фактори кои влијаат врз нивната ефикасност. Во овој дел се разработува и поимот и карактеристиките на ефикасно училиште проследени со опис на успешни училишта. Исто така, се зборува и за главните принципи на ефикасниот и кооперативниот менаџмент на училиштата, должностите и одговорностите што ги има самото училиште и заедничкиот менаџмент со цел подобро работење.

Во **петтото заглавие**, преку анализа на состојбата во Република Македонија, се претставени општите цели на образовниот систем и неговите функции во развивањето на личноста и промовирање на неговите основни права и слободи. Преку анализа на подготовката на наставните програми, евалуација на образовните процеси и активностите, кандидатката се фокусира на општопроифатените стандарди за квалитетно образование. Во овој дел се дава дескрипција на структурата и организацијата на образовниот систем, со детално претставување на различните образовни потсистеми: предучилишното, основното и средното образование во Република Македонија.

**Шестото заглавие** го разработува поимот на современ менаџмент во средното образование во Република Македонија. Во контекст на неговите цели, принципи и процеси се ситуира улогата на менаџментот во образовните установи, органите на

раководење на училиштата и придобивките кои произлегуваат од добриот менаџмент во склоп на средното образование. Фокусираноста во средното образование резултира со дескрипција и анализа на факторите кои влијаат врз квалитетот на образованието. Исто така, преставени се карактеристиките и квалитетите што треба да ги поседува директорот на училиштето, како и неговата функција во училиштето, видовите на директор и улогата на директорот како координатор на активности.

**Седмото заглавие** се осврнува кон презентација и анализа на добиените податоци од истражувањето. Во него, кандидатката врши анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето. Акцентот во оваа анализа е ставен на добивање на одговори на следниве прашања:

- Кој е најзначаен учесник во средното образование во Република Македонија?
- До кој степен менаџерите во средните училишта во Република Македонија ги поседуваат знаењето, стручноста и спремноста за спроведување успешна координација?
- Кое е нивото на ефикасноста на средното образование во Република Македонија?
- Која е најзначајна менаџерска функција за ефикасно средно образование во Република Македонија?

Посебен квалитет на овој дел од докторскиот труд е настојувањето на кандидаткатада ги судри добиените резултати од истражувањето со резултатите кои се добиени по пат на анализа на современите настојувања во сферата на координацијата како менаџерска функција и нејзиното влијание врз ефикасноста во работењето. Врз основа на добиените резултати, кандидатката ги потврдува или ги одбива поставените хипотези на истражувањето.

Во заклучните согледувања се дадени препораки за идни активности во сферата на организациската поставеност и начините на координација во средните училишта и подобрувањето на нивната ефикасност.

***

Анализата на докторскиот труд покажува дека кандидатката вложила голем напор проблемот на истражувањето да го посматра од различни аспекти, кои се во функција на јасност и издржаност на препораките што ги дава на крајот на трудот, што на овој труд му дава дополнителен квалитет. Во одредени сегменти се чини дека кандидатката пристапува доста еднострано во толкувањето на истражуваната појава, и извлекува заклучоци кои не се дополнително аргументирани. Ваквата појава не влијае

врз квалитетот на докторскиот труд бидејќи доминантно се однесува на доста познати феномени кои и се познати на педагошко-андрагошката јавност.

Проблемскиот пристап кој кандидатката го применила со наведување голем број на детерминанти и нивна операционализација, со целосно почитување на спецификите на состојбите и окружувањето, е во функција на јасност на трудот. Од аспект на посебноста и актуелниот миг во кој се наоѓа средното образование во Република Македонија и потребата од зајакнување на овој дел од образовниот систем со континуирано следење и целосно разоткривање на позитивните и негативните искуства врз зајакнувањето на моделите на координација во менаџерирањето на средните училишта, се чини дека ваков пристап е повеќе од неопходен. Дотолку повеќе што во последно време, во сферата на менаџирањето (сеопфатно сфатено) и поставеноста на координацијата во средното образование се прават обиди за интервенции кои имаат системска заднина но притоа не произлегуваат од втемелени и издржани добри примери од практиката. Овој дел, дополнет со функционалното поврзување и прецизното поставување на значењето и улогата на сите клучни фактори кои ја детерминираат ефикасноста во работењето во училиштето, сочинуваат јака основа да се дадат издржани толкувања и препораки кои би биле операционализирани во образовната практика во нашата земја. Оттаму, пристапот на кандидатката е наполно оправдан и му овозможува на читателот да добие целосна слика и здрави аргументи за понудената методологија за анализа на проблемот на истражувањето.

Трудот го карактеризира методолошка коректност со јасно одмерени и издржани заклучоци. Иако во одделни сегменти заклучоците се пренагласени, тоа воопшто не ја намалува нивната издржаност.

**Заклучок:**

Докторскиот труд „Координацијата како менаџерска функција во средното образование во Република Македонија за ефикасно образование **“,** изработен од м-р Јулија Гајдаџиева, студент на докторските студии на Институтот за педагогија – менаџмент во образованието, претставува значаен напор за расветлување на едно исклучително значајно прашање во образовната практика. Овој труд претставува сам по себе извор, стимулација и поддршка на други истражувања од овој домен. Поради тоа, може да се заклучи дека станува збор за труд кој има аспирации да констатира, но и да отвори низа значајни прашања од доменот на менаџерските функции, особено координацијата, како силни фактори кои ја условуваат ефикасноста во работењето и квалитетот на образованието. Трудот претставува дело кое има аспирации да ги спои теориската и практичната димензија на истражуваниот проблем. Практичните импликации што ги сугерира и ги носи како свој потенцијал, особено констатациите за

видот на моделите на координација кои се примениуваат во средните училишта, го прават овој труд вреден од аспект на можностите за апликација.

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на изнесените податоци и веќе потврдените квалитети на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно го оценува докторскиот труд „Организациската поставеност и раководењето во контекст на обуките за претприемаштво во средното образование“**,** изработен од м-р Јулија Гајдаџиева, студент на докторските студии – менаџмент во образованието, на Институтот за педагогија, и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да ја усвои оваа рецензија и да и овозможи на кандидатката понатамошна постапка за одбрана на докторскиот труд.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Зоран Велковски с.р.

Проф. д-р Анета Бараковска с.р.

Проф. д-р Јасмина Д. Диздаревиќ с.р.

Доцент д-р Елена Ризова с.р

Проф д-р Елизабета Т. Илиевска с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ШАМАНИЗМОТ КАКО КУЛТУРЕН ОСТАТОК ВО МАКЕДОНСКАТА НАРОДНА ТРАДИЦИЈА", ОД М-Р АНА ВИТАНОВА РИНГАЧЕВА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на својата редовна седница одржана на 16.11.2016 година, ја избра Рецензентската комисија за оцена на докторскиот труд под наслов: „Шаманизмот како културен остаток во македонската народна традиција", изработен од м-р Ана Витанова Рингачева, во состав:

1. д-р Нина Анастасова Шкрињариќ (ментор)
2. д-р Виолета Пирузе Тасевска (член)
3. д-р Добрила Миловска (член)
4. д-р Весна Мојсова Чепишевска (член)
5. д-р Кристина Николовска (член).

Заблагодарувајќи се за укажаната доверба, имаме чест да го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторскиот труд „Шаманизмот како културен остаток во македонската народна традиција", изработен од м-р Ана Витанова Рингачева, опфаќа вкупно 329 страници компјутерски испишан текст (фонт Times New Roman, големина на знаците 12 и стандарден проред од 1,5), во кој на 270 страници се одвива богата теоретска и апликативно-аналитичка расправа за шаманизмот како „културен остаток" од примарните /првобитните култури во народната култура на современите народи (во случајов, во македонската народна традиција), а на 60 страници е презентирана актуелна теренска етнографска и фолклористичка граѓа (во поглавјето *Прилози,* покрај необјавените теренски записи на Иван Котев, еден од најплодните современи собирачи и запишувачи на фолклористичко-етнографски материјали, приклучени се и најновите записи од заедничкото теренско истражување кое кандидатката го направи во Гевгелија во 2016. година, заедно со фолклористот Иван Котев). Во завршната библиографија се нотирани над 160 стручни референци од македонската, јужнословенската и светската научна мисла, кои се искористени како непосредни извори за ова истражување (треба да се одбележи дека се работи за високо - референтни наслови и стручно компетентни извори поврзани непосредно или посредно со оваа малку истражувана проблематика).

Текстот на докторската дисертација е структуриран во неколку поглавја, во кои етапно се одвива и се развива истражувачкиот процес. Првото поглавје ја содржи воведната дискусија во која се изнесени научните предизвици и истражувачките хипотези на овој труд, како и воведната расправа за древните религиски концепти кои се темел на религиозната мисла воопшто (осврт кон слојот од примитивни верувања и техники кои се шаманистички во својата суштина, а се среќаваат во многу култури и религии; осврт кон примитивниот менталитет во примарните култури при што фокусот е на мистичното искуство на светото и профаното, и на комуникациската врска на субјектот со натприродната стварност – како клучни постулати во шаманистичкото

искуство). Следејќи ја идејата на Емил Диркем за елементарните облици на религискиот живот, кандидатката потенцира дека религиозните убедувања на нашите предци доживеале многу трансформации низ времето (зависно од општествено-историските, културните, економските и социјалните услови, како и од бројните „културни симбиози" меѓу протоисториските и историските популации), но одредени религиски практики преживеале непроменети до нашата современост. Тоа важи и за шаманизмот кој иако не успеал да се издигне на ниво на религија, се наоѓа во основата на сите доминантни религии, а шаманистичките практики се препознаваат во сите култури и на сите цивилизациски степени до кои успеал да се издигне човекот. Како систем од екстатични и терапевтски методи, чија цел е да се воспостави контакт со паралелниот и невидлив свет на духовите, шаманизмот е присутен на сите нивоа на културен развој на човештвото. Поаѓајќи од клучната претпоставка на британскиот антрополог Е. Тајлор позната како *теорија за остатоците од културното наследство*, или *теорија на преживелиците* (идејата дека повисоките степени на култура сочувале остатоци од пониските степени на еволутивен развиток), основен предизвик во овој труд е да се истражи и докаже постоењето на шаманистичките реликти во македонската традиција. За таа цел, кандидатката ги користи ставовите на повеќе научни дисциплини: фолклористика, етнографија, антропологија, историја на религии и компаративна митологија, а трудот претставува функционален спој на фолклористичко-етнографската и антрополошката експертиза. Пристапувајќи му на шаманизмот како на феномен кој е карактеристичен не само за некои просторно и временски оддалечени народи, туку е *жива присутност* и на македонска почва, кандидатката тргнува од ставот на историчарите на религиите и теоретичарите на културните феномени кои се согласни дека не постои совршено чист изворен религиозен феномен и дека ниту една религиозна порака не е ексклузивитет на само една религија. Наспроти досегашното примарно поврзување на шаманизмот со религиозните практики на средна и северна Азија, ова истражување докажа дека шаманистичкото искуство е присутно и на наша почва и е вградено во духовното искуство на нашите предци. Како „преживелица" или „културен остаток" од пониските степени на развиток, шаманизмот има свои рефлексии во културниот и религиозниот живот и на современиот човек, а истражувањето за потребите на оваа докторска дисертација покажа дека шаманистичката духовна практика е продуктивна во неколку домени од македонската народна традиција.

Во првите глави од трудот е понудена богата расправа за шаманизмот како религиозен и мистичен феномен кој претставува специфична техника на екстаза во содејство со одредена магиска пракса (феномен кој е проучуван од страна на врвни историчари на религии и антрополози: М.Елијаде, Р.Кајоа, С.Токарјев, К. Леви-Строс и др.). Антрополозите го класифицираат шаманизмот како архаичен магиско-религиски феномен во кој шаманот се јавува како „господар на екстазата" кој поседува магиска способност за лебдење/летање, патување до небото, симнување во долниот свет, господарење со огнот и слично. Шаманизмот, како систем од екстатични и терапевтски методи, подразбира екстатично патување на човекот шаман во паралелниот и невидлив свет на духовите и способност за општење со оностраното – се работи за универзална духовна техника и практика која е присутна во религиите на сите континенти и на сите нивоа на култура, но за негов центар (жариште) се смета Азија. Шаманистичките практики се особено маркантни кај Турците, Монголците, Хималајците, Угро-финците и арктичките народи, а кандидатката си поставува цел да ја аргументира и документира шаманската духовна практика и во македонската народна традиција.

Во втората глава од трудот Витанова-Рингачева се задржува на клучните теории за шаманизмот, потпирајќи се генерално на теоријата на најголемиот

историчар на религиите, Мирча Елијаде и неговиот труд: *Шаманизмот како архаична техника на екстаза*. Застанувајќи на страната на теоретичарите кои се децидни дека шаманизмот сам по себе не претставува религија, туку збир од техники поврзани со одреден систем на верувања (тезата на Елијаде која води кон заклучокот дека шаманизмот не е религија, туку збир од „елементарни компоненти компатибилни со сите религии“ или „комплекс од обреди и верувања кој е функционален и оперативен во различни религии“),кандидатката сепак им дава гласност и на оние истражувачи кои го третираат шаманизмот како закономерен стадиум од развитокот на религијата (ставот на Лебок, Харузин, Лопатин и др.).

Разгледувајќи ја генезата и функцијата на шаманизмот (и неговата врска со анимизмот како базичен религиски концепт кој се темели на дуализмот: тело-дух), кандидатката се осврнува на корените и колевката на шаманизмот, проследувајќи ја опстојно шаманската традиција на Мексико, кај Маите и Ацтеките, шаманизмот во Африка (т.н. ИФА филозофија) и спецификите на амазонскиот шаманизам (ајаваска-обредите). И покрај обидите да се локализира шаманството како средноазиски, арктички или сибирски религиозен феномен (според Елијаде, особините на арктичкиот, сибирскиот и средноазискиот шаманизам, можат да се генерализираат врз сите негови варијанти во другите делови од светот), кандидатката аргументирано ја застапува идејата дека се работи за феномен кој постои кај сите народи. По однос на генезата во дијахрониска перспектива, некои истражувачи сметаат дека корените на шаманизмот треба да се бараат уште во палеолитот, но има и такви кои го поврзуваат генетички со епохата на племенското уредување, кога племето како компактна група настојува да ја зацврсти внатрешната кохезија, формирајќи племенски органи со хиерархиска поставеност на функциите. Без оглед дали се во игра тезите за племенската заснованост или за древноста на шаманизмот како прото-религиска практика, стремежите на човекот отсекогаш биле насочени кон иста цел: воспоставувањето на комуникација со светот на оностраното, и со светот на духовите на мртвите предци – заклучува кандидатката.

Највоочливата карактеристика на шаманизмот -според Елијаде - е примената на екстатичните методи за комуникација со натприродниот свет, при што од колективот се издвојуваат посебни индивидуи кои поседуваат моќ за таков вид комуникација (во македонската традиција постои верување во т.н. *змејовити луѓе* кои по своите карактеристики се издвојуваат од останатите и целосно се вклопуваат во шаманската матрица). Во следната глава од трудот е скициран (или подобро кажано – детално портретиран!) профилот на шаманот како медијатор меѓу световите, со неговата основна функција на психопомп (водач на душите) и исцелител. Разгледувајќи ги подробно фазите од шаманската иницијација, кандидатката истакнува дека идниот шаман најпрво се обучува во специфичните шамански техники (екстаза, транс, пророчки сонови), се запознава со тајниот јазик на природата, животните и птиците, се запознава со племенската митологија/ верувањата на заедницата и генеологијата на племето/родословот и ги учи имињата и карактеристиките на духовите кои ќе му бидат помошници и противници. На тој начин, шаманот стекнува способност да општи со духовите на мртвите предци, да воспостави комуникација со демоните и духовите на природата, а при тоа истите тие да не му нанесат штета (на некој начин, шаманот господари над своите духови). Без разлика како поединецот се стекнува со шаманска моќ (наследно го добива шаманскиот позив или, пак, тоа се случува со негова лична одлука/со спонтана вокација или со одлука на племето), тој израснува во вистински шаман дури откако ќе ја помине обуката која е иницијациска. Процесот на иницијација во шаманизмот подразбира долготрајно психолошко и физичко страдање на идниот шаман кое доведува до симболична смрт, неопходна за преродувањето на неговата личност и стекнување одредени моќи (често пати, привремената или

симболичката смрт на шаманот е фактичка, и одговара на она што во западната медицина се нарекува клиничка смрт). Суштината на иницијацијата е да се победи стравот од смртта, иницијантот да се соочи со неа и да се врати од неа.

Во текот на иницијацијата, идниот шаман како „шамански дар“ ја стекнува способноста да го научи *тајниот јазик* (т.н. *немушт јазик*) кој подоцна ќе го употребува во екстатичните обреди, како средство за комуникација со духовите. Тој таен јазик всушност го претставува јазикот на животните и во најелементарна форма означува имитирање на животинските крикови (ономатопејски звуци на диви и питоми животни, лаење на куче, блеење на јагне, пеење на птиците, подражавање шумот на летот на птиците и слично). Да се спознае и научи јазикот на животните, во прв ред јазикот на птиците, во сите култури значи да се спознаат тајните на природата, што е предуслов за стекнување на моќта за пророкување (ваков таен јазик е засведочен кај Ескимите, Лапонците, Чукчите, Јакутите, а за тунгуските шамани постои верување дека го разбираат јазикот на целата природа). Тајниот јазик на птиците се учи преку јадење на змија или друго животно со магиски својства (се верува дека овие животни можат да ја откријат тајната на иднината, затоа што се сметаат за епифанија на душите на мртвите предци или инкарнација на боговите). Познавањето на тајниот јазик е предуслов шаманот да го оствари екстатичното патување меѓу световите или, како што напоменува Елијаде, шаманот да влезе неказнето таму кадешто пристап имаат само мртвите и боговите. Според него, соединувањето со животните за време на сеансата претставува магиска метаморфоза на шаманот во животно, еден вид преобразба која е слична со преобразбата што ја доживува шаманот при облекувањето на шаманската облека и шаманската маска. Поврзаноста на човекот и животните, според верувањата на древните народи, потекнува од митските времиња кога човекот и животните живееле во хармонија разбирајќи се едни со други (или – говорејќи еден јазик). Оттука, животните најчесто се јавуваат како водачи на шаманот низ светот на оностраното, понекогаш тие патуваат наместо шаманот и дејствуваат наместо него, а во шаманската митологија постои и верување дека душата на шаманот престојува во животните-помошници.

Во посебна глава од трудот се разгледува специфичната *шаманска митологија*, во која доминантна митска тема е *патувањето на човекот шаман*. Како типични митови со шаманска основа, кандидатката ги разгледува митовите во кои митскиот предок тргнува во потрага по нешто, се бори со чудовишта, се качува на висока планина или поминува низ темна шума (каде доживува симболична смрт, по што стекнува одредени моќи). Несомнена шаманистичка подлога имаат митовите во кои се спомнува искачувањето по небо или магичното летање (во нив задолжително се спомнуваат крилја или пердуви од птици – орел, сокол, што сведочи за култот кон орелот како птица посредник помеѓу двата света) и митовите за патувањето на јунакот кои ја вклучуваат претставата за дрвото како посредник меѓу двата света (претстава за светото дрво по кое се стигнува до небото, како универзалната митска претстава дека двата света (овостраниот и оностраниот) или трите света (подземниот, земниот и небесниот свет) се соединети преку дрвото на светот (arbor mundi) кое воедно ја претставува митската оска/*оската на светот* (axis mundi) која е во истата асоцијативна низа со космичката планина, со митското стебло и со сѐ што е аксиално. Витанова-Рингачева појаснува дека дрвото е стожерниот елемент и во иницијацискиот обред на алтајските шамани бидејќи го симболизира *митскиот столб* кој се издигнува до *центарот на светот* каде се поврзуваат трите космички зони. Летот на бестелесната шаманска душа е поврзана со троделната космологија (земјата, небото и подземјето кои се делат на голем број т.н. „космолошки идеограми“ во кои се претставени различните космички зони, низ кои симболично се движи душата на шаманот). Патот што тој го поминува

или каналот низ кој остварува контакт со онострано то, најчесто е симболизиран преку шаманското патување - во митовите со шаманска основа најчесто митскиот предок тргнува во потрага по нешто, поминува пат исполнет со препреки од разни митски чудовишта, се искачува на планини, врвови, оди низ шума и слично. На тој пат, идниот шаман доживува симболична смрт, за по симболичното воскреснување да се разбуди како човек, надарен со специфични шамански моќи. Во таквите митови доминантна тема е магичното летање и затоа се среќаваат птици (најчесто орел, сокол, петел) или пердуви од птици, а особено развиен и почитуван е култот кон орелот (како птица посредник меѓу световите).

Со впечатлива фолклористичка експертиза (поткрепена и со етнографски сведоштва), Витанова-Рингачева ги препознава овие митови и во македонскиот приказничен фолклор. Посебна глава од трудот се однесува на рефлексиите од шаманистичката митологија (митовите за патувањето во онострано то) во македонските народни сказни. Комбинирајќи ја фолклористичката интерпретација со митолошко-ритуалистичката експликација на врвните митолози, антрополози и фолклористи (Елијаде, Тајлор, Фрејзер, Проп), Витанова-Рингачева ја потврдува тезата на Проп дека сказната целосно се потпира на древните религиски концепти (анимистички, манистички, тотемистички, шаманистички и др.), а во мноштвото култни „секвенци“ кои ги содржи сказната (остатоци од *анимизам, тотемизам, шаманизам*), успешно е детектиран шаманистичкиот „култен остаток“.

Префрлајќи се на теренот на фолклористиката, кандидатката ги аплицира Проповите и Јунговите тези (Јунговиот и Проповиот пристап кон митското патување како иницијациско патешествие) врз повеќе примероци од македонскиот приказничен фолклор, кои го содржат *мотивот на преминување на јунакот во онострано то царство*. Преминувањето на јунакот од еден во друг свет се случува на најразлични начини, од негова метаморфоза во одредно животно, преку преминувањето на високи планини и гори, искачување или симнување по дрво со помош на волшебни предмети, со чун, или на летачки килим. Начинот на изведување на преместувањето може да биде најразличен, но она што е суштинско е *шаманистичката компонента* која се однесува на задгробното патување на јунакот кое се одвива по вертикала (мотивот на сошивање во кожа од овца, крава, коњ, бик и слично, како начин на кој јунакот се пренесува во другото царство, или преместување со помош на птицата која е ликот-преносник од еден свет во друг). Патувањето на херојот во онострано то царство (качување во небесниот и симнување во подземниот свет) здобивањето натприродни моќи со помош на волшебни предмети, иницијациското созревање со посредство на духовите помошници, симболичното умирање и повторно раѓање – се сказнични моиви со екплицитни и имплицитни шаманистички компоненти.

Како илустративен материјал за докторската експертиза, искористени се и примероци на народни приказни, народни верувања и преданија од зборникот на Цепенков и збирката на Обремски, а како споредбен истражувачки корпус, покрај Цепенковите,. се користат и Шапкаревите фолклорно-етнографски материјали. Шаманистичките претстави за задгробното патување на херојот се детектирани и врз примери на приказни од струмичкиот регион, при што теренската проверка е извршена на нови и досега необјавени материјали. Кандидатката потенцира дека во струмичкиот регион често се среќават приказни во кои се опишува задгробното патување на херојот, а голем дел од нив изобилуваат со универзални мотивски конструкции и митологеми кои се препознаваат во митологиите и верувањата на најстарите цивилизации. Фасцинира сознанието, во која мерка овој регион, иако недокрај истражен, нуди квалитетна граѓа за потврдување на тезата дека, шаманистичките претстави за задгробното патување, за Оската на светот, за ритуалната смрт и повторното раѓање, имаат свои варијанти и во македонскиот фолклор (фолклористичките

материјали кои служат како апликативен корпус за потврдување на тезите, се собрани и дешифрирани од струмичкиот фолклорист Иван Котев).

Посебна глава од трудот е посветена на шаманистичката исцелителна практика, која ги афирмира шаманите како примитивни лекари или репрезенти на народната медицина. Шаманистичкиот обред, Сергеј Токарјев го определува како *камлање,* хистерична игра проследена со пеење, удирање по тапанот или предмети од железо, а ваквата постапка се третира како средство за комуникација со духовите која се постигнува на два начини: духовите се вселуваат во телото на шаманот (или во внатрешноста на тапанот) или пак душата на шаманот патува во царството на духовите. Според Токарјев, смислата на т.н. *камлање* лежи во способноста за хипноза и самохипноза, постапка со која шаманот, не само што ги наведува присутните да веруваат во неговите натприродни моќи, туку и самиот верува, доживувајќи силни халуцинации. Шаманот лекува на тој начин што го перципира светот на болниот преку емпатија и верба дека во тој свет може да врши интервенции. Повеќето истражувачи се согласуваат дека основна функција на шаманите е лекување на болните како и нивна заштита од злите духови. За да се оствари таа, шаманот патува во духовните сфери каде се соочува со бројни опасности, а опасностите го демнат и кога ќе се врати во материјалниот свет. Најчестата опасност која го демне може да се случи за време на обредот на лекување на болниот, кога духот на болеста може да го нападне и самиот шаман. Затоа костимите што ги носат шаманите во симболична смисла имаат *апотропејска* или *заштитна функција,* односно треба да го заштитат шаманот од опасностите околу него. (Во Перу, шаманите се вклучени како помошници на психолозите и психијатрите, бидејќи искуството покажало дека нивната помош е корисна, додека, пак, во Мексико нивното искуство го ползуваат само ботаничарите во препознавањето и идентификацијата на билките).

*Шаманската облека,* всушност, ја манифестира симболиката на тоа искуство: како заштитен елемент на облеката најчесто се употребува *железото* (кое има улога на штит во материјалниот свет) кое се пришива за облеката за да ги одбие магиските напади и да го штити шаманот за време на неговите духовни патувања. На шаманската облека се забележуваат *пердуви* или реси налик на пердуви, и најчесто таа се изработува од животинско крзно на кое се прицврстени различни додатоци од метал, коски, заби од животни, ѕвонци, претстави на дрвото на животот, пердуви и слично. Преку облеката, шаманот претендира да добие животински лик, со посебен акцент на птицата, еленот или мечката. Најдоминантен облик е птичјиот бидејќи секаде каде што се практикува шаманизмот, дали како развиен религиозен облик или неговите елементи опстанале како реликти, се препознава присуството на пердуви од птици, поради што разгледувајќи ја орнитографијата на шаманската облека (т.н. воздушен симболизам), Олмаркс неа ја поврзува со духовите-помошници кои му помагаат на шаманот да го изведе духовното патување.

Меѓу шаманистичките реквизити (облеката, маските, тапанот, приборот - шаманското *огледало, или* бамбусов стап), тапанот се смета за најважниот реквизит на шаманите, тој има комплексна симболика и многузначајна магиска функција. Неговата симболика влече корени од *светото дрво* кое стои во центарот на светот и ги држи цврсто различните нивоа на космосот. Самиот избор на дрвото од кое ќе се изработи тапанот, има суштинско значење бидејќи од профан елемент се преобразува во *дрво на светот/животот* на кое ќе му се отвори патот кон небото. Ритамот кој се произведува не е резултат само на звукот на шаманскиот тапан, туку во неговото создавање учествува и самата шаманска облека (украсена со бројни украси и детали) која при движењето на шаманот, го следи ритамот и се усогласува со звукот на тапанот. Во истиот ритам пулсира звукот на разните метални предмети, ѕвонци, камења, кристали, школки, а тој ритам го следат танцот, дишењето и изговарањето на обредните молитви.

Ритмичките удари на тапанот доведуваат до хармонично единство меѓу физичките и спиритуалните нивоа на постоењето, а личноста има чувство на проширена свест, опуштеност и чувство на радост (докажано е дека звукот на тапанот го хармонизира енергетското поле на личноста, резонансата го подобрува внатрешниот ритам, при што имунитетот се доведува до високо ниво, а со тоа се поттикнува и моќта на самоисцелувањето.). Во науката сè погласни се тврдењата за здравствениот бенефит кој го има човекот од ритамот на тапанот, под негово дејство се намалува крвниот притисок и стресот, се иницира подобрување на работата на мозокот, подобрување на имунитетот, намалување на болката и слично. Роберт Фридман во книгата *„Исцелителската сила на тапанот"* посочува дека тапанот како инструмент кој нашите предци го користеле илјадници години наназад во ритуалите и свеченостите, всушност има моќ за опуштање, доведување на човекот во состојба на радост, лесен транс, чувство на заедништво и единство (отварајќи го каналот за поврзување со нашата длабока природа, ритамот на тапанот овозможува контакт со другите, соединување на човек со човек).

Во следните неколку глави од трудот, шаманистичката исцелителна практика се доведува во врска со *русалискиот обреден комплекс*. Кандидатката ја афирмира тезата дека русалиите се одглас на древните шамански терапевтски обреди, а ваквото тврдење го поткрепува со фактот дека вертикалната организација на просторот во шаманската митологија се крие и во основата на календарското одредување на русалиските игри во текот на т.н. погани дни. Според народните верувања, тие дванаесет дена небото се отвара, се прибираат душите на мртвите (пуштени уште на Врбница), слично како кај шаманот кој може да лета и да ги спроведува душите низ световите.

Учесниците и изведувачите на трансните ритуални игри на Балканот (анастенарии, нестинари, кралици, калушари, русалии) покажуваат големи сличности со шаманите. Она што неспорно ги поврзува со шаманите е тоа што поседуваат еден посебен општествен статус бидејќи се специјализирани за *магично истерување на болеста*. При магиското лекување на шаманите и на русалиите – калушари, клучна улога имаат следниве елементи: ритамот, танцот, паѓањето во транс, мечовите, стапот, костимите. Во функција на поведението на обредните учесници кои ги поврзува со "другиот свет" се потенцираат: парниот број, обредното молчење, танцувањето на гранични места кои сугерираат демонски хронотоп (крстопати, гробишта, крај суво дрво), собирањето дарови со лева рака, закопувањето на мртвите русалии на местото на смртта како "нечисти покојници". Сите овие црти ги карактеризираат русалиите како суштества од другиот свет, а тоа ја објаснува и нивната магиска моќ да лекуваат. Во Македонија, моментот на паѓање во транс е изоставен, иако елементи на трансот се среќаваат, во играта и музиката. Магиското лекување во најслаб степен се среќава кај македонските русалии бидејќи играчите само попатно допуштаат средби со болни или наменски (со покана) влегуваат во куќи каде има болен, без тоа да им биде примарна цел. Врз основа на ова кандидатката изнесува заклучок дека улогата на македонските русалии е повеќе превентивна (спречување злото да дејствува на даден простор), додека пак улогата на калушарите е лекувачка (исцелителска).

Кандидатката детално го разгледува Шапкаревиот запис за исцелителската практика на русалиите, сопоставувајќи го со современиот етнографски материјал - кажувањето од новинарот Иван Станоев (81 - годишен публицист, снимено и дешифрирано од Иван Котев на 8.4.2013год.), кое се однесува на ритуалните игри изведувани од учесници кои информаторот во своето сеќавање ги памти како Ајти (*ајта* е архаизам за широк, бел празничен фустан или широка машка кошула до над колената). Русалискиот обред, исто како и шаманските екстатични сеанси е насочен не само кон исцелување, туку и кон општењето со мртвите или со духовите на природата, стекнувањето на

наклонетост на боговите и пророчки визии за иднината, па оттука и потребата да се истражат врските на шаманистичкото искуство со универзалниот култ кон мртвите – прашање на кое му е посветена посебна глава во трудот.

Адекватно внимание им е посветено и на народните верувања за постоењето на т.н. *змејовиѿи луѓе,* кои исто така се темелат на шаманистичкиот концепт. Фолклористиката бележи дека при природните непогоди кои кај луѓето создавале чувство на страв и несигурност (во пролетните и летни месеци, период кога се огледувал и собирал родот по полето, кога опасноста од надоаѓање на градоносни облаци била најголема), се прибегнувало кон медијаторска атмосферска практика изведувана од змејовитите луѓе. Во науката се познати повеќе истражувања од ваков карактер, но едно од позначајните е истражувачката теренска работа на полскиот етносоциолог Јозеф Обрембски, кој во периодот 1932-1933 забележал магиски обреди во Поречието кои се изведувале со цел да се заштити родот и берикетот по полето од градоносните облаци. Во овие претстави, човекот змеј се доближува до ликот на шаманите кои преку сонот и трансот остваруваат комуникација со onoстраното, со цел е да се зачува берикетот и опстанокот на заедницата. Кога надоаѓа град и грмотевица змејовитиот човек паѓа во бесознание, а неговиот дух полетува кон облаците каде се бори со демонските суштества (ваквата трансна состојба повлекува неизбежна паралела со шаманистичките искуства на древните народи и нивното верување дека душата ја има моќта да го напушти телото и да замине во светот на onoстраното).

Осврнувајќи се на модерниот шаманизам и на современите шаманистички искуства, Ана Витанова-Рингачева заклучува дека шаманизмот не е историски надминат и во цивилизирани околности, и иако генерално им се припишува на „пониските раси“ (т.н. дивјаци, примитивните племиња кои се наоѓаат на понизок степен на еволутивната скала во развитокот на човештвото), тој преживува и во цивилизираните општества и постои паралелно со поразвиените религиски облици. Истражувањето покажа дека македонската народна традиција претставува драгоцен трезор во кој се сочувани „културни остатоци“ од претходните стадиуми низ кои поминало човештвото, а шаманизмот како „остаток“ од примарните култури, е потврден не само во претходно публикувани поетски и прозни фолклорни материјали, туку и во наполно нови, за прв пат фиксирани теренски фолклористички и етнографски материјали. Фолклористичката и етнографска граѓа која беше предмет на истражувачки интерес, ја потврди тезата дека реликти од шаманизмот се препознаваат во многу слоеви од македонскиот обреден и приказничен фолклор. Да заклучиме: истражувањето на шаманистичките елементи во наши локални рамки и разоткривањето на нивното директно влијание врз обичаите и верувањата кај македонскиот човек убедливо докажа дека се работи за универзален обреден комплекс, вграден во општочовечкото духовно искуство.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесеното мислење, имаме особена чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет *Блаже Конески* во Скопје, да го прифати извештајот на Рецензентската комисија за изработениот докторски труд на м-р Ана Витанова Рингачева под наслов : „Шаманизмот како културен остаток во македонската народна традиција”, и кандидатот да го повика на усна одбрана.

**Рецензентска комисија**

Д-р Нина Анастасова Шкрињариќ, редовен професор, с.р.
Д-р Виолета Пирузе Тасевска, редовен професор, с.р.
Д-р Добрила Миловска, редовен професор, с.р.
Д-р Весна Мојсова Чепишевска, редовен професор, с.р.
Д-р Кристина Николовска, редовен професор, с.р.

ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „ БЛАЖЕ КОНЕСКИ“- СКОПЈЕ

**2. МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ**

| **Ред. бр.** | **Име и презиме на кандидатот** | **Назив на темата** | | **Име и презиме на менторот** | **Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **на македонски јазик** | **на англиски јазик** | | |
| 1. | Ангела Славкова | „Влијанието на англискиот како наставен јазик врз аспекти на идентитетот на средношколци Македонци од училиштето НОВА: Студија на случај“ | „The impact of English as a medium of instruction on aspects of Macedonian high school student's identities: The case of NOVA International Schools“ | Доц.Елена Despite Ончевска-Агер | 26-12-2016<br>10-1863/3 |
| 2. | Абдулах Алили | „Турските елементи во албанската антропонимија во Р.Македонија“ | „Turkish elements in Albanian Antroponymu in R. of Macedonia“ | Проф. д-р Октај Ахмед | 26-12-2016<br>10-1743/3 |

## *ПРЕГЛЕД*

## *НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ*

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на темата* | *Ментор* | *Одлука од Научен совет* |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Александра Христов | „Малите и средни претпријатија во Европска Унија – искуства од Сојузна Република Германија“<br><br>„Small and medium-sized enterprises in European Union – experience from Federal Republic of Germany“ | д-р Климентина Попоска | Бр. 02-1797/2 од 29.12.2016 година |
| 2. | Кристина Најдоска | „Франшизата како кооперативна форма на меѓународно пазарно позиционирање на примерот на „Бургер Кинг“ и „Доминос Пица“<br><br>„Franchising as a cooperative form of international market positioning example of „Burger King“ and „Dominos Pizza“ | д-р Татјана Петковска-Мирчевска | Бр. 02-1714/2 од 29.12.2016 година |
| 3. | Лејља Ариф | „Управување со девизен ризик“<br><br>„Management of the foreign currency risk“ | д-р Снежана Костадиноска -Милошеска | Бр. 02-1815/2 од 29.12.2016 година |
| 4. | Фатмир Мустафа | „Странските директни инвестиции и извозната структура во Република Македонија“ | д-р Искра Станчева-Гигов | Бр. 02-1838/2 од 29.12.2016 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | „Foreign direct investment and export structure in Republic of Macedonia“ | | |

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТОТ ПЛАНИРАЊЕ И ПРОЕКТИРАЊЕ НА ТРАНСПОРТНИ СИСТЕМИ И ДРУГИ ИНФРАСТРУКТУРНИ СИСТЕМИ ВО СЕИЗМИЧКИ РЕГИОНИ ВО ИНСТИТУТОТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА (УКИМ-ИЗИИС) ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, објавен во весниците „Дневник“ и „Lajm“ на 15.10.2016 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметот планирање и проектирање на транспортни системи и други инфраструктурни системи во сеизмички региони, и врз основа на Одлуката на Научниот совет, бр. 09-1461/1, донесена на 14 октомври 2016, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Владо Мицов, претседател, проф. д-р Михаил Гаревски, член и проф. д-р Голубка Нечевска Цветановска, член, сите редовни професори во УКИМ-ИЗИИС, Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметот планирање и проектирање на транспортни системи и други инфраструктурни системи во сеизмички региони, во Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (УКИМ-ИЗИИС) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предвидениот рок се пријави кандидатката д-р Марија Витанова, вработена во Институтот како асистент.

### 8. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Марија Витанова (род. Јовановиќ) е родена на 27.6.1979 година, во Неготино, каде што го завршила основното образование. Средното образование го завршила во 1997 година во гимназијата „Добри Даскалов“ во Кавадарци, природно-математичка насока. Дипломирала на Градежниот факултет во Скопје при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во 2002 година со просечен успех 8,02, со што се здобила со звањето дипломиран градежен инженер.

По дипломирањето, во 2003 година се запишала на меѓународните постдипломски студии во областа на земјотресното инженерство и инженерската сеизмологија при Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје како стипендист на Германската агенција за академска размена (DAAD). Во март 2007 година, со одбрана на магистерската теза со наслов ,,Влијание на системот од сферни челични лизгачки лежишта (FPS) на одговорот на базно изолираните конструкции” под менторство на проф. д-р Михаил Гаревски, ги завршила постдипломските студии со просек од положените испити 9,53 и се стекнала со звањето магистер од областа на земјотресното инженерство.

Од 2003 до 2006 година, д-р Марија Витанова работела како соработник на научни проекти од областа на земјотресното инженерство на УКИМ-ИЗИИС, во Одделот

за инженерски објекти и софтвер. Во април 2007 година е примена за помлад асистент – истражувач.

Од октомври 2007 година, како стипендист на DAAD, кандидатката е примена на меѓународните докторски студии по земјотресно инженерство во рамките на SEEFORM/DAAD програмата. Во јули 2011 година поднесла пријава за изработка на докторска дисертација под работен наслов „Оценка на сеизмичката повредливост на типични армиранобетонски мостовски конструкции со повеќе распони во Република Македонија", која била прифатена во септември 2011 година. Докторската дисертација под менторство на проф. д-р Виктор Христовски ја одбранила во декември 2015 година, со што се стекнала со звањето доктор на технички науки.

Во периодот 2006-2016 година, д-р Марија Витанова учествувала на повеќе специјалистички работилници и курсеви за обука од кои, како поважни, се цитираат следниве:

- септември 2006: Меѓународен курс за обука во полето на оцена на сеизмички хазард и ризик, Швајцарски федерален институт за технологија, Цирих (ETH), Швајцарија;
- октомври 2007: Работилница за млади инженери во Белград, Србија, во рамките на Stability Pact for South Eastern Europe, поддржан од DAAD;
- јуни – август 2010: докторски студиски престој преку SEEFORM/DAAD програма за докторски студии на Универзитетот во Касел, Германија.

Во рамките на активностите на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, во периодот од 2007 година до денес, кандидатката учествувала во повеќе научноистражувачки и апликативни проекти од кои по значењето и карактерот се издвојуваат следниве:

- Анализа на стабилноста со техничко решение за зајакнување на основниот конструктивен систем на Собрание на Република Македонија во 2008 година;
- Дијагностицирање на состојбата и изработка на техничко решение за санација на конструкцијата на бетонски оџак со висина од 160 метри во ТЕЦ Неготино, 2011 година,
- Стручно мислење за состојбата на фабрички оџак лоциран во Алкалоид АД, Скопје во текот на 2012 година,
- Основен проект, градежно конструктивен проект за Објект 1, Нов клинички блок од Универзитетскиот клинички комплекс „Мајка Тереза", Скопје.

Кандидатката, како автор и/или коавтор, има објавено повеќе трудови на домашни и меѓународни конференции, симпозиуми, семинари и работилници, како и научно-апликативни извештаи.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Д-р Марија Витанова е активен член во неколку професионални здруженија и организации: Македонска асоцијација за земјотресно инженерство, Друштво на градежните конструктори на Македонија и Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Македонија.

## 9. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ-ИЗИИС, кандидатката д-р Марија Витанова како соработник и асистент активно учествува во изведувањето на наставата, и тоа во рамките на:

- постдипломските студии организирани во УКИМ-ИЗИИС, на студиските програми: конструктивно инженерство со асеизмичко проектирање (предмети: анализа на конструкции, примена на методот на конечни елементи во анализа на конструкции и мостови, транспортни и инфраструктирни системи) и земјотресно инженерство (предмети: планирање и проектирање на транспортни системи и други инфраструктурни системи во сеизмички региони, анализа со конечни елементи и примена на методот на конечни елементи во анализа на конструкции);
- 12-неделниот меѓународен курс за асеизмичко проектирање на згради и инженерски конструкции (CADAC). Кандидатката беше вклучена како асистент по предметите: метод на конечни елементи и асеизмичко проектирање на мостови.

Во наставниот процес, кандидатката д-р Марија Витанова редовно одржува консултации со студентите на магистерските студии на УКИМ-ИЗИИС пренесувајќи ги најновите сознанија од областа на планирањето и проектирањето на транспортните системи во сеизмички региони.

Детален приказ на наставно-образовните активности на кандидатката д-р Марија Витанова се дадени во образецот, кој е составен дел од овој реферат.

### Научноистражувачка дејност

Во склоп на активностите на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (УКИМ-ИЗИИС), во периодот од 2004 година до денес, кандидатката д-р Марија Витанова има учествувано на повеќе научноистражувачки проекти, од кои како позначајни се издвојуваат следниве:

- научноинстражувачки проект финансиран од Миснистерството за образование и наука на РМ, „Инвентивен "МЛ-ГОСЕБ" систем за сеизмичка изолација применлив за ефикасна сеизмичка заштита на нови и сеизмичка ревитализација на постојни мостови и згради" во Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, УКИМ-ИЗИИС, 2004-2006 год.;
- научноистражувачки билатерален проект, Македонија и Србија и Црна Гора, „Развој на иноваciски системи за сеизмичка изолација и контрола на вибрации ефикасни за сеизмичка заштита на нови и сеизмичка ревитализација на постојни мостови и згради", 2005-2007 год.
- GMT-научноистражувачки проект во организација на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, Скопје, Универзитетот од Касел и Бохум, Греманија и Техничкиот универзитет од Југоисточна Европа, Анкара, Турција, чија цел е развој на иновативни системи за контрола на конструкции за сеизмичка заштита на високи конструкции, 2006-2008 год.
- билатерален DFG-проект: „SUBSHAKE" (2006-2008), „Development of Innovative Sub-Structure Real-Time Seismic Shaking Table Test Method", во соработка со Универзитетот во Касел, Германија;

- NATO SfP 983828 (2010-2013), „Seismic Upgrading of Bridges in South East Europe by Innovative Technologies", 2010-2013 год.

Резултатите од својата научноистражувачка работа д-р Марија Витанова ги презентира низ публикации во меѓународни списанија, изработка на трудови со оригинални научни достигнувања, учество и презентации на трудови на меѓународни конференции од областа на земјотресното инженерство и инженерската сеизмологија. Д-р Марија Витанова има објавено вкупно 23 научни труда од областа на земјотресното инженерство и инженерската сеизмологија.

Деталите за активностите од областа на научноистражувачката дејност на кандидатката се дадени во прилог образецот, кој е составен дел од овој реферат.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Активностите во стручно-апликативната дејност на д-р Марија Витанова во рамките на УКИМ - ИЗИИС се реализираат низ голем број стручно-апликативни проекти од областа на земјотресното инженерство и инженерската сеизмологија, во земјата и во странство, низ реализација на голем број проекти, експертизи, студии, ревизии и стручни мислења, како одговорен проектант, ревидент или главен координатор.

Д-р Марија Витанова е активно вклучена во работата на Комисијата за постдипломски студии и Комисијата за самоевалуација на ИЗИИС-УКИМ и е член на Работната група за имплементација на проект за осигурување на ризик од катастрофи формирана од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување.

Листата на активности од овој домен е дадена во прилог образецот од овој извештај.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката д-р Марија Витанова, во периодот 2008 до 2012 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на постдипломските студии кои ги организира Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје (Извештај за самоевалуација, април 2013).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката д-р Марија Витанова, асистент на УКИМ-ИЗИИС, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес. Кандидатката поседува професионални и морални квалитети, изразена посветеност и изграден капацитет за реализирање на наставно-образовна и научноистражувачка работа во доменот на планирањето и проектирањето на мостовските конструкции. Поседува теоретско и апликативно искуство од повеќе области на сеизмичката анализа и проценката на сеизмичката повредливост на постојните мостовски констукции.

Евидентна е нејзината висока професионалност насочена кон различни активности, проследена со професионален однос кон работните задачи и изразен научен потенцијал кои укажуваат дека станува збор за квалитетен и оформен истражувач. Освен придонесот кон развојот на научната мисла од областа на проценката на сеизмичката повредливост и подобрување на стандардите за сеизмичко проектирање на мостовските конструкции, кандидатката дава исклучителен придонес во промовирање на успешна идна примена на методот на проценка на сеизмичката повредливост на постојните армиранобетонски мостовски конструкции преку можноста за избор на мерка за

намалување на сеизмичката повредливост, заштитата на новите и сеизмичка ревитализација на постојните сеизмички повредливи мостовски конструкции.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката до денес, Комисијата заклучи дека д-р Марија Витанова ги поседува потребните научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето доцент по предметот планирање и проектирање на транспортни системи и други инфраструктурни системи во сеизмички региони.

Според гореизнесеното, Комисијата има посебна чест и задоволство да му предложи на Научниот совет на ИЗИИС при УКИМ, Скопје, д-р Марија Витанова да биде избрана во звањето доцент по предметот планирање и проектирање на транспортни системи и други инфраструктурни системи во сеизмички региони.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

7. **Проф. д-р Владо Мицов, претседател с.р.**

8. **Проф. д-р Михаил Гаревски, член с.р**

9. **Проф. д-р Голубка Нечевска Цветановска, член с.р**

# ОБРАЗЕЦ

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ

**Кандидат**: Марија Витанова

**Институција**: Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија УКИМ-ИЗИИС, Скопје

**Научна област**: градежништво; земјотресно инженерство

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. бр. | Активност | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на настава**<br><br>**1.1 Втор циклус студии**<br><br>1.1.1 Студиска програма: конструктивно инженерство и асеизмичко проектирање<br><br>Предмети:<br>I. Мостови, транспортни и инфраструктирни системи<br>*(2008, 2009, 2010, 2013, 2014, 2015)*6 часа = 36 часа*<br>II. Анализа на конструкции<br>*(2008, 2009, 2010, 2013, 2014, 2015)*6 часа = 36 часа*<br>III. Примена на методот на конечни елементи во анализа на конструкции<br>*(2008, 2009, 2010, 2013, 2014, 2015)*5 часа = 30 часа*<br><br>*Вкупно поени = 102*0.05= 5.1*<br><br>1.1.2 Студиска програма: земјотресно инженерство<br><br>Предмети:<br>I. Планирање и проектирање на транспортни системи и други инфраструктурни системи во сеизмички региони<br>*(2008, 2009, 2010, 2013, 2014, 2015)*6 часа = 36 часа*<br>II. Анализа на конструкции<br>*(2008, 2009, 2010, 2013, 2014, 2015)*6 часа = 36 часа*<br>III. Анализа со конечни елементи<br>*(2008, 2009, 2010, 2013, 2014, 2015)*4 часа = 24 часа*<br><br>*Вкупно поени = 96*0.05= 4.8*<br><br>**1.2 Меѓународни курсеви** | 14.9 |

| | | |
|---|---|---|
| | CADAC (Course on Aseismic Design and Construction)<br>I. Метод на конечни елементи (Finite element Method)<br>(2006, 2007)*25 часа = 50 часа<br>II. Асеизмичко проектирање на мостови (Aseismic Design of Bridges)<br>(2006, 2007)*25 часа = 50 часа<br>*Вкупно поени = 100*0.05= 5.0* | |
| 2. | Констултации со студенти<br>- Втор циклус на студии (2008-2015): 84 студенти*2 семестри*0.002=0.336<br>- Меѓународни курсеви – CADAC (2006,2007): 40 студ.*2 год.*0.002=0.160<br>*Вкупно поени = 0.34+0.16= 0.5* | 0.5 |
| 3. | Интерна скрипта од за вежби<br>Анализа на конструкции | 3.0 |
| 4. | Интерна скрипта за предавања<br>Планирање и проектирање на транспортни системи и други инфраструктурни системи во сеизмички региони | 4.0 |
| | Вкупно | 22.4 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. бр. | Активност | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Учесник во национален научен проект<br>I. „Инвентивен "МЛ-ГОСЕБ" систем за сеизмичка изолација применлив за ефикасна сеизмичка заштита на нови и сеизмичка ревитализација на постојни мостови и згради", финансиран од Миснистерство за образование и наука на РМ, УКИМ-ИЗИИС, 2004-2006 год.<br>II. „Експериментални и нумерички истражувања на јакоста на смолкнување на масивни дрвени ѕидни панели (MW-WALLS)", финансиран од Миснистерство за образование и наука на РМ, УКИМ-ИЗИИС, 2005-2007 год. | 6.0 |
| 2. | Учесник во меѓународни научни проекти | 20.0 |

| | | |
|---|---|---|
| | I. Научноистражувачки билатерален проект меѓу Македонија и Србија и Црна Гора, „Развој на иновациски системи за сеизмичка изолација и контрола на вибрации ефикасни за сеизмичка заштита на нови и сеизмичка ревитализација на постојни мостови и згради“, 2005-2007 год.<br>II. Билатерален DFG-проект „SUBSHAKE” (2006-2008), „Development of Innovative Sub-Structure Real-Time Seismic Shaking Table Test Method”, во соработка со Градежниот фалултет во Касел, Германија.<br>III. GMT научно-истражувачки проект во организација на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, Скопје, Универзитетот од Касел и Бохум, Греманија и Техничкиот универзитет од Југоисточна Европа, Анкара, Турција, чија цел е развој на иновативни системи за контрола на конструкции за сеизмичка заштита на високи конструкции;<br>IV. NATO SfP 983828 (2010-2013), „Seismic Upgrading of Bridges in South East Europe by Innovative Technologies“.<br><br>*Вкупно поени: 4*5 = 20 поени* | |
| 3. | Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор<br><br>1) Ristic, D., Micov, V., Vucinic, M. and **Jovanovic, M.**, (2005) “New G2-BR High Performance Seismic Isolation System for Bridges Based on Optimized Seismic Energy Balance”, International Conference EE-21C - Earthquake Engineering in the 21st century, 27.08-01.09.2005, Skopje Ohrid, Macedonia.<br>2) Hristovski, V., Tashkov, Lj., Krstevska, L., Temelkovska B. and **Jovanovic, M.**, (2006), “Shaking Table Test of 1/3 Scale Model of Pipeline System Part 2: Analytical Results”, 1st European Conference on Earthquake engineering and Seismology, ECEES, 03.09-08.09.2006, Geneva, Switzerland.<br>3) Ristic, D., Micov, M. and **Jovanovic, M.**, (2006), “Advanced Seismic Isolation System for Bridges Based on Optimized Seismic Energy Balance”, 1st European Conference on Earthquake engineering and Seismology, ECEES, 03.09-08.09.2006, Geneva, Switzerland.<br>4) Ristić, D., **Jovanović, M.**, Micov, V., (2006), “Metod Dinamičkog Testiranja Sub-Konstrukcija Primenom Seizmičke Vibroplatforme”, Međunarodna konferencija multidisciplinarno modeliranje i projektovanje građevinskih materijala i konstrukcija, 1-2 Juni 2006, Subotica, Srbija. | 51.0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 5) | Ristić, D., **Jovanović, M**., Micov, V., (2006), "Dinamičko (Real-Time) testiranje sub-konstrukcija na seizmičkoj vibroplatformi", 12. Kongres JDGK, Septemvri 2006, Vrnjacka Banja, Srbija. | |
| | 6) | Ristic, D., Micov, V., Vucinic, M., **Jovanovic, M.,** (2007), "High Performance Seismic Isolation System for Bridges", 2. Naučno-stručni skup GNP, February 2007, Zabljak, Crna Gora. | |
| | 7) | **Vitanova, M.,** Garevski, M. (2007), Influence of Friction Pendulum System on the Response of Base Isolated Structures", Workshop for young engineers, 12.10-13.10.2007, Beograd, Serbia | |
| | 8) | Ristić, D., **Jovanović, M.**, Dorka, U., (2008), "Metod dinamičkog testiranja pod-konstrukcija primenom seizmičke vibroplatforme", Naučno-stručni skup-GNP, 3-7. Mart 2008, Žabljak, Crna Gora. | |
| | 9) | Ristić, D., **Jovanović, M.**, Jekić, G., (2008), "Seizmički sigurni gradovi budućnosti", Naučno-stručni skup-GNP, 3-7. Mart 2008, Žabljak, Crna Gora. | |
| | 10) | Garevski, M., **Jovanovic, M.**, (2008), "Influence of Friction Pendulum System on the Response of Base Isolated Structures", 14th World Conference on Earthquake Engineering, October 12-17, 2008, Beijing, China. | |
| | 11) | Micov, V., Ristic, D., Dorka, U., **Jovanovic, M.,** (2008), "Efficient Bridge Seismic Isolation System with Innovative Multi-Level Seismic Energy Balance", 14th World Conference on Earthquake Engineering, October 12-17, 2008, Beijing, China. | |
| | 12) | Micov, V., Ristic, D., Dorka, U., **Vitanova, M.** (2009), "Efficient Bridge Seismic Isolation System with Innovative Multi-Level Seismic Energy Balance", 14th World Conference on Earthquake Engineering and Engineering Seismology 14WCEE, 12.10-18.10.2009, Beijing, China. | |
| | 13) | Ristic, D., **Vitanova, M.**, (2010), "Innovative Optimized System for Seismic Vibration Control of Bridges", 14th European Conference for Earthquake Engineering, 2010, Ohrid, Macedonia. | |
| | 14) | **Vitanova, M.,** (2010), "Response Modification of Structures Isolated with Friction Pendulum System", 14th ECEE Proceedings, paper number 1882, 30.08-03.09.2010, Ohrid, Republic of Macedonia. | |
| | 15) | Ristic, D., Micov, V., **Vitanova, M.,** (2011), "Classification of Existing Bridges in Macedonia by Dominant Bridge Structural Types (BST) Using Innovative Bridge Information System (BIS)", $14^{th}$ International Symposium MASE, 28.9-1.10.2011, Ohrid, Republic of Macedonia | |
| | 16) | D. Ristic, V. Micov, **M. Vitanova**, (2012), "Innovative Bridge Information System (BIS) Applied in Structural Categorization and Advanced Seismic Upgrading of Existing Bridges in R. Macedonia", 15 WCEE Proceedings, Lisbon 2012 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 17) G. Necevska Cvetanovska, R. Apostolska, V. Sendova, **M. Vitanova**, J. Bojadjieva, (2014), "Geo-Preferenced Inventory Toward Seismoc Safety of Existing Building Stock-Case Study Karposh Municipality in Skopje"., 2nd European Conference on Earthquake Engineering and Seismology, Istanbul, 25-29 August, 2014.<br>18) **Vitanova, M.**, Hristovski, V. (2015), "Seismic Demand Model for Typical Bridge Structure in Republic of Macedonia", International Conference on Earthquake Engineering and Seismology, 50 Anniversary IZIIS 1965-2015, 12-16 May, 2015<br>19) **Vitanova, M.**, Hristovski, V., (2015), "Clasification and Seismic Vulnerability of Bridges Structures in Republic of Macedonia", 16th International Symposium, Macedonian Association of Structural Engineers, 1-3 October 2015, Ohrd, Republic of Macedonia.<br>20) **Vitanova, M.**, Hristovski, V., (2016), "Analytical frafility curves for typical bridges in Republic of Macedonia", 4th International Conference contemporary achievements in civil engineering, 22.4.2016, Subotica, Serbia.<br>21) **Vitanova, M.**, V. Hristovski, V. Mircevska, "Seismic Fragility Methodology for Regional Highway Bridges", 3rd International Scientific Meeting, E-GTZ, Tuzla, 2-4 June 2016.<br>22) V. Mircevska , M. Nastev, V. Hristovski, **M. Vitanova**, "HDI Matrxi Method Used in ADAD-IZIIS Software for Solution of Dam-Fluid Interaction", 3rd International Scientific Meeting, E-GTZ, Tuzla, 2-4 June 2016.<br>*Вкупно поени: (1*3.0+6*2.7+8*2.4+7*1.8)=51.0 поени* | |
| 4. | Учество на научен/стручен собир со реферат<br>Усна презентација<br>1) International Conference EE-21C - Earthquake Engineering in the 21st century, 27.08-01.09.2005, Skopje Ohrid, Macedonia.<br>2) Naučno-stručni skup GNP, February 2007, Zabljak, Crna Gora<br>3) Workshop for young engineers, Beograd, Serbia, 12-13 October, 2007<br>4) Naučno-stručni skup-GNP, mart 2008, Žabljak, Crna Gora<br>5) 14th European Conference for Earthquake Engineering, 2010, Ohrid, Macedonia.<br>6) 14th International Symposium MASE, 28.9-1.10.2011, Ohrid, Republic of Macedonia.<br>*Вкупно поени: 6*1=6 поени*<br>Постер презентација | 8.0 |

| | | |
|---|---|---|
| | 1) 14th European Conference for Earthquake Engineering, 2010, Ohrid, Macedonia.<br>2) 2nd European Conference on Earthquake Engineering and Seismology, Istanbul, 25-29 August, 2014<br>3) 4th International Conference contemporary achievements in civil engineering, 22.4.2016, Subotica, Serbia<br>4) 16th International Symposium, Macedonian Association of Structural Engineers, 1-3 October 2015, Ohrd, Republic of Macedonia.<br>*Вкупно поени: 4*0.5=2.0 поени* | |
| | Вкупно | 85.0 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. бр. | Активност | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Експертски активности:<br>Евалуација<br>- Учество во Комисија за самоевалуација на ИЗИИС-УКИМ, 2010, Извештај ИЗИИС 2010-42.<br>*Вкупно поени: 1*1.0=1.0 поени* | 1.0 |
| 2. | Главен (основен) проект<br>Соработник<br>- Основен проект, градежно-конструктивен проект за Објект 1: Нов клинички блок, Блок 3, Универзитетски клинички комплекс „Мајка Тереза“, Скопје, техн. бр. 81/2016.<br>- Основен проект, градежно-конструктивен проект за Објект 1: Нов клинички блок, Објект 2, Фасади, Универзитетски клинички комплекс „Мајка Тереза“, Скопје, техн. бр. 90/2016.<br>- Основен проект, градежно-конструктивен проект за Објект 1: Нов клинички блок, Настрешници, Универзитетски клинички комплекс „Мајка Тереза“, Скопје, техн. бр. 91/2016.<br>*Вкупно поени: 3*2.0=6.0 поени* | 6.0 |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | Студии, физибилити-студии, истражувања<br><br>Соработник<br><br>1) Анализа на статичка и динамичка стабилност на разладна кула РЕК-Битола, Извештај ИЗИИС 2005-30.<br>2) Санација и зајакнување на црквата „Св. Петар и Павле“, Мешеишта, Изветај ИЗИИС 2005-28.<br>3) Проект за адаптација на влезот на просторија за одржување на возила во ЈСП – Скопје, Извештај ИЗИИС 2005-31.<br>4) Елаборат за сеизмичката стабилност на постојната состојба на објектот станбена зграда на ул. Ленинова бр.58, Скопје, Извештај ИЗИИС 2006-18.<br>5) Теренски мерења на вибрации од сообраќај во атарот на с. Стајковци, Извештај ИЗИИС 2007-35/1.<br>6) Оформување на база на податоци за мостовските конструкции на патот М-2“, во склоп на проектот „Информационен систем за евидентирање и следење на мостовските конструкции и нивната состојба на патната мрежа во Република Македонија, 2007-45.<br>7) Аналитички истражувања на влијанието на ‘Силка’ блоковите на различни конструктивни системи со различен број катови Извештај ИЗИИС 2007-46.<br>8) „Влијание на вибрациите предизвикани од изградбата на обиколницата околу Скопје на станбените објекти во с. Стајковци“, Извештај ИЗИИС 2007-35/1.<br>9) Оформување на база на податоци за мостовските конструкции на патот М-4“, во склоп на проектот „Информационен систем за евидентирање и следење на мостовските конструкции и нивната состојба на патната мрежа во Република Македонија, Извештај ИЗИИС 2007-58.<br>10) Оформување на база на податоци за мостовските конструкции на магистралниот пат М-1“, во склоп на проектот „Информационен систем за евидентирање и следење на мостовските конструкции и нивната состојба на патната мрежа во Република Македонија, Извештај ИЗИИС 2007-61.<br>11) Оформување на база на податоци за мостовските конструкции на магистралниот пат М-5 и М-5 крак“, во склоп на проектот „Информационен систем за евидентирање и следење на мостовските конструкции и нивната состојба на патната мрежа во Република Македонија, Извештај ИЗИИС 2007-62.<br>12) Оформување на база на податоци за мостовските конструкции на магистралниот пат М-3“, во склоп на проектот „Информационен систем за евидентирање и следење на мостовските конструкции и нивната состојба на патната мрежа во Република Македонија, Извештај ИЗИИС 2007-63.<br>13) Оформување на база на податоци за мостовските конструкции на магистралниот пат М-6“, во склоп на проектот „Информационен систем за евидентирање и следење на мостовските конструкции и нивната состојба на патната мрежа во Република Македонија, Извештај ИЗИИС 2007-64. | 35.0 |

| | | |
|---|---|---|
| | 14) Студија за оценка на остварениот квалитет на сеизмичка заштита во главните проекти за мостовски конструкции на автопатот Е-75: Делница Куманово-Табановце, ИЗИИС-2008-01<br>15) Студија за оценка на остварениот квалитет на сеизмичка заштита во главните проекти за мостовски конструкции на автопатот Е-75: Делница Куманово-Табановце, ИЗИИС-2008-02<br>16) Студија за оценка на остварениот квалитет на сеизмичка заштита во главните проекти за мостовски конструкции на автопатот Е-75: Делница Куманово-Табановце, ИЗИИС-2008-03<br>17) Студија за оценка на остварениот квалитет на сеизмичка заштита во изведбениот проект за објектот: Потпатник на km+100.00 магистрален пат М-6 км + 177,62 по локалниот пат: Магистрален пат М-6 Штип–Струмица-Клучка Каруѓерица, Извештај ИЗИИС-2008-04.<br>18) Студија за оценка на остварениот квалитет на сеизмичката зашита во главниот проект за објектот: Армиранобетонски потпатник на км 1+447.42,автопат Е-75: Делница Куманово-Табановце, Извештај ИЗИИС-2008-05<br>19) Студија за оценка на остварениот квалитет на сеизмичката зашита во главниот проект за објектот: Армиранобетонски потпатник на км 4+657,60,автопат Е-75: Делница Куманово-Табановце, Извештај ИЗИИС-2008-06<br>20) Студија за оценка на остварениот квалитет на сеизмичката зашита во главниот проект за објектот: Армиранобетонски потпатник на км 1+987.6,автопат Е-75: Делница Куманово-Табановце, Извештај ИЗИИС-2008-07.<br>21) Студија за оценка на остварениот квалитет на сеизмичката зашита во главниот проект за објектот: Армиранобетонски мост преку регулирано корито преку река Којнарка (на река Банјкаам 0+61.44), автопат Е-75, делница Куманово-Табановце, Извештај ИЗИИС-2008-08.<br>22) Студија за оценка на остварениот квалитет на сеизмичката зашита во главниот проект за објектот: Армиранобетонски мост на регуларниот пат Р-112-Конско-Кожув на км 0+270.733, Извештај ИЗИИС-2008-36.<br>23) Студија за оцена на остварениот квалитет на сеизмичка заштита во изведбениот проект за објектот: Потпатник на км. 45+100,00 магистрален пат М-6 км. 0+177.62 по локалниот пат: Магистрален пат М-6 Штип-Струмица, клучка Калуѓерица, Извештај ИЗИИС 2008-34.<br>24) Студија со позитивна оцена на остварениот квалитет на сеизмичка заштита на објектот АБ мост на регуларниот пат Р-112 – Конско-Кожуф на км 0+270.733, Извештај ИЗИИС 2008-52.<br>25) Анализа на стабилноста со техничко решение за зајакнување на основниот конструктивен систем на објектот „Собрание на Република Македонија, Извештај ИЗИИС 2008-53/1. | |

| | | |
|---|---|---|
| | 26) Анализа на стабилност со техничко решение за зајакнување на основниот конструктивен систем на објектот „Собрание на Република Македонија",ИЗИИС-2008-53-2<br>27) Анализа на стабилност со техничко решение за зајакнување на основниот конструктивен систем на објектот „Собрание на Република Македонија",ИЗИИС-2008-53-3<br>28) Анализа на стабилност со техничко решение за зајакнување на основниот конструктивен систем на објектот "Собрание на Република Македонија",ИЗИИС-2008-53-4<br>29) Анализа на стабилност со техничко решение за зајакнување на основниот конструктивен систем на објектот "Собрание на Република Македонија",ИЗИИС-2008-53-5<br>30) Извршени мерења за идентификација на конструктивен систем на објект Интерни клиники-Скопје, Извештај ИЗИИС 2009-58<br>31) Идентификација на конструктивен систем на објектот на Министерството за одбрана на Република Македонија со процена на постојната сеизмичка стабилност, ИЗИИС-2010-40<br>32) Дијагностицирање на состојбата и изработка на техничко решение за санација на конструкцијата на бетонскиот оџак со висина 160 м во ТЕЦ Неготино, Извештај ИЗИИС, 2011-48.<br>33) Проект за стручно мислење за состојбата на фабричкиот оџак лоциран во АД „Алкалоид", Скопје, Извештај ИЗИИС 2012-23.<br>34) Надградба на информационен систем на општина Карпош со нови атрибути за евидентирање и следење на сеизмичката стабилност на постојните објекти на територија на општина Карпош, ГИС околина, Книга 1, Визуелна инспекција и мислење за постојната состојба на објектите на локација на општина Карпош и евидентирање во дефиниран формулар Извештај ИЗИИС 2013-47<br>35) Статичка и динамичка 3Д анализа на браната „Црвени муљ", Зворник, Босна и Херцеговина, Извештај ИЗИИС 2016-19.<br>*Вкупно поени: 35*1 = 35поени* | |
| 4. | Учество во промотивни активности на Институтот<br>1) Презентација на активностите на УКИМ-ИЗИИС на собирот „Наука за сите", 2007.<br>2) Презентација на активностите на УКИМ-ИЗИИС на собирот „Наука за сите", 2008.<br>3) Презентација на активностите на Институтот на собирот „Ноќ на истражувачите", 2008.<br>4) Промотивна презентација на активностите на УКИМ-ИЗИИС за „Отворен ден 2016".<br>*Вкупно поени: 4*0.5 = 2.0 поени* | 2.0 |
| 5. | Изработка на софтверски пакет | 2.0 |

| | | |
|---|---|---|
| | Изработен софвтерски пакет за статистичка анализа на резултати добиени од нелинеарни анализи на мостовски конструкции за проценка на нивната повредливост. | |
| 6. | Теренско собирање на макросеизмички податоци за случен земјотрес<br>- Оценка на степенот на оштетување на градинки и индивидуални и колективни станбени згради на територијата на општините Чаир, Карпош, Радишани и Бутел од земјотресот од 11.9.2016 год. | 0.5 |
| | Вкупно | 46.5 |

## ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| Ред. бр. | Активност | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Студиски престој во странство**<br>- Меѓународен курс за обука во областа на оцена на сеизмички хазард и ризик, Швајцарски федерален институт за технологија, Цирих (ETH), Швајцарија, септември 2006, 2 недели.<br>- Докторски студиски престој, SEEFORM/DAAD програма за докторски студии, Универзитет во Касел, Германија во 2010 год. (2 месеца)<br>*Вкупно поени: 2*0.5 = 1.0 поени* | 1.0 |
| 2. | **Изготвување и пријавување на научен меѓународен проект**<br>Соработник<br>- Научен проект „SUBSHAKE” (2006-2008), „Development of Innovative Sub-Structure Real-Time Seismic Shaking Table Test Method” во соработка со Градежниот фалултет во Касел, Германија<br>- NATO SfP Project 983828 (2010-2013), “Seismiic Upgrading of Bridges in South East Europe by Innovative Technologies”<br>*Вкупно поени: 2*1.0 = 2.0 поени* | 2.0 |
| | **Вкупно** | 3.0 |

## БРОЈ НА ПОЕНИ ЗА ПРВ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ДОЦЕНТ

| Ред. бр. | Област | Поени |
|---|---|---|
| 1. | НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 22,4 |
| 2. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 85,0 |
| 3. | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 46,5 |
| | ВКУПНО | 153,9 |

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**Проф. д-р Владо Мицов, претседател с.р.**

**Проф. д-р Михаил Гаревски, член с.р**

**Проф. д-р Голубка Нечевска Цветановска, член с.р**

***<u>Прилоī бр. 2</u>***

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР ВО НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) ЕТНОЛОГИЈА И ФОЛКЛОРИСТИКА НА ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР „МАРКО ЦЕПЕНКОВ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“, објавен во весникот „Нова Македонија“ од 19.10 2016 година, за избор во сите научни звања за работното место Истражувач на народниот календар, обредите и верувањата, и врз основа на Одлуката на Советот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје од 14.11.2016 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Анета Светиева, редовен професор на ПМФ (во пензија), проф. д-р Клеанти Ановска, научен советник во Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје и проф. д-р Весна Петреска, научен советник во Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор во сите научни звања за работното место истражувач на народниот календар, обредите и верувањата, во предвидениот рок се пријави кандидатот д-р Зоранчо Малинов.

**10. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатот проф. д-р Зоранчо Малинов е роден 23.10. 1964 година во Штип. Средно образование завршил во Штип. Со високо образование се стекнал на Институтот за географија – насока: етнологија на Природно-математичкиот факултет, во 1988 година, кога дипломирал на 9.10.1988 година, и се стекнал со стручниот назив дипломиран етнолог со просечен успех 8,27.

Кандидатот активно се служи со францускиот јазик.

Во учебната 1989-1990 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Белград, Р Србија, на Одделот за етнологија и антропологија. Студиите ги завршил во 1999 година, со просечен успех 8,40. На 25.6. 1999 година го одбранил магистерскиот труд на тема: „Посмртни обичаји у Брегалничкој области“.

Докторска дисертација пријавил во 2000 година на тогашниот Завод за етнологија - Институт за географија при ПМФ - Скопје. Дисертацијата на тема: „Традициските народен календар во Шопско-брегалничката етнографска целина“ ја одбранил на 14.7.2005 година, на Институтот за етнологија и антропологија при ПМФ, пред Комисија во состав: д-р Анета Светиева, ред. проф на ПМФ - Скопје, д-р Ѓорѓи Здравев, ред. проф. на ПМФ - Скопје, д-р Крсте Богоевски, ред. проф. на ПМФ - Скопје, д-р Љупчо Ристески, доцент на ПМФ и д-р Весна Петреска, виш научен соработник на ИФ „Марко Цепенков - Скопје. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област етнологија.

На 12.3.2012 година е избран во звањето научен советник на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“, на работното место истражувач на народниот календар, обредите и верувањата.

Во актуелниот момент е научен советник и професор во областа на етнологијата и фолклористикта, како и дирекор на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на универзитетот бр. 1025 од 15.2.2012 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 630 од 15.5.1995, 706 од 27.4.1998, 740 од 1.10.1999, 837 од 15.10.2003, 878 од 1.9.2005, 954 од 15.12.2008 и 1025 од 15.2.2012 год., како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 11. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Институт за фолклор „Марко Цепенков“ - Скопје, кандидатот д-р Зоранчо Малинов изведува настава на втор циклус студии на студиската програма фолклористика од учебната 2008-2009 година по предметите духовна култура и обреди и верувања, а на новата програма по фолклористика, воведена од учебната 2014-2015 година ги предава предметите обреден фолклор, фолклористички аспекти на духовната култура и културни ареали во Македонија.

Во другите активности од наставно-образовната дејност спаѓаат и предметите од наставата на прв циклус стдиии, и тоа: регионална етнологија и народна носија на студиската програма по етнокореологија на Музичката академија, како и етнологија на студиските програми по историја и археологија на Факултетот за образовни науки на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Кандидатот учествувал како член во комисија за оцена/или одбрана на три (3) магистерски трудови и на четири (4) докторски дисертации.

**Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

### Научноистражувачка дејност

Д-р Зоранчо Малинов има објавено вкупно 16 научни трудови од областа на етнологијата и фолклористиката, од кои 6 научни труда во научни списанија и зборници од научни собири со меѓународни уредувачки одбори и 10 научни труда во домашни стручни и научни списанија и зборници.

Д-р Зоранчо Малинов бил раководител на еден (1) национален проект, а како учесник се јавува во еден (1) меѓународен проект и три (3) домашни научни проекти.

Кандидатот бил ментор на еден одбранет докторски труд и на еден магистерски труд, како и коментор на еден тековен докторски труд.

Кандидатот активно учествувал на тринаесет (13) научни/стручни собири од неговата научна област, и тоа на десет (10) меѓународни и три (3) домашни, а одржал и едно (1) предавање на 46. Летна школа во рамките на Семинарот за македонски јазик, литература и култура во организација на УКИМ.

**Називите на трудовите, проектите и сл. се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 3/член 4) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

## Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Зоранчо Малинов активно е вклучен во стручно-апликативната работа на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков", меѓу другото, вршејќи ја одговорно и должноста на директор на Институтот.

Кандидатот д-р Заранчо Малинов остварил експертски активности како претседател и организатор на пет (5) меѓународни научни/стручни собири, како член на еден (1) меѓународен собир и на еден (1) организационен одбор на домашен научен /стручен собир. Бил член на организационен одбор на пет (5) меѓународни манифсетации од областа на етнолошкиот филм. Изготвил четири (4) елаборати за валоризација на нематеријални културни добра.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на стручни комисии и работни групи при Министерството за култура на РМ, при што ја извршувал и функцијата Претседател на Комисијата за избор во стручни звања во музејската дејност од областа на етнологијата.

Во дејности од стручно-апликативен карактер и од поширок јавен интерес спаѓа активноста на кандидатот како претседател на Македонското етнолошко друштво, потоа како главен уредник на списанието „Музејски гласник" на Музеј на град Кратово, како член на редакциски одбор на три (3) стручно/научни списанија и како член на жири-комисија на еден (1) меѓународен фестивал на изворен фолклор.

Бил член на девет (9) рецензентски комисии за избор на лица во научни и соработнички звања.

**Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Зоранчо Малинов.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Зоранчо Малинов поседува научни и стручни квалитети и според Законот за научноистражувачката дејност и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето научен советник во научната област етнологија и фолклористика.

Врз основа на податоците, приложени во Анекс 2, кандидатот д-р Зоранчо Малинов остварил 34,1 поен од наставно-образовна дејност, 87,5 од научноистражувачка дејност и 34,8 од стручно-апликативна дејност или вкупно 153,4 поени, што е повеќе од предвидениот услов за избор во предвиденото звање.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Советот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје, д-р Зоранчо Малинов да биде преизбран во звањето научен советник во научната област етнологија и фолклористика на работното место истражувач на народниот календар, обредите и верувањата.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Анета Светиева, редовен професор, с. р.
ПМФ - Скопје (во пензија)

Проф. д-р Клеанти Ановска, научен советник , с.р.

ИФ „Марко Цепенков“ – Скопје

Проф. д-р Весна Петреска, научен советник , с. р.

ИФ „Марко Цепенков“ – Скопје

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** д-р Зоранчо Лазар Малинов ____________________

(име, татково име и презиме)

**Институција:** Институт за фолклор „Марко Цепенков“ - Скопје__________

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** етнологија, фолклористика ______________

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | Одржување на настава на прв циклус студии | 25,2 |
| 1. | Регионална етнологија 1 (5 семестри * 2 часа неделно * 15 седмици * 0,04) | 6 |
| 2. | Регионална етнологија 2 (5 семестри * 2 * 15 * 0,04) | 6 |
| 3. | Народна носија 1 (5 семестри * 2 * 15 * 0,04) | 6 |
| 4. | Народна носија 2 (5 семестри * 2 * 15 * 0,04) | 6 |
| 5. | Етнологија (1 семестар * 2 * 15 * 0,04) | 1,2 |
| | Одржување на настава на втор циклус студии | 6 |
| 6. | Обреди и верувања (1 семестар * 2 * 15 * 0,05) | 1,5 |
| 7. | Обреден фолклор (2 семестри * 1 * 15 * 0,05) | 1,5 |
| 8. | Фолклористички аспекти на духовната култура | |

| | | |
|---|---|---|
| | (2 семестри * 1 * 15 * 0,05) | 1,5 |
| 9. | Културни ареали во Македонија<br><br>(2 семестри * 1 * 15 * 0,05) | <br><br>1,5 |
| | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат или магистратура | 2,9 |
| 10. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат<br><br>(4*0,5) | <br><br>2 |
| 11. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (3*0,3) | 0,9 |
| | **Вкупно** | **34,1** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: **монографии, трудови, проекти, учество на научни собири, секциско предавање** | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на докторска дисертација (1*3) | 3 |
| 2. | Коментор на докторска дисертација (1*1,5) | 1,5 |
| 3. | Ментор на магистерска работа (1*1) | 1 |
| 4. | Раководител на национален научен проект (1*6)<br><br>• Промените во календарската обредност по општествено-политичките настани од 90-тите години на XX век | 6 |
| 5. | Учесник во национален научен проект (3*3)<br><br>• Помеѓу традицијата и современоста: етнолошко-фолклористичко истражување на народната култура<br>• Улогата на жената во обредите<br>• Фолклорно наследство: истражување и дигитализација | 9 |
| 6. | Учесник во меѓународен научен проект (1*5) | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| | • Современи проекции на културните традиции во европска перспектива: етнолошки, фолклористички и етномузиколошки аспекти | |
| 7. | Трудови со оригинални научни резултати во стручно/научно популарно списание (8*2)<br><br>• *Обичајот „четерсе“ во Штип и обиди за негова поширока популаризација*, Етнолог, бр. 14, Скопје, 2012, с. 42-49<br>• *Уште некој збор за шопите во Македонија*, Годишник на софийския университет „Св.Климент Охридски“, Исторически факултет, специалност етнология, Том 2, София, 2012, стр. 100-110<br>• *Васуљица - мечкина поровојница (Култот на мечката во Кумановско во контекст на балкано-словенските релации)*, Етнолог, бр. 15, Скопје, 2013, стр. 103-118<br>• *Календарската обредност во македонско-бугарското пограничие - компаративни истражувања*, Славишки зборник, бр. 2, Крива Паланка, 2013, стр. 126-147<br>• *Криворечките додолари*, Музејски гласник, бр. 7, Кратово, 2014, с. 23-33<br>• *Штипската пастрмалија(да) – храна, забава, бизнис*, Етнолог, бр. 16, Скопје, 2014, стр. 24-34<br>• *Гатањата во календарскиот обреден циклус во Кратовско и соседните предели*, Музејски гласник, бр. 8, Кратово, 2015, стр. 46-61<br>• *Обредните комплекси во народниот календар на Македонците*, Етнолог бр. 17, Скопје, 2015, стр. 7-25 | 16 |
| 8. | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор (2*3)<br><br>• *Д-р Александра Попвасилева – живот посветен на фолклористичката наука*, Македонски фолклор бр, 69, Скопје, 2014, стр. 5-12<br>• *Кумановскиот крај во контекст на етнорегионалната клсификација на македонскиот етнографски простор*, Македонски фолклор, бр. 70, Скопје, 2015, стр. 23-40 | 6 |
| 9. | Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир (2*2)<br><br>• *Обредниот календар на штипско Ново Село*, Улогата на штипско Ново Село во македонската историја, Штип, 2014, с. 57-75 | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | • *Летник и Невруз – предисламските елементи поврзани со доаѓањето на пролетта во обредниот календар на Македонците со исламска религија*. Во: Македонците со исламска религија во историски и современ контекст, Скопје, 2016, стр. 143-157 | |
| 10. | Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор (4*3)<br><br>• *The identity of the migrants from Shopluk in the new environments of the orher parts of Bulgaria, Serbia and Macedonia*. In: Migration and identity: historical, cultural and linguistic dimensions of Mobility in the Balkans, Sofia, 2012, p-p. 180-191<br>• *The role of the Institute of Folklore „Marko Cepenkov“ – Skopje in the safeguard and presentation on the Macedonian intangible cultural heritage*. In: 2nd International Conference on Cultural Heritage, Media and Tourism, Conference Proceedings, Ohrid, Macedonia, 18-19.01. 2014, Skopje, 2015, pp. 171-177<br>• *Глушчов празник / Глувчев ден (Празник на глувците) - култот кон глувците кај јужнословенските народи*. Во: Балканската култура низ призмата на фолклористичко-етнолошките истражувања, Скопје, 2015, стр. 223-234<br>• *Comparative research on calendar rites on both sides of the Macedonian-Bulgarian border*. In: Contextualizing Changes: Migrations, Shifting Borders and New Identities in Eastern Europe. International Conference, Sofia, 2015, p-p. 552-560 | 12 |
| 11. | Секциски предавања на научен/стручен собир (3*1)<br><br>• *Обредниот календар на штипско Ново Село*, Улогата на штипско Ново Село во македонската историја. Улогата на штипско Ново Село во македонската историја, Штипско научно здружение, Штип, 17.10. 2014 год.<br>• *Летник и Невруз – предисламските елементи поврзани со доаѓањето на пролетта во обредниот календар на Македонците со исламска религија*. Македонците со исламска религигја во историски и современ контекст, МАНУ и Комисија за односи со верските заедници, Скопје, 29.06.2015 год.<br>• *Традиционалната култура на територијата на Општината Ѓорче Петров – најважни карактеристики*, Населбата Ѓорче Петров низ | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | историјата, Општина Ѓорче Петров, Ѓорче Петров – Скопје, 15.9.2016. | |
| 12. | Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество (10*2)<br><br>• *Календарската обредност во македонско-бугарското пограничие - компаративни истражувања*. Културно наследство без граници, Градски музеј Крива Паланка, Манастир Св. Јоаким осоговски - Крива Паланка 13-14.09. 2013 год.<br>• *The role of the Institute of Folklore „Marko Cepenkov“ – Skopje in the safeguard and presentation on the Macedonian intangible cultural heritage*. 2nd International Conference on Cultural Heritage, Media and Tourism, Institute of Social and Cultural Anthropology - Skopje, Ohrid, 17-19 January 2014<br>• *Штипската пастрмалија(да) – храна, забава, бизнис*, Етнотуризмот и етнолошкото културно наследство, Македонско етнолошко друштво, Скопје, 12.09.2014 год.<br>• *Comparative research on calendar rites on both sides of the Macedonian-Bulgarian border*, International Conference: Contextualizing Changes: Migrations, Shifting Borders and New Identities in Eastern Europe, October 8-10 2014, Sofia Bulgaria<br>• *Глушчов празник - култот кон глувците кај јужно-словенските народи*, Балканската култура низ призмата на фолклористичко-етнолошките истражувања, Институт за фоклор „Марко Цепенков“ – Скопје, Скопје, 19-20.12.2014 год.<br>• *Пчињските лазарки (лазарице) - културен мост меѓу Македонија и Србија*, Афирмација, продлабочување и проширување на вековните врски меѓу Македонија и Србија, Конзулат на Р. Србија во Р. Македонија во Битола, Битола, 30-31.10.2015 год.<br>• *Мартинките како симбол на доаѓањето на пролетта*, 35 години Институт за старословенска култура – Прилеп, Институт за старословенска култура – Прилеп, Кратово, 9-11.09.2015 год.<br>• *Обредниот календар на Македонците низ призмата на теоријата на обновувањето на времето на Мирча Елиаде*, XVIII Меѓународен симпозиум за балкански фолклор: „Теорија и емпирија: институционализирана фолклористика во Македонија и на Балканот“, Институт за фоклор „Марко Цепенков“ – Скопје, Скопје, 20-21.11.2015 год.<br>• *Штип, „чет'рсе“ и УНЕСКО – како да се искористи вишувањето на штипскиот обичај на* | 20 |

| | | |
|---|---|---|
| | *репрезентативната листа на нематеријалното културно наследство*, First International Scientific Conference „FILKO“ – Philology, Culture and Education, Faculty of Philology, Goce Delcev University – Stip, 18-19 March, Stip<br>• *Современи државни празници во Македонија и Бугарија*, Современи проекции на културните традиции во европска перспектива: етнолошки, фолклористички и етномузиколошки аспекти, МАНУ и БАН, Скопје, 27.9.2016 | |
| 13. | Одржано предавање по покана на унуверзитет (1*1)<br>• *Календарската обредност кај Македонците*, 46-та Летна школа на Семинарот за македонски јазик, литература и култура, УКИМ, Охрид, јуни 2013 год. | 1 |
| | **Вкупно** | **87,5** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: Дејности од поширок интерес | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Директор на Институт за фолклор „М. Цепенков“ | 6 |
| 2. | Претседател на организационен одбор на меѓународен научен стручен собир (3*2)<br>• Етнотуризмот и етнолошкото културно наследство, Македонско етнолошко друштво, Скопје, 12.9.2014 год.<br>• Балканската култура низ призмата на фолклористичко-етнолошките истражувања, Институт за фоклор „Марко Цепенков“ – Скопје, Скопје, 19-20.12.2014 год.<br>• XVIII Меѓунариден симпозиум за балкански фолклор: „Теорија и емпирија: институционализирана фолклористика во Македонија и на Балканот“, Институт за фоклор „Марко Цепенков“ – Скопје, Скопје, 20-21.11.2015 год. | 6 |
| 3. | Член на организационен одбор на меѓународен научен /стручен собир (6*1)<br>• I меѓународен фестивал на етнолошки документарен филм „Кратово 2012“ | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| | • II меѓународен фестивал на етнолошки документарен филм „Кратово 2013“<br>• III меѓународен фестивал на етнолошки документарен филм „Кратово 2014“<br>• IV меѓународен фестивал на етнолошки документарен филм „Кратово 2015“<br>• V меѓународен фестивал на етнолошки документарен филм „Кратово 2016“<br>• Современост и традиција во Македонија и Србија, Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Скопје, 2016 | |
| 4. | Член на организационен одбор на научен/стручен собир (1*0,5)<br>• Македонците со исламска религија во историски и современ контекст, МАНУ и Комисија за односи со верските заедници, Скопје, 29.6.2015 год. | 0,5 |
| 5. | Учество во комисии и тела на државни и други органи<br>• Претседател на Рецензиона комисија за избор во стручни звања во областа на музејската дејност - етнологија | 3 |
| 6. | Национален координатор за одредена стручна област<br>• Претседател на Македонското етнолошко друштво | 3 |
| 7. | Експертски активности (изготвување на елаборати за валоризација на нематеријално културно наследство) (4*1)<br>• Елаборат за валоризација на обредот со маски „џамалари“ од с. Орашац, Кумановско<br>• Елаборат за валоризација на обредот „еортија“ во Струга<br>• Елаборат за валоризација на обичајот мартинки<br>• Идентификација и класификација на архивскиот материјал на ЈНУ Институт за фолклор „М. Цепенков“ | 4 |
| 8. | Уредник на научно/стручно списание (1*2)<br>• *Музејски гласник*, Музеј на град Кратово | 2 |
| 9. | Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание (3*0,5)<br>• *Македонски фолклор*, Институт за фолклор<br>• *Етнолог*, Македонско етнолошко друштво<br>• *Годишен зборник* на Институтот за историја и археологија при УГД, Штип | 1,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 10. | Член на национална жири-комисија (1*1)<br><br>• Меѓународен фестивал на изворен фолклор „Тодорица 2013“, Св. Николе | 1 |
| 11. | Член на комисија за избор во звање (9*0,2) | 1,8 |
| | **Вкупно** | **34,8** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 34,1 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 87,5 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 34,8 |
| **Вкупно** | **153,4** |

**Членови на Комисијата**

Проф. д-р Анета Светиева, редовен професор, с. р.

ПМФ – Скопје (во пензија)

Проф. д-р Клеанти Ановска, научен советник, с. р., ИФ „Марко Цепенков“ - Скопје, с.р.

Проф. д-р Весна Петреска, научен советник, ИФ „Марко Цепенков“ – Скопје, с. р.